**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на 57-та седница на Собранието на Република Македонија**
**одржана на 16 октомври 2000 г.**

Седницата се одржа во сала I на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше д-р Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по 57-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Марика Јорданова, Чедомир Краљевски, Лазар Китановски, Ванчо Георгиев и Томислав Стојановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот од гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 66 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме по првата точка од дневниот ред.

Има збор г-динот пратеник Илија Филиповски.

Процедурално збор бара г-динот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа патеници, седницата во петокот се прекина поради немање кворум и должам реплика на г-динот Флоровски.

Должен сум, пред да му одговорам на г-динот Флоровски на репликата, да напоменам дека во петокот се случи еден преседан во македонското собрание, г-динот потпретседател на Собранието Томислав Стојановски во улога на претседавач при мојата реплика на г-динот Пандов, искажа пцости кои денес македонските медиуми ги презентираат.

Ние во салата не можевме тоа да го слушнеме бидејќи микрофонот одеше директно преку телевизија и барам на денешната седница г-динот Томислав Стојановски да ми се извини.

Во однос на репликата на г-динот Флоровски би рекол: морам да кажам во оваа моја реплика г-дине Флоровски, вие сакавте да се придружите на нашата партија, на нашата група, но ние не ве прифативме , затоа што во вистинското ВМРО има место за чесни достоинствени и чесни патриоти и одговорни луѓе. Не ни треба Флоровски бидејќи јаде премногу вмровски леб така што многу членови на ВМРО-ДПМНЕ се гладни, бидејќи Флоровски им го јаде лебот. Го изедоа затоа што Флоровски е во сите бизниси од Чаир со огромни износи. Флоровски е посредник во бизнисите на раководството на ВМРО-ДПМНЕ и Флоровски беше еден од организаторите за теророт врз нас пратениците.

Господине Флоровски, ние ја изготвуваме белата книга за бизнисите на ВМРО-ДПМНЕ, во која на видно место се вашите бизниси. Затоа и нашиот претседател Борис Стојменов бараше и сега бара, а ние тоа истото го поддржуваме, да се испитаат прво, вашите бизниси и вашиот капитал, а потоа на сите останати во ВМРО-ДПМНЕ. Вие бевте против белата книга која ВМРО-Вистинска Македонска Реформска Опција ја подготвува од причини да не се откријат сите злоупотреби на првиот ешалон на ВМРО-ДПМНЕ.

На крајот би рекол, рековте ВМРО Вистинска Македонска Реформска Опција која е таа партија? Да ве информирам или да ве потсетам на последните избори, на пропорционалната листа ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција доби 107 илјади гласа, а ВМРО-ДПМНЕ кога ќе се поделат гласовите со ДА доби 110 илјади гласа, и покрај притисокот што го направивте во ВМРО-Вистинска Македонска Реформска Опција.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Александар Флоровски како реплика.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

На вакви небулози јас ретко одговарам, но бидејќи сум повикан пред македонската јавност, изрековте низа невистини, инсинуации, како сакате крстете ги, тоа е ваше право. Јас овде отворено ќе проговорам. Стојам на располагање на секој оној кој ќе најде барем дел учество лично од мене во било каков бизнис да одговарам и пред македонската јавност и пред македонското правосудство и она што значат органи на гонење и органи на судење. Така, овие инсинуации кажувани и на други места воопшто не ме тангираат, туку апсолутно сум чист и тука можете да спроведете и

лична истрага и истрага на вашиот лидер г-динот Стојменов, кој ако не секој ден секој трети ден е во состојба на дилириум и шета по скопските улици да не кажам како. Не би сакал да зборувам, под мое достоинство е, многу добро го познавам вашиот лидер така што не се повикувајте на неговата харизма која апсолутно ја нема и никогаш немал. Околу неговото работење како министер исто така не сакам да говорам, човекот преку ноќ стана мултимилионер, но ќе имаме можеби, здравје, прилика да проговориме за таа работа, така што ви стојам на располагање ако сакате да полемизираме за тоа прашање. Она што некако ме збуни на некој начин е тоа што го говорите дека сте ми нуделе, односно јас сум сакал да поминам во ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција. Јас со тие луѓе работев, ги знам кои се,почнувајќи од вашиот лидер и со сите тие кои ви значат некакво раководство во таа политичка структура. Така, да ви кажам отворено, оттука па до седиштето на вашата партија да е полеано со злато никогаш не би пристапил, знаејќи ги тие луѓе кои се таму.

Инаку, ова пледоаје кое го кажавте овде претпоставувам дека е напишано од г-динот Драги Ивановски или некој друг, но очигледно слабо ве подготвил, но тоа е проблем на вашата презентација, не е мој проблем.

Што би сакал друго да кажам?Немам ништо повеќе да кажам затоа што вашиот однос кој овде го промовирате, а живеете на грбот на ВМРО-ДПМНЕ мислам дека доволно говори и за вашата доблест и за вашата свеста на крајот и за вашата совест. Толку би рекол сега за сега, ви стојат на располагање ако имате нешто друго да кажете.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Черкезов, Реплика.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Г-дине Флоровски, не заради вас туку заради македонската јавност која го следи овој телевизиски пренос, вие како човек од првиот ешалон сте член на повеќе од десетина управни одбори. Што барате вие и во фудбалската организација? Отидовте до таму и во фудбалот да бидете во Управниот одбор.

Што се однесува до партијата ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција, вие немате право да зборувате за тие чесни патриоти и чесни луѓе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ова е веќе втора реплика, има збор г-динот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ме заморува но морам да излезам. Околу ФСМ ќе ви кажам најотворено дека таму сум повеќе во функција на статиста, дури не сум бил никогаш во седиштето. Болката ваша со испаѓањето на вашиот фудбалски клуб во Штип беше моја заложба да се решат одредени проблеми, очигледно не најдовте заеднички јазик со некои други, а не со мене, така што овие обвинувања апсолутно не држат.

Околу ВМРО-ВМРО веќе дадов квалификации,не знам колку е добро повторно да ги повторам тие работи. Нека процени македонската јавност која политичка партија сте, дали после овие две години откако ќе ви заврши мандатот повторно ќе се најдете во овие клупи или ќе бидете дел од историјата политичка и ќе завршите таму каде што ви е местото.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Черкезов, ова е последна реплика има уште право да ви одговори со тоа ќе завршиме со репликите за да можеме да почнеме со работа.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Вие г-дине Флоровски и Вашиот претседател г-динот Љупчо Георгиевски, рековте дека партијата ВМРО-Вистинска Македонска Реформска Опција и сакам така да не условувате бидејќи така е во регистарот нашето име а не ВМРО-ВМРО како што вие сакате и милувате да ве условува со ВМРО-ДПМНЕ нашето вистинско име е ВМРО-Вистинска Македонска Реформска Опција.

Сакам да кажам дека такви залутани луѓе во фудбалската организација направија хаос во фудбалот, да имаме и лажирање на меѓународни средби и еден клуб како "Брегалница" да биде истеран во лига од која нема испаѓање, се заради тоа што седевте такви кои никогаш не сте посетувале ни фудбалски натпревари.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И последна реплика за г-динот Флоровски и со тоа веќе ја затвараме веќе расправата.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Кога се говори треба да се говори со аргументи, немојте смешни работи да кажувате. Се наоѓаме во македонскиот парламент, а не во Управниот одбор на СОФКА за да ги кажувате проблемите со "Брегалница" од Штип. Така, организирајте една тркалезна маса, има до Вас спортски работници, па коментирајте ги состојбите во ФСМ,немојте овде да ги кажувате.

Околу ВМРО, ВМРО веќе се изјаснив еднаш, повторно сметам дека е одвишно да се зборува, така што ќе имате нова можност да проговорите за доблеста на вашата политичка партија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Репликата заврши господине Симев, ќе имате можност во друга прилика да проговорите, но репликата заврши. Ќе ве молам, ќе нема крај на ова. Репликата заврши, три пати дадовме.

(Пратеникот Вангел Симев се изјаснува дека бара збор процедурално).

И вие процедурално сакате да се јавите?

Но ќе ве молам во врска со процедурата, а не со реплики.

Процедурално, има збор г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

На минатата седница бев прозван и од тие причини се јавувам за дискусија, за реплика.

Почитуван претседателе, почитуван јавен обвинител, почитувани дами и господа пратеници, се обраќам посебно до г-динот Пандов. Господинот Пандов искажа многу невистини и многу навреди за нас шесте пратеници кои преминавме од ВМРО-ДПМНЕ во ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција. Нема да ги користам дпмновските навреди, ќе се воздржам. Сакам само да кажам тоа народот нека размисли за какво господин се однесува.

Би сакал да кажам зошто ние преминавме и зошто ја напуштивме партијата затоа што со една програма и идеологија дојдовме ...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, ќе имате дискусија.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Да. Со една програма и идеологија дојдовме на власт, но сосема друга и без програма се работи. Не сакаме да бидеме соучесници. Господинот Флоровски кажа дека јадеме вмровски леб и дека тој е тој што ме предложил. Точно е тоа дека ме предложил за пратеник, но не е точно дека јадам вмровски леб. Јас јадам леб од Министерството за образование.

Исто така, сакам да му кажам на г-динот Флоровски и на Пандов дека тие се тие кои ние ги биравме, а не тие нас, затоа што ние сме на мнозинска листа, тие се на пропорционална листа и ние им избравме претседател на нив.

Исто така, би сакал да кажам дека ние како пратеници преминав од позиција во опозиција, не сакавте да ја злоупотребуваме функцијата која ја имавме. Тие се главните причини.

Господине Пандов, тие што не ги почитуваат државните интереси дали знаете како се викаат? Да ви кажам, тоа се предавници. Знаете ли зошто? Затоа што Вие сте тие кои гласавте за Законот за високо образование и ние шесте пратеници не гласавме за Законот за високо образование.

Господине Пандов, ти се историчар, едно прашање ќе ти поставам од историјата.

Не знам дали знаеш и дали си бил на таа лекција.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, господине Симев ова не е процедурално. Навистина.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Да, да, процедурално. Кога вашиот професор ја предавал.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не е процедурално.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Да, ќе ве молам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ама добро, немојте сега по процедурално прашање дискусија да водиме.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Да, процедурално, сакам да му кажам зошто ние шеста пратеника треба да знае...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Симев, го разбирам тоа, ама немојте така.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Не, не, ќе ве молам да довршам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Немојте така, не е во ред.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ќе ве молам да довршам, уште неколку зборови.

Мора да знае зошто ние шесте пратеници им пречиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе дискутирате, ќе ви дадам збор, саат време ќе говорите.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Јас ќе ви кажам зошто им пречиме. Им пречиме затоа што ние сме тие, секогаш низ историјата имале проблеми вистинските луѓе и вистинските партии, затоа што ние не

припаѓаме на власта, ние припаѓаме на народот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, и времето за реплика ви измина.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Да, завршувам.

На крај сакам да го прашам г-динот Пандов што направил самиот со свои пари и со свои средства? Ќе го молам да ми каже, и со свој труд.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Пандов сега има право на реплика, повикан е, но дајте што побрзо да ги завршиме.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Токму во интерес на седницата, ќе размислам кога ќе бидам слободен, ќе закажам приемен ден за пратениците од ВМРО-ВМРО, консултации ќе направам со нив кога ќе можат и тие да дојдат во некоја од просториите на Собранието за да се исповедаат зошто тие преминале од ВМРО-ДПМНЕ во ВМРО-ВМРО. Би било многу невкусно сега за Собранието тие да го малтретираат да ми се исповедаат мене тука јавно и пред целата македонска јавност. Ќе се договорам после седницата со нив, некој ден во текот на неделата да закажеме средба, кога ќе можат и тие и јас да се погодиме, и да се исповедаат кои се причините зошто преминале од ВМРО-ДПМНЕ во ВМРО-ВМРО.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Еве, и господинот Флоровски беше спомнат во полемиката, повелете.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе бидам краток, бидејќи рековте дека леб јадете од Министерството за образование, мислам дека ќе биде многу лесно да си поднесат оставка и повторно да излезете на гласање. Толку би имал да кажам.

Инаку, евоцирање на спомени, и јас ве кандидирав и јас ве направив пратеник за да седите во овие пратенички клупи, така што ќе биде чесно и доблесно барем пред македонската јавност тоа да го признаете. Вашиот учинок околу вашиот избор беше минимален. Тие што го истрчаа кругот за вас и ве направија пратеник ги исплукавте со тоа што поминавте во друга пратеничка партија. Затоа ви се собраа 150-200 души горе и јавно протестираа. Фала му на бога немаше никаков екцес затоа што добија такви инструкции, но нели, ваша одлука беше, но ќе ви кажа едно: сите оние што заминаа од ВМРО-ДПМНЕ од 1990 година, почнувајќи од Голубовски па до сите други, знаете каде завршија? Таму каде што секогаш и припаѓале.

**САВО КИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Симев, реплика.

Претпоставувам дека навистина е реплика.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Господине Пандов, ти не си наше ниво ние да седиме со тебе да разговараме. И да знаеш дека децата твои ќе се срамат со тебе, што правиш што ќе направиш за овие две години и што ќе правиш и понатаму.

Господине Флоровски, прво да знаеш, ти си ме предложил, тоа е точно, но зад мене стојат граѓаните на изборната единица 82 и тие гласале за мене, господине. Јас имав голем конкурент во мојата изборна кампања, јас сум им тропал на луѓето на врата, на порти. И знаеш што ми рекоа луѓето? Сега ќе ти кажам, бидејќи ме испровоцира да ти кажам. Сакав да се воздржам. Кога влегов на нивните порти, бев братски прегрнуван бидејќи бев со одело ме прашуваа да не си од СДСМ. Не, реков, од ВМРО-ДПМНЕ сум. Смејте се, смејте се. И знаете што ми рекоа? Исти ќе бидете како СДСМ, некои. Јас знаете што им велев, нема да бидеме исти, подобри ќе бидеме. но одеа до таму луѓето, и тие беа другите што ја кажаа вистината, полоши ќе бидете од ДПМНЕ. Вие сте тие што ќе се срами државата од вас. Тоа ми го велеа граѓаните господине Флоровски да знаете. И граѓаните биле во право она што ми го рекоа. Јас не сакам да бидам соучесник.

Во овој момент, ја користам оваа прилика да им се извинам на граѓаните што ги донесов во заблуда да гласаат за ДПМНЕ, затоа што должност ми е сега заедно со нив да се обидеме да ја спасиме Македонија, она што може да се спаси.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, имате право на реплика, но не ги користите до бесвест за да можеме да почнеме со нормална работа.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Да ви кажам искрено, не очекував дека ќе изиграте таква месија улога за спасување на Македонија. Она што го говоревте имавте прилика да го кажете во четири очи кога разговаравме во Радишани, но таква работа воопшто не спомнавте. Требаше да спомнете и во тој контекст да разговараме. Вашите оправдувања зошто си одите од ВМРО ДПМНЕ беа сосема други, ако сакате искрено да говориме во присуство и на Аце и твое и мое разговаравме за сосема

други работи. Проблемите воопшто не ги лоциравте тука каде што денес ги говорите. Говоревте сосема небитни работи но очигледно нешто друго е во игра, нешто поголемо, поосетливо поопипливо. Јас пак ќе кажам, тоа е ваш проблем, ваша одлука. Уште две години ќе бидете во овие клупи. Политичката структура на која припаѓа те 2002 година морам да ви кажам дека ќе нема ниеден пратеник во ова Собрание. Како пример и претходно спомнав, сите тие што избегаа од ВМРО ДПМНЕ завршија на буништето на историјата, уште победно. Може би повторно како пратеник на ВМРО ДПМНЕ ќе имате шанси да влезете, но сметам дека таква работа и таква грешка повторно нема да се случи во Чаир.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Симев, последен пат за реплика, ова тие е третпат и ќе ве молам да прекинеме веќе.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Господине Флоровски, јас немав амбиции да станам политичар. Јас си имам струка, професија. Да знаете дека сум јас д-р на науки, магистрирав на фудбал, докторирав на фудбал и специјализирав фудбал надвор од поранешна Југославија и јас сум единствениот во Македонија. Сакам да ви кажам дека сте вие партија за еднократна употреба кога не сакавте да ја искористите мојата стручност. И самиот напомна дека си залутан во фудбалскиот сојуз, а за мене немаше простор во Управниот одбор на фудбалскиот сојуз.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ**: (Продолжение)

Добро, тоа е ваше ниво, може да викате. Викајте, ајде бидете погласен. И јас со задоволство би се вратил, јас не се откажав, не сум професионален политичар, јас си работам на Факултетот за физичка култура каде што го предавам предметот Фудбал. И немојте да се секирате за мене, јас парче леб имам. И она што сум постигнал во животот се сум постигнал чесно. Баш ме радува што го знаете тоа дека сум чесен. И моја должност е да ги штитам интересите на граѓаните кои за мене гласаа, исто така се дистанцирам од оваа партија, ништо не зборував за вас поединечно, никого не навредив од пратениците, бидејќи овде има и многу фини колеги пратеници. Јас сакам да бидам чесен пред моите, јас сум академски професор, академски граѓанин. Должност ми е да ги штитам интересите на тие чесни луѓе и морам да бидам чесен, не сакам да бидам изválkан. Јас како можам да се појавам пред нивните очи, пред студентите ако бидам нечесен. Тие се тие правите причини,во мојата дискусија кога ќе се јавам ќе кажам и други, сега не сакам да ја злоупотребам говорницата. Од тие причини се повлеков, да ви биде јасно и немам амбиции политички, ниту најмалку ниту материјални немам, сакам чесно да си го заработам парчето леб. Моите примања се доволни да живеам комотно и сум среќен. Ме загрижува тоа што во Македонија има граѓани кои немаат парче леб и ги принудивте да ја напуштаат земјата, затоа што не гледаат никаков интерес, народот го фати апатија и единствен спас гледаат во игрите на лото и игрите на среќа. И ги принудивте да ја напуштат државата Македонија. Тоа многу ме боли, господине.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Да кажам дека ова не е седница на управен одбор на ФСМ и не навлегувам во вашата стручност. Можеби овде има покомпетентни да проговорат околу фудбалот. Впрочем вие бевте и тренер на Вардар, па како завршивте најдобро вие знаете, а бевте ангажиран од еден наш колега тоа е околу вашата заложба за фудбалот во Македонија колку успеавте да ја презентирате Македонија на фудбалски план исто така не би навлегувал, има спортски коментатори, спортски новинари, луѓе кои се бават со тој дел од активностите, тие најубаво ќе проговорат околу вашата стручност. Јас ништо не реков околу вашата наобразба дека сте професор по фудбал и тука не навлегувам. Можете да полемизирате со некој кој е на исто ниво барем околу спортот со вас и тука јас се дистанцирам.

Околу она второто кое повеќе ме здоболе, пред се како Македонец и како патриот во кое никогаш не треба да се сомневате дека ВМРО-ДПМНЕ како политичка структура ги натера Македонците да се иселуваат од Македонската држава, мислам дека воопшто не држи. Таквите атрибути вие ги делевте до вчера за СДСМ. И истото нас да ни го префрлувате, а до вчера припаѓавме на иста политичка партија со исти цели, со иста програма, мислам прво дека не е чесно пред самиот себеси, т.е. пред вас и да го говорите пред македонската јавност.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Навистина чувствувам потреба како пратеник во овој состав на Собранието на Република Македонија да изразам личен протест на начинот на кој што се одвиваат комуникациите меѓу пратениците. И од секогаш од започнувањето на моето учество во овој Парламент, од секогаш сум се

залагал за одреден коректен однос. Мислам дека ова Собрание не треба да биде понатаму доведувано во ваква ситуација пред очите на македонската јавност да се расчистуваат некакви си условно речено нерасчистени сметки. Имаме сериозни теми. Практички од кога завршија локалните избори Собранието имам впечаток дека е под една позиција на блокада и на опструкција и постојано се влегува со реплики, со процедурални работи и се расчистуваат некои работи што на пример воопшто не се интерес на пошироката македонска јавност. И затоа сакам процедурално да ја искористам можноста како пратеник да апелирам до сите пратеници на еден коректен и достоинствен однос, бидејќи и вон оваа сала и надвор треба да останеме пред се луѓе и пратеници. Она што меѓу некои пратеници не се расчистило, и треба да се расчисти, оној кој што чувствува потреба нека го расчисти тоа таму каде што треба и молам да не се злоупотребува говорницата, закажана е вонредна седница, во петокот немавме кворум а беше закажана вонредна седница по барање на пратеничките групи. Молам да не се злоупотребува оваа говорница перманентно да бидеме во состојба да работиме како Собрание, бидејќи граѓаните на Македонија го очекуваат тоа сеуште од нас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас би сакал да укажам на едно. Достоинството на ова Собрание е сублимат на личното достоинство на секој од нас. Колку ние ќе се почитуваме меѓу себе, толку ќе не ценат и граѓаните од аспектот на достоинството на институцијата. Затоа јас би сакал во оваа ситуација да се навратам на она што господинот Черкезов на почетокот го кажа доколку е тоа вистина дека имало и пцовки во Собранието особено од оваа говорница, јас не знам. Јас лично ќе побарам од мојот потпретседател господинот Стојановски да се извини, ако е тоа така. Јас не бев тогаш на седницата и не знам. Вие тврдите. Јас ќе побарам, затоа што навистина не доликува ниту во обичен разговор тоа да се употребува, а да не говориме овде пред македонската јавност и во меѓусебното комуницирање. Верувајте, колку ние се почитуваме меѓу себе, толку и ќе внесеме дел од политичката култура во пошироката јавност меѓу граѓаните. Затоа сакам само толку да укажам на почетокот, не прифаќајќи го тоа што веќе се случило, ако се случило, бидејќи јас немам веродостојна информација, но тоа може да се провери, имаме и тонски запис и тоа може да се провери.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Реплика на господинот Пранговски. Почитуван господине претседателе, почитуван господине обвинителе, почитувани колеги пратеници, почитувани граѓани кои што го следите овој пренос на седницата на Собранието, ме зачудува големата загриженост на господинот Пранговски за наводно некои повисоки интереси за работата на Собранието и дека овие теми за кои што денеска ние расправаме овде кои што се важни како да не се од некое приоритетно значење. Јас колку да ве потсетам би сакал да напомнам дека македонскиот Парламент точно од причини кои што ги знае само раководството на партиите кои што се во владејачката структура повеќе од два месеци не работеше. Од кои причини не работеше кога имаме толку горливи теми. А да не расправаме на оваа седница господине Пранговски, кога во Охрид, кога во Кондово, кога и во други делови на нашата Република се случуваат настани кои што го туркаат демократскиот имиџ на државата Република Македонија која што го стекна скапо и скапо го плати во овие 10 години, мене ми се чини дека токму заради не разрешувањето на тие прашања овде во оваа сала, во ова Собрание работите се одвиваа така на теренот низ Република Македонија. Јас мислам дека не треба да се правиме слепи, дека треба овде да ги осудиме настаните што се случија пред, за време и после овие локални избори. Ако има некоја поважна тема, а јас мислам дека најважно е тоа што овде сме сите ние дојдени по разни основи од разни политички партии, но во името на граѓаните на Република Македонија кои што не плаќаат да седиме во овој дом, да носиме закони, но и да вршиме контрола над извршната власт. Така што не може да се дава приоритет на некои други прашања, а низ државата да ни се случуваат нас работи кои што не доликуваат за XXI век.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Јас колегата Звонко Мирчески воопшто не го спомнав во мојата дискусија, меѓутоа му благодарам што ми отвори можност јас да му реплицирам на неговата реплика. Всушност со неговата дискусија ја потврди мојата дискусија. И мислам дека ако го сфатив правилно дека сме истомисленици. Бидејќи јас и понатаму мислам дека повремено оваа говорница се употребува, да не речам злоупотребува за расчистување на одредени нерасчистени некакви сметки меѓу поранешни членови во

една иста политичка партија. И мислам дека македонската јавност не е должна постојано да биде бомбардирана и малтретирана со такви работи. Не викам дека тоа не е важно, и не кажав во ниеден момент дека тоа не е важно, меѓутоа апелирав на еден коректен и достоинствен однос кон пратениците како пратеници и пред се како луѓе и како граѓани на оваа држава. И она вие што пред малку рековте, колку меѓу себе се почитуваме, толку ќе не почитуваат и тие граѓани. И понекогаш дозволете ми, тоа е мој впечаток дека ние многу далеку под тоа ниво дискутираме од оваа говорница и ова Собрание. Од друга страна мислам дека сме истомисленици, бидејќи јас всушност и се залагам понатаму оваа говорница и овие собраниски саати да не се злоупотребуваат, да се кажува кој од кои причини излегол и од кои причини влегол во друга политичка партија, туку Собранието да се сврти да дискутира и да работи по она што е точка на дневен ред, а тоа е вонредната седница која што беше закажана по барање и на групата пратеници од ВМРО-ВМРО, односно од ВМРО-Вистинска. Во однос на случувањата за Охрид ве молам да не се прејудицира, бидејќи случувањата во Охрид се работа за која што допрва ќе дискутираме од оваа говорница.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитуван претседателе, се сложувам со колегата Пранговски дека имаме од прилика исти размислувања кон проблематиката, но за да бидеме сосема исти во размислувањата би сакал да го слушнам неговото мислење бидејќи кога ние се боревме, информацијата во врска со настаните што се случија пред нашите домови и со каменувањата на нашите семејства, колку што се сеќавам не покажаа тогаш таков интерес пратениците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам со ова да ги прекинеме сите процедурални расправи и да поминеме на материјална расправа.

Има збор господинот пратеник Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници и гости, вообичаено во овие две години во Собранието се јавувам со дискусија за економски теми, сметајќи дека унапредувањето на економијата во нашата држава *ќе* реши голем дел од напластените неекономски проблеми. Но, овој пат вознемирен, загрижен од тоа што се случуваше во Македонија на локалните избори, со изгубениот живот на Јакупи, тешко повредениот Александар Минов кој се бореше за својот млад живот и многу повредени, се определив да се јавам со дискусија. И најпрво да изразам сочувство на семејството Јакупи за нивната не надомеслива жал, на Александар Минов да му посакам успешно без последици оздравување и на сите повредени и малтретирани граѓани жал за беззаконието кое владееше тие денови. Не можам да се оттргнам од непримерното шоу на пратеникот Филип Петровски на оваа говорница со рацете во џеб, со лична тема, во услови на убиство и тешко повредени граѓани за избор на градоначалник. Добро рече пратеникот Горѓи Спасов, човек може да заврши факултет, но да нема основно образование.

Со мојата дискусија ќе се задржам на мојата општа оценка за изборите за тоа колку беа фер и демократски, за конкретни случувања во една општина. И на крајот сакам да му одговорам на пратеникот Пандов за неговите очекувања за формирање светли крила во Социјалдемократскиот сојуз. Но, пред да почнам, следејќи ги првите дискусии во Собранието, а и денешните реплики, сакам да истакнам дека се плашам со дискусиите и оценките за изборите да не се повторат локалните избори, но сега во Собранието, секој да ја брани својата страна без да се каже вистината и да се извлечат објективни оценки за немилите настани и најважно во ист кош да не се ставаат жртвите и насилниците убијци. Сите жртви се на страна на опозицијата, близу до памет, сигурно е дека сами по себе не си пукале. Последните парламентарни избори во 1998 година ги спроведе Социјалдемократскиот сојуз во услови кога неговиот рејтинг со спроведувањето на реформите беше значително опаднат. Но, Социјалдемократскиот сојуз не се определи власта со насилие да ја задржи, туку се определи за фер и демократски избори. Тоа се случи за што имаме признание од Коалицијата за промени и од Меѓународната заедница. По тој добар пример нормално беше да се очекува дека така ќе се одвиваат и претседателските и локалните избори во Република Македонија. Но, се случи употреба на огнено оружје, убиство, тешко повредени, насилие, страв, поткуп и што уште не. Наместо да се применува нашиот добар пример од 1998 година, власта го употреби примерот од Албанија од 1996 година. Сегашните локални избори во Албанија и локалните, парламентарни претседателски избори во Југославија

немаат употреба на огнено оружје, убиства, тешко повредени. Во Југославија имаше кражба на резултати слични како што Луковски и Дулиќ во 1999 година го правеа кај нас. Изборите за граѓаните треба да претставуваат празник, слободно да ја искажат својата волја, а не да се плашат дали ќе бидат избркани од работа од јавните претпријатија, или да бидат претепани, или убиени. Голем број на граѓани се прашуваат, која е потребата да излегуваат на гласање ако група на мафијаши во државата ги решаваат изборите и тие остануваат неказнети. Не се казнет ниту за убиство, тешки повреди на граѓани и повреди и насилие над пратеници и слично. Дали власта со тоа дава сигнал на граѓаните дека изборите не зависат од граѓаните, туку од мафијата како што вели пратеникот Флоровски за пратеникот Симов дека тој го направил пратеник, а не граѓаните. Во поголемиот дел од нашава држава немавме слободни избори. Подоцна со некои примери ќе сакам за ова да изнесам и аргументи. Знаете, ако немаме слободни избори, слободно изразување на волјата на граѓаните, значи немаме демократија, а ако немаме демократија, не можеме да очекуваме брзо вклучување во евроатланските структури. Па затоа најголем губитник е целиот македонски народ. Убеден сум дека досега нашата власт беше донекаде амнестирана од Меѓународната заедница за своите недемократски постапки од потребата за одржување стабилност на овој дел од регионот поради случувањата на Косово и Србија. Но,со новата власт во Југославија не демократските постапки на нашата власт ќе бидат казнувани и осудувани што ќе биде на штета пак на македонскиот граѓанин. Непосредно пред изборите, а особено после првиот круг откако власта ја слушна пораката од народот дека повеќе не им верува на големите лаги од парламентарните избори, се дрзна да внесе страв и се закануваше на дел од медиумите дека ќе ги урне нивните работни простории, почна да се меша во деловната политика на акционерски друштва, банки дали одобриле кредит и кому и зошто отпишале дел од побарувањата како да акционерите кои седат во управниот одбор се мали деца и не знаат што прават. Со тоа власта му нанесува удар на акционерството во Македонија, го урива угледот на монетарната власт која по сите закони е должна да го контролира работењето на банките. Тоа не е надлежност на Министерството за внатрешни работи. Купувачот, најголем должник Фондот за здравство се заканува на акционерско друштво дека нема да работи со таа фирма додека не го промени генералниот директор, наместо да се извини што не ги платиле своите долгови спрема тоа претпријатие. Премиерот на митинг изјавува дека една од македонските банки изгубила 70 милиони долари не познавајќи што се пласмани, а што загуби. Се прави хајка со ревизија на приватизацијата наместо надлежните органи постојано да вршат контрола на работењето на фирмите и грешките да се казнуваат, но од судски органи, а не од Министерството за внатрешни работи и слично. И нема крај на методите за внесување на страв кај народот. Најлошото во целиот овој каламатијас е што власта фирмите ги дели на наши и ваши, однесувајќи се како партиски шеф, а не како Влада што треба да создава услови за работа за сите фирми подеднакво, а за грешките надлежните органи исто така сите фирми подеднакво да ги казнува во судска процедура. Со овие лоши примери власта им дава сигнал на странските инвеститори дека во Македонија сеуште не владее правото, туку владее силата над правото, а во такви услови тие не доаѓаат и граѓаните на Македонија ќе продолжат да се политизираат и да живеат во сиромаштија. Сето ова што се случува е како да се враќаме во времето на тоталитаризмот, но поточно во 50-тите години, или ако сакаме во современото владеењето на нашата власт е многу слично на владеењето на Милошевиќ. Да се потсетиме, кој затвораше генерални директори на фирми вон судски постапки и поставуваше свои луѓе за директори за полесно да ги извршува своите финансиски цели, прогласуваше погодни и непогодни професори, формираше полиција која ќе влијае на сите процеси на животот во Србија, кој го застрашуваше народот и створаше непријатели. Но, се надевам заврши така како што му пресуди српскиот народ.

Јас ќе се задржам на еден феномен кој сум убеден е специфика само во Македонија, а тоа е масовното полнење на кутии. Примерот го земам од изборот за градоначалник во општина Чаир. Во првиот круг гласале 52,27% од избирачкото тело, а во вториот круг гласале 43,38%. Албанскиот електорат во првиот круг гласал за кандидат на ДПА господинот Ракиб Дочи, кој добил 4.289 гласа, а во вториот круг доби само 418 гласа. Албанскиот електорат во вториот круг гласал со над 80%, а македонскиот со околу 30%. На пример во месната заедница Љуботен основно училиште "Лиман Каба"

изборни места 2953 и 2954 населени претежно со Албанци кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Аце Миленковски во првиот круг добил само 9 гласа, а во вториот круг добил 1242 гласа, односно повеќе 1.231 глас. Наспроти тоа господинот Ракиб Дочи во првиот круг добил 1.115 гласа, а во вториот само 4, односно помалку 1.111 гласа.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:** (Продолжение)

Во Месната заедница "Васко Каранѓелески", Основно училиште "Никола Вапцаров", Аце Миленковски од ВМРО-ДПМНЕ во првиот круг добил 872 гласа, додека во вториот круг 2741 глас односно повеќе 1869 гласа. Кандидатот на ДПМ Ракиб Дочи во првиот круг добил 1031 глас, додека во вториот 84 односно 947 гласа помалку. И така да не ги редам другите изборни места населени со Албанци, бидејќи состојбите се исти.

Кандидатот на Здружената опозиција на Македонија господинот Ристе Бислимоски, во првиот круг доби најмногу гласови и тоа повеќе 2015 во однос на господинот Аце Миленковски од ВМРО-ДПМНЕ, а вториот круг изгуби со 2342 гласа.

Господинот Аце Миленковски, во вториот круг само од горенаведените два примери добил повеќе 3100 албански гласови.

Би бил многу среќен и задоволен доколку албанскиот електорат навистина со гласање се определил за подобриот кандидат за градоначалник, не водејќи сметка за националната определеност на кандидатот. Но секој разумен човек би се запрашал ако е така зошто тоа не го направиле во првиот круг. Дали е можно расположението на граѓаните за две недели скоро 100% да се смени. Одговорот на ова прашање, што сите можеа да си го постават е пак со податоци аргументирани. Имено од 190 гласачи што гласале до 18,00 часот, во 19,00 часот гласале 658 односно за еден час 468 гласачи. Изборно место 2935 од 310 во 18,00 часот, гласале 677 до 19,00 часот, или 367 гласачи повеќе за еден час. Изборно место 2936 од 470 во 18,00 часот, гласале 897 во 19,00 часот, или 427 само за еден час. Сигурен сум дека на сите пратеници и граѓани кои ја следат седницата им е јасно дека не е можно, на едно изборно место за еден час да гласаат 468 граѓани или 367 граѓани, или 421 граѓанин. Треба ли да објаснувам како се случило тоа. Мафијашите криминалци на власта ги тероризирале под принуда контролорите на СДСМ и членовите на изборните комисии и ги наполниле гласачките кутии. Важно е уште еднаш да потенцирам дека албанското гласачко тело, особено ова што е после 18,00'часот не излегло на гласање но нивните ливчиња криминалците ги имаат фрлено во кутија.

Моето прашање до сите пратеници е кој го злоупотребува албанското гласачко тело и која е цената за таа злоупотреба што треба да ја плати целиот македонски народ.

Господине Замир Дика сакам да ве прашам, после вашето пледоаје во четвртокот за загриженоста за албанската националност во Македонија која ви беше потребата да го уривате достоинството на својот род со употреба на криминалци, да ги полнат кутиите на кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ без излегување на гласачите. Овде немате можност да речете дека тоа го направила ПДП или СДСМ.

Вториот дел од моето прашање е дали ќе најдеме сили овој начин на уфрлување на гласачки ливчиња да го осудиме и организаторите односно поттикнувачите на тој вид на полнење на кутии да ги повикаме на одговорност. Ние како Собрание одговорноста ја бараме од носителите на функциите избрани од нас, кои тоа го дозволиле. На тој начин можеме да го вратиме достоинството на граѓаните што му одзема мафијата и да ја вратиме слободата во изборите.

Покрај мојата определба против полнење на кутиите, можам да наведам многу примери на постапки спротивни на изборните закони кои од највисокиот врв на државата не се почитуваат. Еден од нив е пред вториот круг на гласање во Чаир, премиерот за време на молкот во петокот свечено ја пушташе во работа Топланата Север. Или пак злоупотребувани се деца од еден од професорите, да вршат притисок на родителите како да гласаат. Или на улица "Дижонска", мафијаши, дилери на дрога со огнено оружје да вршат притисок на граѓани за кого да гласаат. Има многу примери на нецивилизирано однесување за кои можам да зборувам,, Во Маврово, особено во првиот круг осуденици на повеќе години затвор, со употреба на огнено оружје ја нападнаа опозицијата, а во повторениот круг на по софистициран начин, со класичен поткуп на граѓаните и страв за откази од јавните претпријатија ги добија изборите. Сведок бев во Маврово во повторениот прв круг, за максималната ангажираност на возилата од јавните претпријатија. Ништо подобро не беше и во село Могорче општина Ростуше, во првиот круг и повтореното гласање.

Заеднички именител на сите наведени инциденти е Коалицијата на власт со криминалци и мафија за да се добијат

изборите по секоја цена. Договорот меѓу нив е власта да ги добие изборите а криминалната структура да биде ослободена од сите обвиненија. Како поинаку може да се толкува, криминалците кои ги направија инцидентите слободно да шетаат по улиците, а власта да не може да ги најде и да ги седне на обвинителна клупа. Но за среќа на Македонија огромното мнозинство на гласачи гласаа против власта и покрај сите притисоци и покажаа дека легитимитетот на натамошното владеење им е одземено.

Како што почнав така и ќе завршам.

СДСМ во 1998 година ги организира и спроведе парламентарните избори и за тоа ги доби сите позитивни оценки за фер и демократски избори, од домашната и меѓународната јавност, од тогашната позиција. Денешната влас ги организира и спроведе локалните избори 2000 и мора да ја прифати оценката на домашната и меѓународната јавност дека изборите во најголемиот дел од државата поминаа во насилие, страв и поткуп и со тоа да ја преземе и одговорноста што произлегува од тоа.

Не можам да се согласам со дел од дискутантите од позицијата чија оценка е ниска како и мојата дека имаше терор и насилие но дека одговорноста е на власта и на опозицијата. Тоа е како жртвата и убиецот да ги ставите во иста вреќа. Сега малку да му се обратам на пратеникот Пандов.

Прво, тоа што ја вмешавте господине Пандов студентската организација, после демантот на претседателот на таа организација се надевам ќе имате доблест од оваа говорница денес да им се извинете.

Второ, селските буни за кои вие зборувавте ги направивте вие два таму да ги освоите гласовите, бидејќи не можевте да направите градски буни, не можевте во Скопје, Битола, Прилеп итн. да направите такви буни, бидејќи граѓаните целосно се разочарани баш од вашите остварувања во однос на ветувањата што ги давате.

Трето, што се однесува до светлото крило во СДСМ сакам да ви кажам дека во СДСМ има многу светли крила и мотори кои го осветлуваат тунелот Македонија кој е затемнет од Вашето владеење. За ваша жалост во СДСМ нема раскол, има демократија и секој може да изнесува свои ставови и мислења, а по нив партијата во демократска процедура ќе си изгради свој став. Кај нас нема насилие како кај вас. Го избркавте Змејковски, и тој формира нова партија ВМРО-ВМРО, а од 1990 година до денес можете ли вие да изброите колку фракции од вас се одделнија и формираа нови партии. Колку што јас се сеќавам на пример ВМРО-Татковинска, ВМРО-Демократска партија, ВМРО-ДОМ, ВМРО-ВМРО и така натаму. За ваша жалост во овие 10 години СДСМ такво задоволство не ви пружи нема да ви пружи.

Четврто, што се однесува до дијалогот меѓу позицијата и опозицијата, тоа пред се треба да се остварува во Собранието. Но во Собранието, во расправата како да постојат два различите света. Опозицијата ви нуди аргументи, еве конкретно денешната тема, да се утврди фактичката состојба, а вие од позицијата зборувате за ланскиот снег и така натаму. Така не може да се прави дијалог. Се знае, секогаш позицијата е таа која треба да создаде услови за дијалог.

Потсетете се како СДСМ кога беше во позиција вршеше консултации со сите парламентарни и вонпарламентарни партии. Земете го примерот од изборните закони. Можеби тоа не беше доволно, но зошто тоа вие не го продолживте и не го развивте, особено кога сите важни закони кои се носат во ова Собрание, се носат во една фаза без можност опозицијата да се вклучи во расправи и после се носат недоволно добри закони за што сме сведоци од денешниот дневен ред и закони донесени на јуриш во јуни а денес ги менуваме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Филиповски за учество во расправата.

За реплика се јавува господинот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Бидејќи бев прозван, господине Филиповски ќе ви реплицирам за две работи. Една работа што ја кажавте и една што не ја кажавте,односно намерно ја премолчевте. Очигледно дека ве интригира или иритира ставот, односно начинот на кој јас ги соопштив моите ставови односно моите мислења и добро е тоа. Коментарот мој е следен: Личен избор е сечив, на било кој пратеник на кој начин ќе настапува и како ќе ги соопшти своите ставови. Јас како млад човек мислам дека е подобро кога се обраќам од говорница да бидам малку пословоден и да не читам референти како да сум на партиска седница на ЦК-СКМ. Очигледно дека на вас тоа не ви смета па вие на тој начин ги соопштувате вашите ставови. Согласно демократските

убедувања, односно начинот на кој јас размислувам мене не ми смета кова вие читате реферати. Меѓутоа оставете малку и на другите простор на свој индивидуален начин да ги соопштуваат ставовите односно своите мислења како мислат дека треба да настапуваат во Собранието. Тоа е прва работа.

Втора работа што ја премолчивте и тоа не само вие туку и уште неколку дискутанти претходно, јас немам намера да ги именувам за да не ви отворам некој голем простор за реплики, освен на вас. Премолчивте една работа која што исто така беше составен дел од мојата дискусија, тоа што зборував за досието. Едноставно сметам, со тоа што се определувате да критикувате како јас сум стоел на говорница и дали сум имал рака во џеб и дали било тоа сериозно или несериозно, а премолчувате прогон на државата кон 24 годишен студент, јасно укажува на тоа дека вие и денес сте спремни и способни да поддржите една таква манифестација односно дека вие во вашите демократски напори да се вратите на власт се спремни едно но да ги премолчите тие работи. Со тоа на мене ми давате за право да заклучам дека сте спремни повторно да ги примените истите методи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има реплика господинот Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, за настапот кој како настапува граѓаните ќе оценат дали мојот настап беше добар, или на господинот Филип Петровски. Меѓутоа, нека не ми уфрлува зборови што јас не сум ги рекол.

Темата за која ние денес расправаме е прашањето на локалните избори а не досиејата. Досиејата можат да дојдат исто на дневен ред и кога ќе дојдат и за нив ќе расправаме така како што ќе расправаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Флоровски бара реплика.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас не бев во сала и она што господинот Илија Филиповски го кажал успеав да го дознаам од моите колеги. Чаир беше спомнат во контекст дека нивниот кандидат во првиот круг водел со 1980 гласа разлика, а изгуби со 2342 гласа. Впрочем тоа е умешноста на политиката. Такви случаеви имавте во 1998 година. Колку за пример.

Во 1998 година, нашиот кандидат Александар Тортевски, во првиот круг во Центар водеше со 1490 гласа разлика и изгуби во вториот круг од Вашиот кандидат Нано Ружин со 1800 гласа разлика. Сега јас тука не можам да се сомневам дека нешто се правело. Значи победата била чесна и тука можеме да ставиме точка.

Околу гласањето на Албанците, еден податок како показател, за попластично да ги прикажам работите, дека гласале многу, ставале ливчиња и така натаму.

Вашиот кандидат Начевски, во село Љуботен, од можни 1430 гласа во 1998 година, добива 1400 гласа. Значи бројка од 97,98%. Зарем треба да се сомневам јас во тие работи дека луѓето ставале ливчиња таму. На крајот на краиштата има органи кои треба тоа да го потврдат. Така да сомнежот кој го покажувате воопшто не држи.

На крај можам да ви кажам дека таму каде што Албанците гласале масовно, како општина, како комитет ги преземавме сите активности. Во Љуботен е асфалтирам пат од два километри и сто метри.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:** (Продолжение)

Јас не стоев на улица Дижонска, асфалтирана е целата улица, така да не држат обвинувањата дека Албанците само бутале ливчиња. Масовно е едноставно гласањето тоа што она што го ветивме го направивме. Не треба секогаш сомнеж да се покажува кон албанското гласачко тело дека секогаш манипулира. Истите тие Албанци кои 1996 година, 1998 и 1994 година масовно гласале за вас, ние не покажавме воопшто ни тронка сомнеж. 1994 година нашите обвинувања беа сосема други и апсолутно држат тие. Многу пати некои од вашите дискутанти отворено кажаа, впрочем тука имаме и бивши претседатели на Собранието отворено покажаа сомнеж дека 1994 година се направени фалсификати во оваа држава што впрочем што не е никаква тајна така да овие обвинувања апсолутно не држат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Филиповски има да одговори, па потоа господинот Пандов бара збор.

Повелете господине Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Јас не обвинував дали Албанците гласале, или не гласале. Јас обвинував факти за полнење на кутии. Јас ќе го прашам господинот Флоровски возможно ли е за еден час 450 гласачи да излезат на гласање и да гласаат. Дали е тоа возможно?

Второ, ако е тоа возможно нека каже како е тоа возможно и зошто од 12 саати правиме избори, ако може за еден или два часа да се направат изборите во одредени изборни места.

Второ, ако веќе се асфалтирале улици можно ли е за две недели да се промени 100% гласачкото расположение на граѓаните? Можно ли е тоа? Не е добро да се брани тој факт. Господине Флоровски не можете да го одбраните и не е добро да го одбраните, подобро замолчете.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има реплика господинот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас господин Филиповски не знам од каде имате сознанија дека за саат време се наполнети 450 гласачки ливчиња кога вие воопшто не се појавивте во Чаир. Вие ако присуствувате на изборите сигурно тоа било во општина Центар. Не знам од каде ви се сознанијата дека за едек час се ставени 450 ливчиња или излегле 450 души да гласаат. Конкретно посочете го местото каде било тоа. Дали било тоа Љуботен, дали било улица Дижонска, дали било улица 10 во Долно Оризари, кажете конкретно за што се работи и ќе ви одговорам. Јас не бегам од одговорноста, но кажете факт и аргумент, да не се говори на памет. Технички се е можно. Најнормално, одат и гласаат луѓето затоа што имаат едно гласачко ливче. Ги нема"чаршафите" од првиот круг, излегува и гласа зошто да не е можно. Може теза да се развие по ова прашање и да се организира тркалезна маса дали може за еден час 450 души физички да влезат во салата и да ги уфрлат ливчињата. Можно е. Но вие кажете ми каде за еден час гласале 450 души. Конкретно да говориме, да не говориме на памет.

Ако се однесува до Чаир, за другите општини не би сакал да полемизирам, не сум учествувал таму на изборите. Инаку, изборите во Чаир ги водев јас и бев буквално присутен на секое гласачко место. Немавме никакви проблеми со СДСМ, имавме проблеми со господата од другата политичка структура, која се цепи од нас. Со СДСМ немавме ништо апсолутно во Чаир, изборите поминаа, можам да кажам и коректно и релативно мирно по тоа прашање. Кажете за кое место се работи и ќе разговараме, ако ни допушти и претседателот на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Филиповски по втор пат барате збор. Повелете.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Технички веројатно е возможно и 5.000 гласачи да гласаат во една единица, меѓутоа физички е невозможно. Да кажам за кои изборни места, да повторам, бидејќи јас тоа го кажав.

Изборно место 2934 од 190 гласачи кои гласале до 18 часот во 19 часот гласале 658 односно за еден час 468 гласачи.

Изборно место 2935 од 310 гласачи до 18 часот, во 19 часот гласале 677 или 367 гласачи за еден час.

Изборно место 2936 од 470 гласачи во 18 часот гласале 897 во 19 часот или 427 за еден час.

Податоците се земени од Штабот односно од изборната комисија бидејќи таму се води тајминг, до 18 часот гласале толку, или до 14 часот гласале толку до 19 толку.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вклучете го господинот Флоровски последен пат, бидејќи е ова реплика.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас такви податоци не поседувам. Нашите податоци говорат нешто сосема друго. Претпоставувам дека тие податоци се од Републичкиот штаб на СДСМ, ако не се лажам. За такви податоци не би можел ништо да говорам. Можам да говорам за она што беше фактичка состојба и она што се случуваше во текот на цели тие 12 саати, така да податоците кои ги презентира господинот Филиповски за мене се валидни, затоа што нашите податоци говорат нешто сосема друго.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Македонската телевизија известуваше секој час односно во 18 часот колку биле излезени, според тоа мислам дека податоците се реални и немам потреба за да шпекулирам со тие податоци, ниту СДСМ.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас воопшто немам потреба да шпекулирам со податоци. Говорам врз основа на она што се случуваше на терен. Она што луѓето ни јавуваа ние веднаш ги внесувавме и го известувавме Републичкиот изборен штаб, така да сметам дека ова што јас го презентирам е она валидното, така да не треба да се доведува во сомнеж она што сега го презентирам, затоа што тоа така било и така се одвивало.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Пред се да му заблагодарам на колегата Филиповски кој што ме прозва по прашањето за студентите. Ако некој грешно ме разбрал, а било кој студент јас веднаш му се извинувам, а ќе ја искористам можноста да појаснам во кој контекст го ставив Сојузот на студенти во плановите А, Б и Ц, не знам по која буква е регистрирано во вашата партија односно во дел од вашето крило.

Имено, пред се за поширокта македонска јавност мислам дека е познато, ако не е тоа така тогаш претседателот на Сојузот на студенти е активен член, тоа го има кажано на јавна сцена, во медиумите беше објавено дека е член на вашиот партиски подмладок,или на партијата, не знам каде се води, но дека е член на СДСМ. Тоа е број еден.

Втора работа, во последно време многу често може да биде виден со партиски функционери, исто така на дел од крилото кое што го предлага господинот Црвенковски и Бучков. За каков план се работи. Имено, веднаш да објасни господинот Пандов. Апсолутно стои позади секое барање на студентите кое подразбира, а биле такви барања има и ќе има и никогаш на тие барања нема да има крај, и јас тие барања ги поддржувам. Тие се подобри услови за сместување, подобра исхрана во студентските домови, подобар однос на професорите кон студентите и други работи. Околу сето тоа и Пандов и цела пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ не би си дозволил за коалицијата да зборувам стои позади тие барања и максимално она што може да помогне, со оглед на средствата со кои располагаат дотичните министерства, тоа се пред се за образование и урбанизам ги помага.

Постои една друга работа која што во обландата на сето тоа би сакал претседателот на Сојузот на студенти да го направи, а тоа е околу, за вас за мене не, член 198.

Јас тука нешто да појаснам. Јас јавно, најјавно што може да биде во Собранието гласав за Законот за високо образование. Јас го бранам тој закон и сите членови што се во него. Ако вие како политичка партија не ви се допаѓа тоа можеме повторно да разговараме тука. Немате никакво право, дали вие како пратеник Филиповски, или пак крилото во Партијата да го злоупотребува Сојузот на студенти, да предизвикува студентски протести, или не знам што ли не само затоа што некој имал желба да прави и сега во таа конотација да предизвикува уривање на институциите на системот, предизвикување јавни немири нереди, во случај да успее сето тоа, само заради некоја група на луѓе која сака да се врати назад на власт. Пандов во тој контекст го зборуваше. Тоа го тврдам и од каде ни се тие информации. Таму имаше некои небулози дека Пандов користи информации од Агенцијата за разузнавање, до ДБК, не знам од кого. Не, треба да ви биде јасно и на претседателот на студентите дека тоа не е општински клуб или некој огранок на СДСМ, туку во тој сојуз на студенти членуваат луѓе студенти, кои што се по убедување од различна провинција, луѓе кои што веруваат и во идеите на ВМРО-ДПМНЕ. Такви студенти дошле во партијата и го кренале тоа. Како поткрепа на тоа информациите се дека веќе биле ставени на филмови, филмови е пред фаза на печатење да оди и рекламен материјал за повик на такви студентски протести. Кога се случува вашиот дебакл, на вториот и на третиот круг на избори сето тоа се разводнува и таа акција пропаѓа. Повторно ќе се вратам на почеток не се работи за никаков атак на студентите, уште помалку на студентскиот сојуз, само појаснување и објаснување дека таму некоја мала група на студенти сакале да ја злоупотребат функцијата на Сојузот на студентите и да прават во режија на политичка партија, да се стават во функција на политичка партија и да го злоупотребат сојузот за правење и реализирање на некои политички цели и амбиции на некои луѓе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господин Филиповски можеме ли да прекинеме.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Господин претседателе јас се сеќавам во време на изборите на претседател на Сојузот на студентите сегашниот претседател се декларираше јавно дека е непартиски. Не знам од каде му се овие институции на господинот Пандов. Тоа е прво.

Второ, мислам дека не е коректно студентската организација да ја поврзувате се СДСМ. Мислам дека тоа не е коректно.

Јас повеќе не би зборувал.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави односно за реплика господинот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Бев прозван со име и презиме, ми се допадна почетокот на дискусијата на господинот почитуван колега кој рече дека јас се занимавам повеќе се економија па

подобро би било да остане на економијата затоа што начинот на дискусијата, да се прозиваат пратеници со име и со презиме, мислам дека не е соодветен. Во својата дискусија спомена четири пет, шест пратеници со име и презиме. Наместо да се дискутира за нивните тези сега треба секој од нас да си реплицира затоа што ние сме персони и луѓе избрани како и колегата.

Тоа ми беше процедурална забелешка за начинот на дискусијата, да не се прозиваат пратеници затоа што е тоа лошо за нив.

Што се однесува до темата, се третираат овој пат Албанците дежурен кривец во секој процес изборен или било каков политички процес. Ве убедувам дека не е така затоа што и начинот на кој вие ги прозивате дека албанските гласачи дозволија криминалците да ги наполнат кутиите, значи каков е тој народ такви се тие луѓе што дозволуваа криминалци да гласаат за 3.000 гласачи. Верувајте ми дека Албанците и во Чаир и било каде да е политички се свесни и ако некој тоа го прави, токму тие граѓани ќе го дигнат нивниот глас и ќе ги казнуваат. Верувајте ми доста се политички свесни Албанците било во Чаир, било каде, нема да дозволат ниеден криминалец така масовно да се определи за нив. Јас мислам дека вие треба да се радувате бидејќи има Албанци од етничко потекло што гласаат за Македонец кандидат со етничко потекло. Тие политички предигри и договарања се нормален процес во еден политички процес па затоа ве молам во тој контекст да не продолжуваме со ваквиот начин на разговарање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Замир Дика.

Господинот Филиповски сака да одговори.

Репликата е меѓу нив моментално.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Претседателе, јас спрема Албанскиот електорат, односно према Албанците во Република Македонија се однесувам со почитување, јас никаде не споменав дека Албанците излегле. Проблемот е што Албанците не излегле на гласање и дека фамозни криминални структури гласале во име на гласачите. Во тоа е најголемиот проблем. Тоа барав ние како Парламент да го осудиме, а не да го браниме. Јас дадов и конкретни податоци дека не може за еден саат 450 души да гласаат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓица Шеќеринска сака да се вклучи во репликата.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Во однос на некои искажувања кои овде беа кажувани не само на сметка на СДСМ, туку на некои штабови, на некои крила не знам какви би сакала само два коментара да дадам и покрај тоа што дискусијата во ова Собрание, посебно по оваа тема се повеќе во некои од овие дискусии и препирки, реплики, почнува да наликува на разговор на селска чешма според нивото кое што некои од нашите колеги го манифестираат и поради фактот што можеби е најдобро да се воздржиме во продолжување на ваквите дискусии. Јас нема да должам, само сакам да изнесам јавно два факта.

Прво, обидот да се исполитизираат неполитички организации е веќе традиција на ВМРО-ДПМНЕ, ќе ги потсетам само некои луѓе кои што седат и во оваа сала дека учествуваат во многу независни наводно движења кои што беа и тоа како политички и мотивирани и организирани. Тие во тоа време тоа поинаку го објаснуваа, сега гледам дека некои нивни колеги имаат проблем или со независноста на студентската организација, или со независноста на нејзините органи и се обидуваат со некои таканаречени информации на некои таканаречени нивни луѓе во оваа организација да фрлаат темно светло да фрлаат проблематична светлина и врз оваа организација.

Меѓутоа, јас морам да признам дека го разбирам овој бес, ја разбирам ваквата реакција заради тоа што овие колеги најверојатно се ваквите на настаните кои што предводеа на некои други избори, иако сега дискутираме за локали, се сеќаваме дека многу нешта се случија на таканаречените студентски избори во кои што слични луѓе, слични рекетари, слични агенции за обезбедување за мислете беа ангажирани од страна на кандидатот токму на владејачката партија за да ги притиснат студентите и за да гласаат за оној кандидат за кој што тие сметаат дека ќе биде потребно да победи на овие студентски избори. Сега, откако тоа не се случи, тој притисок не беше доволен очигледно и не ги даде вистинските резултати, сега единствена акција која што следи, единствена акција која што е логична е да ја вмешаат студентската организација, апсолутно непотребно, не знам која е причината во сета оваа наша дискусија и да зборуваат за некои не знам какви врски со

СДСМ, или не знам кои други политички партии, или со некои личности во СДСМ, што ја покажува само немоќта на вистинските аргументи кои што ги немаат по повод дискусијата која што ја водиме. Меѓутоа, за да не остане неспоменато и на ова Собрание ќе кажам дека нашите колеги кои што овде дискутираат и ја користат говорницата треба сепак да имаат предвид една основна, ако ништо друго и техничка култура па кога ги кажуваат овие работи да се консултираат со експерт: затоа што сметам дека тоа се луѓе кои што имаат триесетина години, не можат да си го дозволат луксузот толку да не знаат за новите технологии, па да не знаат да направат разлика помеѓу официјални сајтови, помеѓу дискусиони групи, помеѓу придонеси кои што доаѓаат од страна на политички партии кои што ги држат тие официјални сајтови и придонеси кои што доаѓаат од страна на граѓани на оваа држава, вклучително и членови на партии, симпатизери, меѓутоа и противници на политичките партии. Така што, шпекулирањето кое што неколку пати во текот на овие денови го слушам на оваа говорница со планови до крајот на абецедата навистина делува смешно за нив пред се, меѓутоа и срамно за ова Собрание што си дозволува врвно непознавање во една област да биде искористено како теза или квази теза на оваа говорница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика побара господинот Пандов на излагањето.

Само, ќе ве молам една работа, навистина да ги оставиме оние институции што ниту се предмет на расправа, ниту пак се полемизирани, ниту пак се предмет на политичка борба во општеството, особено овде во Парламентот. Тоа не е добро. Би не одвело на погрешна страна. Да не ги вознемирување сега, најблаго кажано, тие структури што се декларирани како непартиски и како, би рекол, интересни структури на одредени општествени групи, како што се студентите, па пензионерите ако утре некој ги вмеша и се кој може да се меша.

Второ, што би сакал да кажам, гледајте што помалку да полемизирање меѓу себе. Гледајте што повеќе да ги кажете своите ставови. Инаку, ова ќе нема крај. Не ќе можеме да се сослушаме како луѓе и од таму ќе ни падне угледот и воопшто, нема повеќе да не слушаат ниту пак да ни веруваат.

Во таа смисла господин Пандов повелете на реплика.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Ќе биде сосема кратко, во интерес на македонската јавност.

Пандов кога зборуваше во петокот, зборуваше за плановите А, Б, Ц, Д и не знам таму до која буква дојде. И тоа како извод, цитат од една прес конференција на господинот Бучковски. Да ја потсетам претходната дискутантка, дека тие планови како воена стратегија нели, такви планови се кројат, ја возбудија македонската јавност една недела - две, сите новинари трчаа, го прашуваа и неговите тројца колеги кои таму излегуваа на пресовите, под која буква што се крие.

Е сега, јас само се обидов да појаснам што се крие под една од тие букви. Не можам со сигурност да тврдам дека тоа беше Б, Ц или Д, но дека под една од тие воени планови на Изборниот штаб на Здружената опозиција беше токму тоа, злоупотреба на Студентскиот сојуз, на делот од влијанието што го имаат таму, ако можат на некој начин тоа да го материјализираат и околу тоа не би должел, убаво појаснив преѓеска. Ако не бев јасен, жалам.

Тие информации не дојдоа на дискусиони групи, ниту ги прочитав на интернет. Јас го вклучив телевизорот дома, го гледав господинот Бучковски на вести, вели да, ако ние случајно не дојдеме на власт, ќе направиме план Б, ќе направиме план Ц. Се заинтересирав и дознав дека под еден од тие планови се крие токму тоа. Тоа сакав да го разобличам, да го објаснам, што се крие позади тоа. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Луѓе, да не занимаваме со пророчанство и да не влетуваме во една политичка реторика што ја имаше во изобилство на изборите. Крај ќе ни нема. Ќе ве молам. Ако можеме тука да престанеме и да продолжиме со следниот дискутант.

Добро, Шеќеринска, ќе ви дадам збор, имате право да добиете збор, но немојте, збор на збор и после крај ни нема.

Повелете, имате право на реплика.

Понекогаш, знаете, добро е некогаш нешто и да се премолчи.

Повелете, имате збор.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Благодарам претседател. Меѓутоа, некои работи пречесто се повторуваа во текот на оваа долга дискусија, за да останат неодговорени.

Најпрво, би сакала само да укажам на оние кои денеска не слушаат, да им препорачам кои денеска не слушаат, а богами и на некои наши колеги, една анализа што имав можност да ја прочитам во еден од печатените медиуми, околу тоа што значи кога некој за себе зборува во трето лице. Чисто информативно е, и зборува за карактерот, зборува многу за психологијата, зборува многу дури и за политиката што таквата личност ја води.

Меѓутоа, клучно беше следното, јас не знам дали колегата случајно бил отсутен за локалните избори, на што би можела да ја препишан оваа неинформираност што ја манифестира неколку пати од говорницата на собраниската сала.

Имено, ако некој во Република Македонија зборуваше за планови Ц, Д, Ф и до крајот или Б, Г, Д и не знам како до Ш. Тоа беше всушност портпаролот на вашата партија. Тоа беше господинот Данило Глигоровски кој излезе со некој текст на некои две страни и во кои што зборуваше за воени удари или не знам за што се не, зборуваше за ангажирање на едни организации, на други организации, тоа е она што вие сте го слушнале, изгледа на прес конференција на екраните, само што сте се збуниле, дека е тоа портпаролот на СДСМ, односно во тоа време еден од портпаролите на Здружената опозиција.

Јас би ве советувала, пред да излезете пред македонската јавност и да зборувате за планови, теми, тези, барања, прво да погледнете што се случуваше во овој месец и половина, кој што кажал, нема да одам на изјавата на господинот Георгиевски, ќе останат тука на изјавите на портпаролите, прво информирајте се, па потоа ќе дискутираме кој што планирал и какви планови биле во оптек.

(Пратеникот Пандов бара збор за реплика сосема кратко).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, имате право, но ред е веќе да прекинеме со репликите.

Господинот Пандов има збор.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Не, морам да и укажам на госпоѓицата Шеќеринска, па макар и она била госпоѓица, дека нема право, прво, сите пратеници присутни во Собраниево или нека е и дел, па и нека е само кон мене, прво да ме квалификува дека моите дискусии се како на "селска чешма" во ниту еден момент не и личи на она што сака да се претстави, дека е тука госпоѓица и дека е високо интелектуална, нивото да го задржува и,Второ, дека јас, а претпоставувам дека и поголем број на пратеници тука, дека постои толкава заборавеност да не можеме да се сетиме она што се случувало пред две недели, односно нека било месец дена и дека толку нам ни се истрошени умовите, па не можеме да се сетиме што се тоа господинот Бучковски кажал. И господинот Глигоровски ако го објаснувал сето тоа, за тоа што постојано се вртеа тие прашања од новинарите во тој период, што се крие позади тие планови А, Б, Ц и таму да не ги бројам, кои постојано ги трубеа и заканувааа па со 'Многу сме јаки" "тие планови ќе ги реализираме" не знам што ќе правиме, како некој воен тим и во тој контекст претпоставувам дека таа прес конференција што ја имаше одржано господинот Глигоровски, сакал да објасни што се крие позади нив. Тоа нека го полемизира со господинот Глигоровски, не со мене.

Господинот Глигоровски беше портпарол, тој ги кажувал ставовите на Републичкиот изборен штаб на ВМРО-ДПМНЕ и, при тоа, објаснувал што се крие во една од тие, повторно ќе кажам, не знам по кој пат, под тие букви таму. Господинот Бучковски имал смислено, неговото влијание што го има меѓу студентите, ако го имал, да се обиде да реализира таков еден план.

(Пратеникот Шеќеринска бара збор за реплика само со една реченица).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам да прекинеме.

Навистина, една реченица, па уште една реченица ќе биде на тоа.

Повелете, имате право на реплика.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Изгледа не бев доволно јасна, дека може да ја продолжиме дискусијата кога колегата ќе ги собере информациите. Меѓутоа, претпоставувам и кога ќе ги собере информациите, нема да сака да ги прими тие информации и можеби, најумна сугестија ми ја даде колегата Спасов, дека на паметен човек еднаш му е доста. Можеби навистина е време да ги прекинеме дискусиите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор побара, ми се чини да се вклучи во расправа, господинот Љубисав Иванов - Ѕинго.

Дали останувате на тоа господине Иванов?

Господинот Иванов побара реплика.

Повелете Иванов, имате збор.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Во петокот, почитуван претседател, господинот пратеник Пандов рекол дека господинот Черкезов бил член на СП, во негативен контекст.

Јас потполно се согласувам со вас дека треба да се сочува секогаш дигнитетот и на партиите и на луѓето и дека не треба да се изнесуваат работи, што на некој начин ги навредуваат и личностите и партиите. Бидејќи сега дознав дека овој почитуван пратеник е историчар, веројатно знае дека и големите дејци: Гоце Делчев. Даме Груев, Никола Карев, една плејада биле во исто време и социјалисти.

Според тоа, јас очекувам, не овде, можеби и лично да се сретнам со пратеникот и да се извини за една таква работа. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со ова ги завршуваме репликите.

Господинот Амди Бајрам едвај чека да добие збор.

Повелете, господинот Амди Бајрам има збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници и господине Јавен обвинител, денеска и многу денови се разговара и јас мислам крајот не знам кога ќе дојде на оваа седница, ако вака, како што почнавме, мислам дека крај тешко ќе има на оваа седница.

Прво, би почнал од мојата Информација. Знаете дека сите имавме локални избори и можеби некаде сеуште не се завршени тие локални избори. Првенствено ги сакал околу мојата Информација што ја дадов и барам од Парламентот, Парламентот да донесе една одлука со Анкетна комисија да ја испита мојата работа, што се случи со мене.

Првенствено, прво можам да ви честитам без разлика која партија и што партија, како е, во РМ, толку дојдовте до таква мудрост да не донесете Ромите меѓу себе да се утепаме, како што терање Албанците меѓу себе да се убијат. Така сега работите и со Ромите. Тоа значи една голема стратегија и голем ум на Парламентот, на политичките партии, на се. Не носите националностите во таква работа што меѓу нас да се испоколиме, да се убиеме, а на крај пак ќе дојде време ќе бидете сите заедно. А нас, само ќе не оставите да патиме, да се убиваме меѓу себе и тоа не е добро. Не е добро, тоа не носи добро во РМ, да знаете. Прво се почнува со Албанците, па се почнува со Ромите, па со Турците, се почнува значи со сите националности во РМ.

Дали може еднаш, во РМ да размислиме за нашата држава, да ја сочуваме нашата држава, затоа што тензиите што се вртат за време на изборите, секогаш кога ќе дојдат избори, или пред избори, или во Парламентот овде, така ја загревате ситуацијата што доаѓа точно, нас националностите не ставате на мета, да бидеме еден со друг, очи да си копаме овде, а другите партии така умно и смешно се смеете и си гледате лево - десно, ваму - таму.

Јас мислам, благодарение што имаше парламентарни избори, па дојде до една промена добра, дојде една промена што сегашната власт во РМ, што добро почна да ја организира својата работа и народот гласаше за промените во РМ и еве, дојдоа локалните избори во РМ и токму сакам сега околу мојата ситуација да искажам што се случи со мене.

Сите знаете дека Сојузот на Ромите е демократска партија, дека е партија на РМ што е парламентарна партија, со пратеник во Парламентот на РМ. И, не може некој да не негира и да каже дека јас не сум претставник на РМ од ромската националност во Парламентот. Ако има некој друг Ром нека каже, нека дигне два прста и нека каже: Јас сум Ром овде во Парламентот и ги застапувам Ромите. Јас мислам дека друг освен мене од политичка парламентарна партија не постои. Тоа сум јас, Бајрам Амди, пратеник во Собранието на РМ. А, не сум само од изборната единица 85. Значи, јас сум од ромската националност. Го толкуваат така и така, го носат и така ги учат и така ја донесуваат работата, значи, секогаш јас да добијам напад.

Јас, овде во Парламентот, дами и господа пратеници, сите знаете секогаш се залагам за ромските права и за Ромите секогаш барам нешто да биде подобро. Јас овде никогаш ромските работи не сум ги направил да бидат историјата во Парламентот на РМ, и да јас дозволам за Ромите во РМ, нивното достоинство и нивниот углед да им го скратувам и да ги бркаат Ромите во РМ. Јас не ги брукам

Ромите во РМ, туку вие господо пратеници знаете колку се залагам јас за Ромите во РМ.

Сите знаете што јас изјавив пред локалните избори, кога господинот Саво Климовски ги објави локалните избори за 10 септември. После една недела што јас објавив на А1, на прес конференција и на многу новинари, објавив дека во РМ ќе се случи голема работа. Зошто?

Јас лично тврдам и ви тврдам како пратеник со мојот имунитет, доколку мислите дека не сум во право, барам од вас пратениците да ме отповикате, вие имате право пратеници да гласате тука и да ме отповикате од функцијата во Парламентот, да дигнете два прста и да ме отповикате. Инаку, друг тешко од граѓаните некој да може да ме отповика од Парламентот, затоа што се знае, нормално, пратеничкото право до каде е, како може пратеник да се отповика и што.

Јас што сакам да ви кажам. Јас сум прв и јас сум тој кој се движам во градот Скопје. Најмногу од сите граѓани се движам во градот Скопје и се што случува во градот, се јас знам, целата ситуација. Секогаш сум кажувал и секогаш ќе кажувам, прв ја знам целата информација за се. Првенствено сакам да кажам јас ја дознам првата информацијата во РМ, на еден стил ви кажав некоја работа, ЦИА, ама во кратки црти ви ја кажав таа. Кратки црти беа тие. Тие кратки црти беа, сакам да ви кажам, сето ова што се случи во Парламентот, мислам надвор, во локалните избори, се извинувам, не во Парламентот, околу мене, околу други пратеници, околу избирачки места, околу сите локални избори, јас тврдам и можам да земам одговорност, има тука и ДБК има и МВР, слободно можат да ја поведат оваа истрага, значи слободно може да се поведе оваа истрага, ви тврдам дека тука стои опасна организација од надвор, надворешна организација во РМ, да го растури овој Парламент и оваа сегашна власт. Оваа сегашна власт, што ја води власта во РМ, тоа е тоа што го искажав јас, моето, сетете се пред локалните избори на А1 и на прес конференција што ја направив во РМ. Првото го открив, ќе ви кажам најотворено, без разлика, имаме странски шпиони во Републиката овде, во државата, кои се по хуманитарни организации, дипломати исто така имаме тука. Како пратеник морам да кажам од каде почнува па до каде завршува. Го кажа и министерот за надворешни работи, пишуваше во новините, јавно го кажа министерот за надворешни работи, го потврди ова моето после 25 дена. Моето го потврди кога кажа на телевизија.

Со тоа сакам да кажам, дами и господа пратеници, сакам да кажам на време ја открив работата за локалните избори дека во 20-30 општини ќе ни одат, токму оваа власт, владејачката власт да се растури, локалните избори да бидат прогласени во РМ за неважечки, како недобро организирани, како се.

Второ, да организираат разни организации, разни претпријатија, разни универзитети и други работи да организираат, се, против оваа власт, значи стратегија опасна, надворешна, на чие чело тука стои, јас веднаш ќе го кажам со име, Амин Ават од Комесаријатот за бегалци, кој се наоѓа во РМ, кој парите ги перат преку нив, преку него, стојат најмногу 10-15 хуманитарни организации што народот го поткупуваа, што пари даваа, други работи. Токму тоа се случи во РМ.

Сетете се, третиот ден од моето излагање пратениците на ВМРО-ДПМНЕ излегоа од коалицијата. Тоа е надворешно - внатрешно влегување во РМ, мешање во политиката.

Со тоа сакав да ви кажа господо пратеници и на целата македонска јавност, граѓаните да не ги донесуваме во една голема заблуда, граѓаните, ние сме овде Парламент, ние сме овде власта што ја водиме во РМ и со тоа би требало народот да не го донесуваме во заблуда. Видете, околу мојот проблем сеуште не сум почнал да зборувам, но зборувам во интерес на РМ. Во интерес на РМ можам сега да ви кажам отворено дека СДСМ работи со надворешна работа, со големи пари што ги пере преку. во Македонија да ги поткупува пратениците и други работи и да ја растури власта во РМ. Отворено кажувам, мора да зборуваме. Јас ова ви го кажувам отворено.

И на избори, на изборите тие лично, тие ги направија сите глупости, сите глупости тие ги прават, а ги кријат позади друга страна. Значи, тука е вмешана таа надворешна страна, со нив, јас ова не го однесувам, јас го кажувам во стил на ЦИА, а не зборувам за Америка, зборувам надворешно - внатрешно подземен влезен црв во Република Македонија. И тоа прво црвот влезе преку Шуто Оризари, па потоа пројде во ВМРО, од ВМРО се разделија пратениците, па

после почнаа во другите градови во Република Македонија.

**АМДИ БАЈРАМ**: (Продолжение)

И со тоа се прави да се растури овој Парламент и целата тензија беше, дали се сеќавате добро, кога се зборуваше дека Владата не чини, Владата ќе падне, Парламентот ќе падне итн. Господа пратеници, сите знаете што СДСМ изјавуваше за време нивната кампања на локалните избори. На локалните, пред локалните избори да почнат и за време на локалните избори, дали било ова во Македонија, локални избори, парламентарни или претседателски избори. Јас мислам дека беа локални избори и требаше за локални избори да се зборува, а не Ќе падне Влада, ова ќе падне, Парламент ќе падне, пратеници не ќе има доволно тука итн. Но, ние пратениците докажавме, ние што сме со власта и ние што сме во власта, си докажавме на митингот кога се качивме горе колку сме, што сме, не избројаа, со министрите се поздравивме и јас лично им кажав. Не паѓа Владата, не паѓа Парламентот, ќе остане и еве продолжува. Е, сега господата од опозицијата нека си останат на страна и нека си гледаат уште две години и им препорачувам нека почекаат уште две години до парламентарните избори, нека не пуштат на раат, оваа Влада, овој Парламент да може да си работи, да може да вработи народ, да може својата програма каде што треба комплетно да си оди и да се работи. Па, после две години кога ќе дојдат парламентарни избори, народот сам ќе оцени како сега на овие локални избори. Сега, нормално, мора да се напаѓа, затоа што тие 10% не се освоија, немаше 10% и нормално мора да се наоѓа и овде да се прави маркетинг, да гледа јавноста, народот да гледа итн.

Се извинувам дами и господа, тоа е што сакам да ви кажам смирено, а јас само ова ќе го кажам, опозиција е опозиција, власт е власт и Секој Ќе сака да ве поткупи. Јас отворено кажувам, дошле и мене да ме откупуваат и јас да пројдам, ама не може. Јас сум цврст и не може. Значи,отворено ви кажувам, нема откупување. Владата и Парламентот ќе си остане. За тоа народот е свесен и немојте да мислите дека народот во Република Македонија толку брзо заборавил, што она време што е поминато и се што е уништено во Република Македонија. Тоа не е уништено од оваа власт, уништено е од претходната власт, која кроела и докроила, а сега останале стапчињата, корењата изгореле, сега треба да се садат нови корења. Оваа власт треба да вработи, оваа власт треба да даде на народот, можеби да се вработи. Доколку не го извршиме за две години, мислам, видете како јас дискутирам, значи, цело време ја вртам целосно темата да не се занимаваме со тие локални избори повеќе, да се занимаваме со некои други работи, кои недостасуваат на граѓаните, а тие од опозиција што сакаат тука да наметнат такви тензии, расправии две, три или пет недели да се врти овој парламент и само да дискутираме вакви работи, ти реков, ти не ми рече, како, е сега, јас не велам на чешма, јас велам како на Бит Пазар. Значи да не биде работата како на Бит Пазар, идими - купими, работата, значи ние парламентарциве и моја препорака е до Вас, до власта, до моите колеги и до сите да си работиме Чесно, да не влегуваме во провокации. Зошто? Затоа што да гледаме секој кој од која изборна единица сме, за да можеме нашите изборни единици да им ја подобриме таму ситуацијата како што треба на граѓаните, да видиме на граѓаните што треба да им помогнеме, да си соработуваме со граѓаните, а старите велат - кучињата лаат, караванот ќе си врви. А, опозицијата нека си вика како што си вика. Тоа останува така.

Второ, Сега би сакал, мојава лична работа, еве, четврти пат кажувам, а уште не ја кажувам, а тоа е, сите знаете мојата партија Сојуз на Роми во Република Македонија се определи, определени сме и сега и понатаму и остануваме каде што е власта, нормално, затоа што јас сум партнер со Демократска алтернатива, мојата партија, останувам во власта и немој некој да се надева дека ќе дојде да ме купи. Апсолутно, не може да ме купи, затоа што пари не ми требаат, ми треба Парламент, треба да им служам на граѓаните, да работам овде и што им недостасува на Ромите во Република Македонија со оваа власт да им се помогне, ќе помогне и помага на Ромите во Република Македонија.

Сакам да Ви кажам за мојата работа која што се случи во врска со мене. Јас и Љупчо Анушев заедно на вториот круг бевме во Шуто Оризари. Вие знаете дека е тоа ромска националност таму и има повеќе роми 80%, а 20% има од други националности. Ние го водевме тој штаб таму и нормално ги следевме како течат изборите. Е, сега, морам да ви ја кажам правата вистина, а Вие господа

пратеници како сакате можете да сфатите. Сакам да Ви кажам една друга работа. Се ќе ја кажам работата што сите ја кажаа тука, полека, полека, макар што еднаш треба и јас да се искажам. Доста беше, молчи, молчи и шампањот пука. Значи, во Шуто Оризари ги следевме изборите од утрото, па понатаму. Тоа беше во вториот круг. Но, да ви кажам дека, во вториот круг, кандидатот не беше од Сојузот на ромите, туку беше од Демократска алтернатива, ВМРО и ДПА. Тоа е од заедничката коалиција во Парламентот на Република Македонија. Работевме на тие избори, ги следевме цело време, сакам да Ви кажам дека не беше од Сојуз на Роми кандидатот, па јас таму тоа што се случи. Значи, целта беше друга. Се случи таму од 8, до е, до 10, до 11, до 12, до 13 часот слаб одзив имаше на Роми. Ќе Ви кажам и зошто беше слаб одзивот на ромите. Слаб беше одзивот на ромите, затоа што во Неготино имаше вашар, знаете дека ромите одат на вашар, биле таму, се вратија во 2 или 3 часот наутро и нормално спиеја. Затоа, немаше доволно одзив на ромите. Тие спиеја, народот беше уморен.

Јас и Љупчо Анушев, двајцата, се извинувам, и госпоѓа Есма Реџепова заедно бевме таму во контрола, кои шетавме и гледавме што има, што се случува и дали има некои инциденти. Кога поминавме утрото до 13 часот немаше никакви инциденти. Тоа морам да ви го кажам најискрено. Во првиот круг кога јас имав мој кандидат, да, имаше инцидент за кој има изјава, има и до Министерството за внатрешни работи доставено и секаде, до Јавното обвинителство, дека мене ми е на првиот круг запретено со оружје пред двајца полицајци, кои дојдоа на лице место. Кога дојдов во училиштето "Браќа Рамиз - Хамид", ова го зборувам за првиот круг, кога имав мој кандидат од Сојузот на Ромите, таму мене ми се собраа, тоа што го кажав пред време, знаете дека во Шуто Оризари постои наркоманија, има деликвенти кои таму секоја втора вечер се случуваат разни кражби, се случува, кој народ е во странство и други работи, таму има многу, кој од страна на градоначалникот, кој во истото време на локалните избори вработи 170 души. 70 и неколку души се вработени во кампот за бегалци таму преку градоначалникот, а другите, дали има во Скопје, Ве прашувам, господа пратеници, 100 вработени со колички и со метли да работат овде во центарот на градот Скопје. Јас мислам дека не постои. Во Шуто Оризари на една улица 100 души работеа. Тоа беа тие хуманитарни организации кои го правеа тоа. Со тоа сакам да кажам, вработи се што беше тоа дрогираштво, наркоманија, крадци, деликвенти и се тоа, јас тоа го кажав на времето кога требаше. А, тоа се исплаќаше преку тие хуманитарни организации, преку Македонскиот црвен крст. Сето тоа е во круг и ќе барам од ова Собрание, оваа Анкетна комисија што ќе се формира комплетно да го прегледа сето тоа од каде е дојдено, што е дојдено, странски донации и како е дојдено, дека странските хуманитарни организации и другите кои што се наоѓаат тука во Република Македонија немаат право да се мешаат во локални или во парламентарни избори. Тие имаат право пред изборите да даваат хуманитарна помош или други работи. Значи тоа ќе го барам од Анкетната комисија.

Мене ми се заканија во првиот круг со огнено оружје дека ќе бидам лишен од слобода. Јас, првиот круг апсолутно го напуштив пред двајца полицајци, со кои бевме во станица, си дадов изјава, си дадов своја изјава, и на таа изјава си потпишав пред полицајците, а најдобар мој другар ми кажа кој на кого сум му дал објект, Пензионерски дом во Шуто Оризари, кој дуќан сум го имал јас пред десет години. Тој кај мене работеше како келнер, ама кога се во интерес парите, никој никого не го познава. За време избори, сакам да Ви кажам дека тоа се случува. На тој човек јас сум му подарил објект Кафе Бар "Вардар" се вика објектот, сум му ги дал клучевите, а порано работел во Комуна. Господинот Флоровски го знае, колега му е. Сум му ги дал клучевите без пари да работи во тоа и дојде време тој да ми се закани и ми вели, што бараш ти овде да се мешаш на овие избори. Јас или вие пратеници да немате право на една своја изборна единица или како пратеник да следите избори и каде што ви е вашата изборна единица, па тоа е голем апсурд, мислам нема што понатаму да зборувам за тоа. Јас кажав дека мене местото ми е тука, што треба јас да дојдам и да видам како течат изборите. Да ли се демократски или не се демократски изборите. Мене ми велат, до утре ќе бидеш лишен, убиен пред двајца полицајци. Тоа помина, јас се повлеков и мојот кандидат во првиот круг изгуби. Без разлика што изгуби, изгуби. Во вториот круг од коалицијата имаше со Љупчо

Анушев до 13 часот заедно, беше и Есма Реџепова контролиравме и констатиравме од 40 до 80 гласачи на ниедно избирачко место немаше повеќе. Видете што значи. Едни напаѓаат ваму, а јас напаѓам од ваму сега. Значи, гледате како излегува диригенството. Диригенството излегува вака, до 13 часот во вториот круг имаше преку сила 80 гласачи некаде во некое избирачко место. Никаде не постоеше ни 100. Тоа може мојот колега Љупчо Анушев од Демократска алтернатива истото да го потврди и да каже дали е тоа точно. Во 14 часот ни јавуваат дека на осум места се ставени по 200 и неколку ливчиња, а на едно место е ставено и е веќе 450 и неколку ливчиња. За еден час дали може толку гласачи првенствено да гласаат. Пред малку нешто дискутираа, но јас го кажувам не на едно место, значи, немаше излезено 1000 гласачи на сите 17 избирачки места, а ова на 3 места излезе преку 1000 одеднаш наполнија. Без разлика, јас му се најавив на началникот, а не овде како што пишува од информација од изборната комисија, од општинската изборна комисија. Тоа е жива лага. Тоа е лага, тоа е СДСМ. Сите беа СДСМ, тоа ќе ви ко кажам сега и тоа. Сега, ќе се свртам и околу тоа. Значи, јас пред да одам на избирачкото место и на тие места каде што се најави дека се полнети кутиите, се најавив на началникот на општина Чаир, на полиција, дека одам на тоа и на тоа место јас како пратеник се најавив и плус бев шеф на штабот, кој тој ден таму заедно со Љупчо Анушев работевме. Значи, си имав овластување, со што можев да одам и да влезам, да гледам. Влегувам таму на тие места и одеднаш, тие што ги имам спомнато, и што ги имам дадено во мојава изјава и плус имам уште имиња, сите тие од првиот круг и сите тие со количките и други што работеле и метлачи и бегалците од кампот каде што се, сите комплетно, одам во училиштето "26 Јули", влегувам во холот, во ходникот и одеднаш главниот човек на градоначалникот на мене ми се спротивставува, што бараш ти тука и ме фаќа одеднаш овде. Ми вели, што бараш ти тука, излегувај и напуштај. Ме нападнаа одеднаш и почнаа да ме бркаат надвор. Зошто? Затоа што ги наполниле кутиите, направија она што го направија и нормално со тоа со мене се случи голем инцидент. Во тој момент ме нападнаа. Барам од вас пратениците, ме нападнаа што ме нападнаа мажи, Вие можете да се смеете, смејте се опозиција, нема проблем, само сега доаѓам на ред и за Вас многу убаво да кажам. Не се секирајте опозиција.

Господине претседателе, ќе ве молам за тишина, затоа што има преговарање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, без приговори.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ме нападнаа, што ме нападнаа, ме исчукаа што ме исчукаа, нормално, смејте се, за некого можеби е смешно, но јас отидов во кардиологија и тоа што го дадоа, сега, да ви кажам друга работа што сум открил. Во кардиологија 70% доктори се од Социјалдемократскиот сојуз. Морам тоа да ви го кажам. Сега, тоа да Ви го кажам отворено. Јас таму во кома, а тие на телевизија изјавиле Амди Бајрам Се наоѓа во свесна состојба, а мене мртов ме однесоа со 30 и нешто шеќер во крвта. Знаете што значи во тој момент да имате толкаво количество шеќер во крвта, да бидете тепан и да Ве носат во Кардиологија. Не знам како сум се освестил таму во таа шок соба во интензивна Нега, а докторката што била дежурна изјавува, а долу на новинарите Не им даваа на никого да ги пуштат горе до Мене да дојдат. Моите активисти кажуваат и мојата роднина, кои биле доле, дека мене ме донеле во несвесна состојба, сум бил во кома и не сум знаел за себе. Ова, господа пратеници, може да ви се случи и на вас. Затоа го кажувам ова. Мислам дека треба да Се води сметка, затоа што од таа болница е дадена изјава, лажна изјава на новинарите е дадено и нека каже еден новинар дали го пуштиле горе да се качи да ме види или да ме сними во која состојба се наоѓа Амди Бајрам, а не дежурниот лекар кој што бил дал изјава, вечерта Амди Бајрам, наш пациент, ова, тоа, ваму, таму, некако омилено, додека не добиле наредба од Социјалдемократскиот сојуз како да работат и што да работат, како да настапат и која изјава да ја дадат. Благодарение, јас само можам да кажам дека има некои доктори, кои навистина се хумани. На господинот Ќедев му благодарам и на господинот Лазаров многу им благодарам, што многу ми пружија помош и Некои други. А, инаку изјавите кои беа од кардиологија, можам да кажам вечерта беа многу лажни. Новинарите сами можат тоа да го потврдат дека ниеден не ги пуштија горе да дојдат, туку после три дена ги пуштија кај мене, а јас цело време во кома сум бил и не сакале тоа да го дадат во јавноста.

Без разлика што не сакаат, секаде ја кажувам работата.

Значи, локалните избори многу нешто направија, преку тие работи што гледаат сите нас да не растурат. Тоа е стратегијата на СДСМ, дали сфаќате? Тоа е стратегијата на СДСМ. Нормално, знае дека јас работам во Македонија, доста придонесов во Република Македонија на локалните избори. Може секој да зборува, ама Ромите се знае со која партија се и со кого се во градовите, каде гласале и за кого ќе гласаат. Нормално, таму каде што сме определиле, со кого сме на власт тоа се знае. Според мене, направено е големо нешто.

Јас лично имам поднесено поднесок до МВР, до госпоѓата Доста Димовска, до Звонко Каширски, до сите структури и лично до Јавниот обвинител. Едноставно барам комплетно правдината да си излезе.

Ќе ви кажам сега меѓу сите тие што ме нападнале што е работата. Сите што ме нападнале се од таа група, меѓу нив на крајот ме нападна и ме докрајчи една жена. Вам можеби ви е смешно. Да, можеби вам ви е смешно господа, ама мене не ми е смешно зашто јас го доживеав тоа. Можеби и вие ќе го доживеете, нема проблем, можеби и вам ќе ви дојде. Знаете што велат, мечката игра кај мене, па ќе игра и кај друг. Ако се однесувате така и кај вас ќе дојде. Сакам да ви кажам дека ме докрајчи жената на директорот на училиштето "Браќа Рамиз Хамиз" во Шуто Оризари, не на "26 Јули" во тоа училиште каде што сум тепан, од другото училиште директорот, синот нејзин е портпарол на другата партија на градоначалникот, директорот е секретар на партијата, тука се во тој круг, тие ме докрајчија. Жена му ме докрајчи и синот негов и другите на крајот ме докрајчија таму.

Господа пратеници, ова многу значи, на директор на школо, таму каде што се направи голема злоупотреба во саботата пред вториот круг - ова го зборувам пред Јавниот обвинител, доколку нешто има слободно Јавниот обвинител може против мене да покрене обвинение, а и Анкетната комисија што ќе се избере ако сум виновен против мене да се покрене кривична паријата. Значи, слободно ако јас лажам. Значи, жената на директорот на училиштето "Браќа Рамиз Хамиз", неговиот син ме докрајчил таму, дојде да ме влече жена му. Жена му ме влечела од тука. Толку ми беше силата, вие можете да сфатите сешто, ама да ве тепаат 30 - 40 души ќе видите што значи тоа. Тоа може да им се случи и на други. Значи со ова дали заслужува некој да биде директор - јас сум пратеник на таа изборна единица, јас не сум со него, не е од мојата партија, неговата жена, неговата фамилија да ме нападне мене, а тој да биде директор.

А тој директор што направил? Сега ова да ви го кажам. Значи директорот на школото во саботата ги има отворено во 10,00 часот, за што имам сведоци, ова го зборувам пред Јавниот обвинител и ќе доставам изјави на сведоци за ова што го кажувам, а ќе го направам тоа и до комисијата. Ќе доставам изјави на сведоци во писмена форма, кои го виделе градоначалникот, директорот на школото "Браќа Рамиз Хамиз" и уште двајца кои вечерта го отворија школото каде што стоеше целата документација од избирачките места и од 150 до 200 ливчиња имаат земено и ги набутале и ги ставале таму. Значи, ова сакам да ви кажам. Од Општинската изборна комисија секретарот на Општинската изборна комисија - видете, и ова ви го кажувам што се случило, исто така, ја има отворено вратата која била со пломба, каде стоеле материјалите со избирачките списоци. Ја има скината пломбата, а за тоа имам и сведок, од Општинската изборна комисија имам човек кој бил во СДСМ, тој ќе потпише и ќе ја даде изјавата. Значи, човек од нив ќе потпише дека секретарот кој бил во изборната комисија таму ја има скината пломбата, има влезено и работено на документите таму. Што значи тоа господа? Фалсификат, тоа значи дека многу работи се правеле. Тоа е тоа.

Друго, овие што ме нападнаа - видете што можам да ви кажам. Меѓу овие што ме нападнаа постојат пет дивоградби кои се околу 400 м2. Ќе барам Анкетната комисија ова да го прегледа, по име и презиме дали се тие лица, дали точно имаат направено дивоградби, дали имаат решенија за рушење на куќите. Меѓу нив е пазарот во Шуто Оризари, за кој велат дека јас сум тој што го затворам или го правам. Ни сум затворил ни сум отворил пазар, ништо немам направено, но во Шуто Оризари постои еден пазар кој е од Скопски пазар. Таму се продаваат прехранбени производи, а исто така има простор за тезги околу 100 со текстил. Тоа е многу мало место таму и на иницијатива на градоначалникот и други служби што се таму, а сите знаете дека општина Шуто Оризари во областа на урбанизмот се уште нема свои ингеренции, знаете како е

изгласана таа општина и сите ингеренции се преку општината Чаир, а не преку Шуто Оризари, па до министерствата во градот или Министерството за урбанизам. Со таа сакам да ви кажам дека во општина Шуто Оризари немам ништо направено да одобрам или да скратам некој пазар. Инаку, јас сум против, тие 100 луѓе што се од Скопскиот пазар си работат уредно, но другите кои си ставиле 1000 тезги под градоначалникот, за кои се наплатува по 50 марки, кои градоначалникот и неговата мафијашка екипа - лично тој што ме удри во око со бокс тој го води пазарот и наплатува таму на пазарот, див пазар во Шуто Оризари. Ова не е главниот пазар кој е на Скопски пазар, туку во полјаната кај азилантите каде се ставени и кревети и се друго, тоа е "Стенковец 4", не е пазар, така личи на "Стенковец 4". Јас бев против и бев во кампањата со тоа што од народот да не земаат пари. Од народот се земаат по 50 марки. 1000 тезги помножени со 50 марки тоа се за 4 месеци 200 илјади марки, колку што зема градоначалникот и таа мафијашка екипа таму. Наводно, јас сум им ги скратувал правата. Јас никому не ги скратувам правата, туку дадов апел до граѓаните да не плаќаат никому затоа што тоа земјиштето не е легализиран пазар од Министерството за урбанизам или Министерството за стопанство, туку тоа е диво и да си работат бесплатно таму. Околу пазарот јас немав врска со сето тоа што го пишува. Апсолутно. Го повикав народот да не им плаќа, да не им даваат пари, зашто тие пари некој ги става во џеб. И за тоа Анкетната комисија ќе провери, затоа што нападнат сум од тие, затоа што интерес имаат, корист имаат, имаат човек меѓу нив кој Интерпол го бара, замешан со нив. Го знаете случајот од порано кога носеа деца за Италија, кога крадеа деца, знаете пред 10 години што ги затвораа по 10-15 години. Од таа фамилија човек, Риза Авдиљ се вика, вистинското име, а Франко Малдини се прекрстил и има лична карта и други документи со друго име. Интерпол го бара, за тоа го имам известено министерството. Сакам да ви кажам дека разни луѓе имаше вклучено и околу тоа треба да оцените господа пратеници што било, како било со мене и како течеле изборите. Сакам околу процесот што напаѓаат СДСМ, сега со мене заврши работата, толку е, вие ќе си ја испитате Анкетната комисија, Јавниот обвинител и друго што треба, Парламентот, вие ќе си ја оцените целата работа, вие ќе си ја средите целата работа, а јас не сакам да учествувам во таа Анкетна комисија, апсолутно затоа што јас сум оштетен овде, јас сум нападнат и пред сите вас кажувам дека во Анкетна комисија не сакам апсолутно да ме ставите. Вие ќе треба да ја оцените целата работа.

Околу изборите сите знаете дека од 1998 година оваа власт ја има преземено сегашната власт, а пред 1998 година ги имаме избирано сите судии. Каде лежеше зајакот на изборите. Зајакот лежеше при изборите кај судиите. Зошто? 89% ви кажувам, а не 102% проценти што постојано го кажувате, 89% биле од СДСМ. Можам да ви кажам првенствено од Шутка барам Анкетната комисија и Републичката изборна комисија да ги отвори кесите од Шуто Оризари, што апсолутно не се отворени, само една кеса отвориле и ништо понатаму, немаат контролирано ништо. Значи, ова почнува од Шуто Оризари, па продолжува понатаму. Значи, јас апелирам до сите пратеници и посебно ќе дадам јас до Парламентот веќе судиите од изборниот процес да ги тргнеме кога ќе има избори. Зошто? Ако судиите учествуваат повторно во оваа работа, знаете што ќе биде, ќе бидат избори како овие, а уште потешки избори ќе следат, ќе вршат злоупотреба - не велам за сите судии, но има доста судии кои се од СДСМ со срце и душа. Тие се во состојба и работата да ја напуштат, а многу од нив нормално после изборите ќе си дадат оставка. Сигурен сум сами ќе си дадат оставка затоа што претераа со нивната работа таму околу изборите и препорачувам на сите пратеници сите ние и претседателот на Собранието да поведеме сметка веќе на избори, посебно кога ќе дојдат парламентарни избори, судии да не присуствуваат на избори, да најдеме вистински граѓани кои нема да бидат за никого определени. Вистинските граѓани или процентуално, се знае колку сме власт, колку сме опозиција, толку секој нека даде и нека бидат секаде таму на тие избирачки места тие судии, нека си дадат правници и дури тогаш ќе те прашам на прегласување што значи тоа, како сега што направија тие на локалните избори. Ако сме сега 70 и повеќе пратеници и оваа власт 70% или 65% си има наши луѓе таму во тие комисии на избирачките места и кога ќе треба по жалба да се решава, а од нив 30 и кога ќе биде соодносот 6:2 ќе ги прашам како ќе им биде тогаш. Тоа сега ни се случи на нас. Затоа се повторија изборите на многу места. Што се повтори,

кои избори се повторија, дали ви е на вас јасно? Се повторија изборите на местата каде што требаше СДСМ да ја обнови својата работа. Но благодарение на народот, граѓаните се освестија, за што покажа митингот овде во центарот на Град Скопје, митингот што го организираше ВМРО, ДА, власта, значи самиот митинг си ги покажа своите луѓе кои за што се, увидоа дека нешто не е реално.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Амди, само еден момент.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Сега господине претседателе еднаш и јас да бидам здодевен.

Јас се извинувам, можеби возбудено зборувам, но сето ова го доживеав и претседателот мисли на моето здравје, а не да ме прекине за нешто друго. Нормално, кажува за моето здравје, смири се малку, посмирено зборувај. Точно е, јас сум возбуден, сето ова го доживеав. Да го доживееш сето ова е многу тешко. Лесно е да станеш тука и да кажеш нешто, а од канцеларија да командуваш со телефон. Јас сум бил на терен секаде. Јас ја знам целата работа, се движам меѓу сите и знам што се случува. Со тоа ќе завршам, повеќе не би сакал да бидам здодевен, а не сум здодевен туку ова е интересно и нормално ќе има реплики, ќе реплицирам и јас. Нормално, спомнав многу, вистината мора да се знае, граѓаните мораат да знаат.

Дајте на граѓаните да им дадеме вистински избори кога ќе дојдат парламентарните избори. Вистински избори, вистински луѓе да им дадеме. Доста се манипулираше со судии, стариот комунистички систем да го оставиме на страна. Тоа нека остане на страна, судството нека остане на страна, а ние уште од сега мораме да го решиме овој проблем затоа што овие проблеми кога ќе дојдат парламентарните избори ќе се повторат и не ќе можеме да ги решиме.

Јас мислам дека оваа Анкетна комисија и Парламентот, а исто така апелирам и до претседателот на Собранието затоа што ќе донесеме Закон за пратеници овде, во тој Закон за пратеници и за избор за пратеници односно она што ќе треба да биде во тој закон во писмена форма ќе дадам предлог да биде една голема смена и да нема веќе такви работи. Да одиме демократски, бараме демократија, а сите ја бркаме целата демократија. Дајте демократски кој ќе победи нека победи. Сега локалните избори ги оставам на страна, ги оставам за Анкетната комисија и власта да си ја тера, кој треба да го решава тоа нека си го реши, а ние пратениците и Парламентот да донесеме една добра одлука и се добро да донесеме, затоа што парламентарните избори ќе ни бидат пред врата преку ноќ, а народот да го оставиме на мир и да не му здодеваме многу на граѓанството, затоа што верувајте од разни работи, од разни закани народот не знае што да прави веќе. Народот не знае што да прави, дали да оди да гласа или да не излезе да гласа. Мислам дека ќе имаме парламентарни избори и овој Парламент ќе донесе една добра одлука и еден добар закон, ќе избере добри луѓе кои ќе ги водат парламентарните избори и подобриот и оној за кој народот ќе го даде својот глас нека победи и нека ја води власта пак понатаму, оној за кого ќе се определат граѓаните на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Му благодарам на г-динот Амди Бајрам за учество во расправата.

Г-динот Билал Љутфии има процедурална забелешка.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Г-дине претседателе, ние расправаме за информации за кои информации стојат 46 пратеници, од кои само 12 се во салата, а седницата започна со еден час задоцнуваше. Затоа јас предлагам да не расправа ме веќе, да се прекине оваа седница. Доколку подносителите на овие информации би сакале да се расправа по однос на тие информации да бидат барем во салата, да не малтретираат нас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас ги повикувам сите пратеници кои што и ручаат и се сместени сега некаде, или пијат кафе, да влезат во салата. Верувајте и мене не ми е лесно овде, ама рековме дека ќе ја водиме расправата и верувам дека пратениците набрзо ќе влезат во салта. Како процедурално прашање е прифатливо.

Процедурална забелешка има г-ѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Г-дине претседателе, јас внимателно го слушав г-динот Амди Бајрам и бидејќи водиме расправа овде , за да не се спомнуваат генерално имиња на бројни хуманитарни организации кои донесоа многу добро на оваа држава, меѓутоа исто така и јас имам сознание дека бројни од нив

беа вклучени во изборната постапка се со цел делење на социјална помош кај една категорија на луѓе кои што се многу победни и кои што го искористија практично тоа нивно право за изборно прегласување и гласање, односно агитирање. Па би го молела, тој го спомна Црвениот крст на Македонија доколку има сознанија да си направи сам јавна дистинкција јасна кои се тие организации кои што делувале , за да знаеме, да не ги ставаме сите во ист кош.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Амди Бајрам рече дека и во писмена форма ќе ги достави до Анкетна комисија, па таму нека се разгледа тоа.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Г-дине претседателе јас повторувам истото што вие го кажавте во писмена форма ќе дадам кои се тие хуманитарни организации, кои се странски донации и сето тоа. Тоа ќе го дадам во писмена форма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници, Собранието овој пат се реши да расправа за насилството во политиката со разбирлива намера, така е сфатена намерата на насилството во политиката да се обидеме да му застанеме на пат да се заустави и да создадеме нормални услови политиката да делува во интерес на граѓаните, а нивните симпатии и гласови да ги добива во склад со силата на програмите што ги застапуваат учесниците во тој демократски процес и способностите тие програми и вербата тие програми тие да ги остваруваат. Ние сега имаме случаи кога насилството се вовлекува како фактор во исходувањето на политички одлуки во државата и тоа фактор кој влијае до таму да може врз основа на таквото дејство да се прогласуваат победници, поразени и т.н. Мислам на тој начин ако подолго молчиме пред присуството на насилството во политиката, ќе му отвориме простор да стане доминантна сила во водењето на државата и ќе почне да ги поткопува сите така да речам здрави елементи во нејзиниот состав. Тоа беше и причината кога при крајот на август кога се случија овие непријатни настани кога толпа ги нападна домовите на овие шест пратеници од ВМРО Вистинска Реформска Опција, се обидов и на Парламентот и на македонската јавност да обрнам внимание со барањето да се свика итна седница. Се разбира не ми беше намера да направиме интервенција со седница на Собранието во предизборната кампања, туку мислев дека штом во очи на изборната кампања имаме така силни изливи на гнев и на насилство , во изборната кампања можеме нормално да очекуваме уште поголемо засилување на таквите појави и дека ќе ни нанесе целата таа ситуација големи неволји не само на изборниот процес, туку ќе доведе до потрајни елементи и потрајни последици по целиот наш живот овде. За жал тоа мое барање,тогаш мислев со таа седница, уште тоа сакам да го кажам, мислев дека Собранието ќе направи интервенција со една расправа да се пресече тенденцијата на јакнење на искажувањето на насилство, на легализирањето на насилство и ќе ја оспособи државата и нашиот живот посериозно да се спротивставување на насилството. меѓутоа,тој мој обид не беше подржан, можеби не беше ни разбран правилно, воглавно се пропушти можноста да се состанеме и овде да се договориме дека тоа што се случи не требаше да се случи и да не се случи понатаму во еден чувствителен период понатаму. Но, да го оставиме тоа, така се случи,не се прифати таа идеја, ни се случија сите овие работи за кои мислам дека ниту половина не можеа да се случат ако Собранието цврсто застанеше на време против тие работи. Но, ја пропуштивме таа шанса. Сега кога ги даваа информациите, кога ги бараа информациите, мислам дека тоа беше четврток пред вториот круг, јас гласав за сите тие информации да дојдат на дневен ред. Мислев дека Собранието навистина треба да расправа за текот на локалните избори и за последиците што произлегуваат од нив и за она што нас ни се случува. Не беа прифатени, се излезе со некоја друга идеја се случија во Охрид уште посериозни работи и еве сега расправаме со денови за тоа. Но, сеедно, помала ќе беше штетата ако не се расправаше и сега за ова. Меѓутоа мислам дека не ја искористивме приликата како пратеници да си ја обавивме задачата и да се обидеме да се концентрираме само на едно прашање. Ние овде се разбира не можеме да ги расправаме другите политички прашања, политичките разлики меѓу партиите, не можеме да ги проценуваме до крај и политичките методи на програмско презентирање, политичките намери, освен даречеме она што е врзано за насилството и што е тука споено со насилството и што на овој, и на оној начин помага насилството да биде фактор во изборниот процес , во градењето на политичката власт, структура и т.н. Еве упорно слушам, ова е трет ден од нашата расправа, некои работи морам да Ви

кажам, имам еден впечаток дека методите на насилното пресметување овде добиваат на некој начин отсликување во нашата политичка борба во Собранието и ископаните ровови по улиците по избирачките места и т.н. овде се зацврстуваат во оваа наша сала, секој си останува на своето и нема ниеден елемент за заеднички напор на сите нас да се спротивставиме на насилството како елемент во оваа наша практика на демократијата. Тоа е реков во овој дел од текот на седницата што јас досега го слушав и сега ја користам приликата да земам збор и да изразам надеж дека она што ни останува да го расправаме на оваа седница дека пратениците поинаку ќе се концентрираат и ќе се обидат малку поинаку да го профилираат ставот на Собранието кон оваа појава на насилството. Во досегашната расправа се стекнува еден многу мачен впечаток дека овде имаат двоен однос, однос спрема сопственото насилство кое не е насилство и е добро и насилството на оној другиот кое е насилство и е сурово. Мислам дека првиот чекор што треба да го направиме, треба навистина сите да се изјасниме против насилството и пратениците треба овде да се декларираат дека прво во своите партии ќе бараат одговорност на сите оние во нивните партии кои практикуваат да се формираат единици на таканаречени активисти кои потоа со палки и со пиштоли и со не знам што одат таму да делуваат како активисти за убедување на гласачите за воведување ред, за обезбедување и т.н. Оној момент кога пратениците на ВМРО-ДПМНЕ ќе изјават дека во своите партии ќе се заложат до крај да се види и да се испита кој ги организира, на која основа и зошто и да бараат одговорност за тие луѓе, за таквите појави и кога пратениците на СДСМ овде ќе се ангажираат околу тоа да видат кој ги води тие деца, еве на пример во Охрид каде што признаа тие дека одвеле таму една екипа, големи екипи и не знам што и кој треба да одговара за тоа и навистина да одговараат за тоа, тогаш ние ќе почнеме да се спротивставуваме вистински на насилството. Верувајте, ако против насилството што го практикувала и ќе го практикува ВМРО-ДПМНЕ, луѓето од СДСМ викаат со сиот глас 90 дена во годината нема ништо да му фали на насилството што ќе го практикува ВМРО-ДПМНЕ. И обратно насилниците што се организирани од СДСМ нема никогаш да престанат да бидат насилници и да ја изгубат својата поддршка, таа поддршка во сопствената партија која ги ангажира ако само активистите, или пратениците од ВМРО викаат против нив. Мораме да оцениме дека општо зло на сите е зло е насилството во демократскиот процес и посебно во изборниот процес. Примената на насилството, ангажирање на групи насилници кои се опремени со бејзбол палки, со синџири, со пиштоли, бомби и не знам уште што од што од било која страна нам ни потврдува една жална вистина дека оние кои ги ангажираат многу повеќе веруваат во силата на палката, бомбата, пиштолот и синџирите отколку во силата на сопствените аргументи и својата програма. Тоа е трагедијата на тие партии што тоа го практикуваат, а тоа е трагедијата на нашата општа состојба овде. Затоа верувајте додека вака одиме, нема шанса ние да мрднеме напред во општиот подем на земјата. Ќе си тапкаме, ќе си пропаѓаме, ќе имаме победници, ќе имаме поразени, еднаш едната екипа на насилници наречени активисти ќе изгуби бидејќи биле во опозиција па власта повеќе намигнувала на овие другите, вториот пат ќе биде обратно како што било итн. и од оваа кал не можеме да излеземе. А од друга страна кај државните органи истите приговори што ги слушавме, само овие не беа во Собранието од ВМРО тоа и да го кажат, но по весниците го кажуваат во 1994 година како г-динот министер за правда Туше Гошев ослободил затвореници па ги натепал активистите на ВМРО во Струмица, сега пак г-динот Насуфи ослободил затвореници па тие отишле да тепаат итн. Исти се и прототип и исти се и аргументите, исти се и примерите, се е исто верувајте, нема да има напредок, нема да одиме понатаму. Кај државните органи ние мораме да се заинтересираме за нешто друго, мораме да дадеме еден предлог на пример, бидејќи има пролиферација на избирачките легитимации и има општо сомневање кој се гласа. Да донесеме закон со кој некаде таму , да речеме шест месеци пред изборите ќе се сменат избирачките легитимации,ќе~се смени нивниот изглед, ќе се сменат елементите што ќе ги содржат за да не може да се направи ваква пролиферација да имаат избирачки легитимации за лутачки гласачи итн. И да видиме какви други потфати ќе земеме каде што ќе ги направиме навистина државните органи одговорни. И друго, ако вака продолжиме има една опасност постепено сите судии да ги внесеме во кавгата. Да знаете така ќе излезе. Еве слушам таму е понижен претседателот на изборната комисија во Охрид. Ми кажуваат, еден стамен човек кој не заслужува спрема него да се има навредлив однос, меѓутоа ако тоа си пројде, сите други после, зошто, па ако

може да му удри шлаканица на еден судија, зошто не може на другиот, зошто не може на третиот. И готова е работата. Треба да поразмислиме како да го поттикнеме тој внатрешен отпор во партиите што практикуваат вакви активисти нивни групи, во партиите да никне тој отпор, таму да настане таа пресметка и да се ослободат од водачи кои победата ја гледаат и имаат доверба повеќе во палките, повеќе во насилниците отколку во своите лични програми и своите можности да понудат доверба кај граѓаните тие нивни програми да бидат прифатени и да бидат спроведени. За таа цел јас и го предлагам новиот изборен систем. Еве втор пат го предлагам, бидејќи првиот пат кога предлагав немаше никакви реакции. Избор на пратеници предлагам потполно по нив принцип. Многу лесно се занесуваат луѓето да кажат дека имаат свој интерес партиски и дека тој партиски интерес ги оправдува да задржуваат еден изборен систем кој отвора огромни можности за малверзации, огромна потреба дури и простор каде насилството може да влијае на некоја одлука конкретна на една , или друго место во Парламентот, мислам избор на еден, или друг пратеник во Парламентот. Ако не се замислиме многу околу тоа што ни се случува со избирачките легитимации, што ни се случува со безбедноста на избирачките места, што ни се случува со безбедноста на изборниот материјал, што ни се случува со избирачките списоци и како се злоупотребуваат. Јас на пример овде чув од оваа говорница дека и штабот на ВМРО-ДПМНЕ и штабот на СДСМ убаво си знаеле во која куќа колку гласачи има и кој за кого ќе гласа. Ние зборуваме сега за уставен систем и принцип на тајност на гласањето, а така ги обработуваме гласачите толку влегуваме таму во нивните вечери и ручеци и не знам што. Каква е таа партиска активност, тоа веќе не е партиска активност, можеби ќе претерам, но тоа е паравоена активност.

**СТОЈАН АНДОВ**: (Продолжение)

Тоа е регрутирање на гласачите и однапред да дадат збор за кого ќе гласаат. Па може ќе отиде и ќе ја промени одлуката. Ние таква работа и не веруваме. Ако не се реши така ги осомничуваме другите, некој направил вака или така, не им дал на нашите да гласаат вака инт. инт. Сите овие работи заслужуваат вистинска анализа. Навистина ние мораме да видиме како се однесуваме со гласачите, како воопшто се однесуваме како политички партии. Тој напор да го направиме заеднички, ако има намера овде да се направи поединечна основа, да речеме на една партија или друга партија. Ако не се избориме за декларационен ангажман во секоја од партиите, секој да се впушти во борба против носителите и организаторите и испираторите на вакви појави, ние нема да забележиме успех, ќе се случуваат истите работи. Еве овие работи сакав да ги напоменам, со тоа што сега навистина очекувам дека ќе ме демантираат во натамошниот тек на оваа седница и дека навистина ние ќе добиеме малку и поенергични осуди на насилство.

Апсолутно не се согласувам со тоа жртвите на насилството извршителите на насилството да се изедначат. Меѓутоа, мораме да ги идентификуваме исто така и учесниците во насилството. Тоа што во еден момент едни се жртви а други се, да речеме извршители на тоа, тоа треба да го видиме и да ги осудиме, но треба да знаеме дека тоа се менува. Многу е важно да бидеме спремни и да си ги осудиме носителите на насилството и во едната и во другата страна. Јас на тој начин го сфатив и повикот на г-динот Попов да направиме некоја анализа. Јас се обидувам да направиме анализа на тоа каде отидовме со сегашниот тек на оваа седница и да дадам едно свое скромно мислење што би можеле да направиме а овој тек да се промени. Инаку, верувам, ако не се обидеме нешто да направиме нема да помогнеме во расчистување на оваа состојба, а не знам ни како ќе заврши седницата.

Сакам и некои напомени сакам да ги дадам.

Нема можност Собранието да поништи избори. Пратениците, некои од нив овде предлагаат Собранието да ги поништи изборите во Западна Македонија. Знаеме, пратеници сме, сме ги изгласале законите. Нема таква можност Собрание да поништи избори. Кај нас таква ниту уставна ниту законска основа нема. Такви предлози немаат перспектива.

понатаму се кажа сега Собранието по повод информација да заклучи по овој или оној министер да поднесе оставка. Добро знаете дека тоа така не оди. Од оваа расправа може да се добијат елементи за поднесување интерпелација. Интерпелацијата натаму може да носи заклучок за одговорност. Непосредни информации не е предвидено да произведат некоја одговорност непосредна. Он дава само информација за таа работа.

Понатаму, имам уште некои забелешки.

Слушам дека некои пратеници на денот на изборите, заради тоа што се пратеници шетале по избирачки места. Немаме право на такво нешто иако сме пратеници. На тој ден ние сме само гласачи. Немаме право да одиме по избирачките места. Тоа ќе се сфати како притисок. Ако сме овластени од учесниците од изборниот процес, од градоначалникот или од носителот на листата, како граѓанин можеме да идеме таму да контролираме инаку немаме право. Ако имаме право ние, министрите ќе имаат повеќе право, командирот на милицијата уште повеќе и каде тоа ќе не води. Треба тие работи да си ги знаеме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Андов за учество на расправата.

За збор се јави г-дин Пратеник Слободан Ќосев.

**СЛОБОДАН КОСЕВ:**

Почитувани колеги пратеници,

јас ќе дадам осврт на локалните избори во градот Струмица и пошироката околина.

Најпрвин ја користам оваа прилика да ја искажам нашата благодарност до граѓаните од стара општина Струмица што го дадоа својот глас за нашите кандидати за градоначалници и советници од општините Струмица, Куклиш, Босилево, Василево, Муртино и Ново Село. Резултатот од спроведените локални избори на сите ви е познат. Во сите шест општини добивме шест градоначалници, од Владеачката коалиција од ВМРО-ДПМНЕ и ДА. Меѓутоа, нашите политички противници, претставниците од СДСМ сакаа овој успех да ни го оспорат со разни пропаганди насочени против сите нас.

Во врска со тврдењето за пукотници во Струмица, општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во Струмица тврдиме дека наш член не пукал и дека немаме сознание дали е пукано и кој пукал, или се работи за пукање од петарди. Но, Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ има проверени информации кои активности на СДСМ го донеле материјалот за изработка на голем број дрвени палки, кој ги изработил и кој ги разделил дрвените палки на членовите и ракетарите од итн., мобилни екипи на СДСМ, кои на денот на гласањето беа донесени за нашиот град од Кочани, Велес, Скопје и други места. Бидејќи во Струмица не се игра бејзбол повеќе од јасно е дека дрвените палки биле за застрашување и физичка пресметка. Општинскиот комитет на ВМРО ДПМНЕ беше загрижен.

Значењето и беше дадено на општина Струмица во калкулациите на локалните избори од страна на лидерот на СДСМ г-динот Бранко Црвенковски, кој меѓу двата круга на изборите изјави дека срцето ќе го боли ако ја изгуби Струмица. Тоа се потврди со присуството на самиот ден на гласањето во Струмица, на таканаречените мобилни екипи на СДСМ дојдени од страна.

Што се однесува до инцидентите кај Свети 15, тоа е храмот Свети 15 за кој опозицијата го обвинува ВМРО-ДПМНЕ, физички нападнати беа наши членови и гласачи, не само на припадници од турското малцинство туку и од македонска национална припадност.

Во врска со упатените обвинувања за овие инциденти на наша адреса дека на тој начин било спречено слободното изјаснување на граѓаните, тука само ќе ја спомнам изјавата на претседателот на општинската комисија кој рече дека инцидентот се случил на поголема оддалеченост од гласачките места и дека во ниеден момент не е пречено гласањето. Самиот претседател на општинската изборна комисија кажа дека на, наводно, најкритичното место во времето на инцидентот излегле 16% од гласачите, до крајот на гласањето излегле 62% од гласачите, што значи дека не било попречување оно слободното излегување на гласање, од што сосема е јасно дека се неосновани обвинувањата дека ВМРО-ДПМНЕ го спречувал гласањето на граѓаните од тој дел на градот.

Што се однесува до инцидентите што се случиле близу до изборниот штаб на СДСМ, ќе го кажам следното:

На улицата "Брака Миладиновци" спрема улиците "Јанко Цевтинов" и улицата "Жртви на Фашизмот", изборниот штаб на СДСМ направил улични барикади од контиењери за смет, под изговор за некаква самозаштита, всушност со цел да го попречат нормалниот тек на сообраќајот и да ги изолираат гласачките места. Згора на тоа изборниот штаб на СДСМ јавно се лути на полицијата што дошла да го деблокира сообраќајот. Всушност јас живеам во тој дел од градот и во тој момент бев дојден во својот стан и бев информиран за мојата кола блокирана. Меѓутоа, по интервенција полицијата дојде и изврши деблокада на спомнатите улици.

Во околината на изборниот штаб на СДСМ забележани се поголем број припадници од нивните така наречени мобилни екипи кои со себе носеле освен дрвени палки и летви со заковани шајки,

метални шипки, а некои од нив и огнено оружје.

Во близина на изборниот штаб на СДСМ, нема, така наречена мобилна екипа се нафрлила врз три возила на наши членови, при што едно возило е демолирано, а еден наш член бил нападнат со дрвена палка по главата и рамото.

Тврдењето на СДСМ дека високи службеници на УВР Струмица, односно полицијата координирано дејствувале со бандити до толку сериозно што ние не си дозволуваме политички да го коментираме. Сметам дека таквите пропагандни инсинуации и клевети на сметка на УВР Струмица, секако ќе имаат правен епилог. Припадниците на УВР Струмица заслужува, пофалби затоа што ја контролираа наелектризирана ситуација во Струмица исто како во 1998 година, за време на парламентарните избори.

Сличен обид од пропагандната машинерија на СДСМ за ширењето на несигурност на граѓаните беше направен и во весникот "Дневник", во кој беше нападнат угледот и професионалното достоинство на лекарите во медицински Центар Струмица. Цитирам: "Повредени граѓани избегале од болницата затоа што не се чувствувале безбедни‶. Притоа, повикувајќи се на божемната изјава на лекар од медицински центар Струмица, со што беше, нај безобразно злоупотребена неговата личност и професија. Самиот лекар најискрено и енергично на локалната телевизија ја демантира таквата божемна негова изјава. Ние во Струмица бевме спремни да ја браниме демократијата. За тоа многу работевме со сите наши членови и симпатизери и укажувавме на можностите кои може да произлезат. Членството на ВМРО-ДПМНЕ беше организирано и спремно да ги неутрализира и спречи сите провокации и закани од СДСМ, се разбира со сите демократски средства што му стојат на располагање,за што пред изборите многу укажувавме на тоа.

Изборниот штаб на СДСМ имаше природно право да плаче и лелека за изгубените избори. Но, тие немаа никакво право тоа да го прават во името на народот затоа што мнозинството граѓани ја дадоа својата доверба на коалицијата ВМРО ДПМНЕ и ДА. Волјата на народот е неприкосновена и луѓето се доблест и треба да ја почитуваат, токму заради народот на кој толку милуваат да се повикуваат, не заради партиските интереси. Нам ни е јасно дека еден дел од нашите сограѓани ја поддржаа политиката на СДСМ и нивните коалициони партнери. ние не ги негираме ниту потценуваме нивните политички убедувања, затоа што почитувањето на разликите во мислењата беа основно демократско право. Тоа е суштината на демократијата.

ВМРО-ДПМНЕ уште од своето основање во далечната 1990 година го крена својот глас токму против дотогашното едноумие и нему паѓа на памет да воведува ново едноумие затоа што тоа е во спротивност со самата смисла на постоењето и делувањето на ВМРО-ДПМНЕ како демократска партија. За разлика од опозицијата ВМРО-ДПМНЕ ја прифаќа волјата на граѓаните неправи случаи, инциденти и афери во оние ОПШТИНЃ каде што изгуби. Опозицијата скоро секаде каде што изгуби, во поголемиот дел од општините измислува случаи со кои си ја лечи сопствената фрустрираност отфрлена од мнозинството граѓани на Република Македонија тоа беше случајот и во Струмица. Господата од СДСМ се обидоа да направат случај СДСМ меѓутоа, до тоа за наша среќа а за жал нивна не дојде. Макар што во својата кампања СДСМ водеше пропагандна војна против коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ДА ние ги повикуваме на разговори и преговори за меѓусебно разбирање и почитување. Упатуваме апел за смирување на страстите, повик на разбирање меѓу луѓето за нормална меѓучовечка комуникација, почитување на другите политички ставови и убедувања наместо негирања етикетирање, и сеење на омраза меѓу политичките ривали и политичките неистомисленици. Не смееме да си дозволиме да живееме во ист град, во истата населба, во исто село а да бидеме два отуѓени паралелни света кои немаат допирни точки. Не треба да заборавиме дека ние сите пред сме луѓе, комшии, колеги, роднини, пријатели, кои треба заеднички, без оглед на политичката припадност да живееме, работиме, соработуваме во интерес на сите нас и генерациите што идат. Доста ни беа делбите од страна на нашите противници во минатото. Зарем лични сега во сопствена држава да се делиме меѓу нас самите. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

За тоа како струмичани го доживеаја и би рекол преживеам денот од вториот круг

на гласање, пошироката јавност во РМ, е запознаена. Оттаму, јас нема да реплицирам со делот во кој колегата Ќосев зборуваше за се она што се случувало во Струмица и кој тоа го предизвикал, бидејќи на јавноста во Струмица и пошироко им е јасно.

Колегата Ќосев попушти намерно, ценам дека е намерно да коментира под какви услови работеа новинарите во Струмица скоро од сите медиуми, на каков прием во Струмица тие наидоа, кој беше организатор на таквиот "прием", "демократски прием" и на крајот на краиштата кој им ги уништи основните средства за работа на новинарските екипи, со одземање на снимениот материјал од Струмица.

**СЛОБОДАН ЌОСЕВ:**

Сакам да му одговорам на господинот Бузлевски.

Што се однесува до новинарите можам да кажам дека како прво беа разочарани затоа што од самиот почеток на изборите тие очекуваа во Струмица дека ќе се случи бог знае што и беше запоседната од неколку новинари и ургентната служба во Медицинскиот центар. Меѓутоа, за жал ништо не се случи, само за наша среќа ваша жал во Струмица победи демократијата. Значи им беше укажана лекарска помош на два-тројца повредени наши активисти.

За тоа дали биле уништени камери мене не ми е познато.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има право на реплика господинот Бузлевски, додека не заврши.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Господине Ќосев имаше директни јавувања на новинарските екипи од Струмица и цела јавност во Македонија. Имајте доблест тоа да го признаете, беше запрепастена на каков начин се линчуваат новинарските екипи само заради тоа што тие со себе го носеа материјалот што беше снимен во Струмица и кој што беше можно да биде емитиран на нашите медиуми во Македонија за да се види на кој начин победила демократијата во Струмица и на каков начин вие ја браневте таа демократија во Струмица.

**СЛОБОДАН ЌОСЕВ:**

Ова не сакав досега да го споменувам, меѓутоа сега ќе го кажам, за начинот како ја спроведувате, како ја практицирате вие демократијата и за односот конкретно вашата партија према мене како личност.

Тоа се случи меѓу двата круга на претседателските избори.

Наводно се случило вашиот потпарол на општинскиот комитет во Струмица излезе пред цела струмичка јавност без срам да каже дека меѓу двата круга кога вие се чувствувавте за победници на претседателските избори јас сум се симнал долу од нашиот општински штаб и пред вашата толпа симпатизери и членови сум го зел вашето знаме, сум го запалил и сум удрил некоја девојка. Сите мене што ме познаваат и во Струмица и пошироко, па и вие овде можете да замислите такво нешто дали јас можам да направам. Јас ова и тогаш не го демантирав сметајќи дека мене моите сограѓани многу добро ме познаваат, така да господине Бузлевски за ова со новинарите навистина мене не ми е познато.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Вас не ви е познато, на новинарите тоа им е познато, еве ги нив во холот и сега за време на нашата дискусија ние коментиравме одредени ваши искази заедно со нив, но тоа не е битно затоа што мислиме дека тоа е незваничен разговор.

Би сакал да ве замолам за една работа, која што барем од вас не ја очекував да ја кажете. Собраните граѓани кои на одреден начин манифестираат своја политичка волја ви сугерирам понатаму да не ги нарекувате толпа затоа што во тоа време мислам дека со ниеден нивни потез тие не ве принудија да кажувате дека станува збор за толпа. И сами кажувате дека тоа бил мирен собир на кој што се изразувала одредена политичка волја.

Втора работа, меѓу двата изборни круга за претседателски избори господине Ќосев ние бевме победници, нема што да се чувствувавме победници. Ние бевме победници а вие победивте после вториот и третиот круг на начин познат и во Македонија, познат и пошироко од Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Ханџиски се јави за учество во репликата.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Сосема накратко господине претседателе со оглед на тоа што чувствувам посебна обврска како поранешен граѓанин на Струмица, после дискусијата на колегата Ќосев, кој што е и актуелен граѓанин на Струмица да се осврнам на еден дел од неговата дискусија и да прокоментирам дел од тезите што беа изнесени.

Може да се постави прашањето дали во доволна мера и колку македонската јавност во целина е запознаена за тоа што се случуваше пред и во текот на вториот круг од изборите, меѓутоа нема никакво сомневање дека нема ниеден граѓанин во Струмица или струмичко на кој што не му е јасно навистина што се случуваше во текот на вториот круг и на кој што не му се јасни последиците од тоа што остана како наследство после вториот изборен круг на сите граѓани во Струмица и струмичко.

Струмица едноставно па и било кој друг град или населба во Република Македонија не го заслужуваат тоа што им се случи во вториот круг од изборите и многу е тешко посебно за оние кои што беа организатори или соучесници на немилите настани во Струмица. Сега со товарот на својата совест да се движат, да работат меѓу граѓаните на Струмица, меѓу своите пријатели, па и меѓу своите роднини. Жалосно е што не се мисли дека доаѓањето или останувањето на власт не може да биде императив за кој што некои се спремни да платат превисока цена а последиците да ги чувствуваат сите, не само сегашни туку и идни генерации.

Трагично е што во Струмица се случи тоа што се случи, но најтрагично е тоа што од дискусија во дискусија не се спремни повеќе од дискутантите да се соочат со фактите да и погледаме на вистината во очи да се соочиме со едно решение кое што нема понатаму да овозможува да ни се случуваат вакви работи какви што се случија досега.

Изместувањето на одговорноста, испревртувањето на тезите едноставно не не води никаде затоа што вака понатаму не може да се оди. Ако затвораме очи пред фактите и пред вистината со тоа што ќе кажеме дека е многу лошо да се живее во иста населба, во исти град, а во два различни света не сме направиле заправо ништо. Според тоа, или оваа расправа која што е посветена на четирите информации како резултат ќе даде изнесување на сите факти за тоа што се случуваше и од каде произлегоа во најголема мера сите проблеми и на база на тоа ќе дојдеме до соодветни заклучоци и ќе донесеме соодветни декларации, како што се предложени и тоа веќе никогаш веќе нема да се повтори, иако нема да се заборави и не може да се заборави или ќе се повторува од избори во избори и нема да не одведе никаде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господо. Јас не присуствував во Струмица на денот на гласањето и ако се случиле некакви инциденти во смисла на насилство навистина жалам за тоа. Меѓутоа, јас учествував претходно во подготовката и она што беше наша партиска кампања и мислам дека навистина не случајно Струмица, односно владеачката коалиција ги доби сите шест места, затоа што ако некаде, согласно моите скромни видувања успеав да бидам третирана од тоа како е организирано членството, тоа веројатно беше Струмица.

Повеќе се јавив во врска со искажувањето на господинот Бузлевски, жалам што не е моментално во салата, и неговата опасна применета како "нашата јавност" "вашата јавност". Жално е што во Република Македонија после 10 години плурално живеење ние имаме наша и ваша јавност, меѓутоа тој е токму во право бидејќи нашата јавност комплетно е контролирана од медиумите кои што припаѓаат на СДСМ. Тој веројатно сосема во грешка ја кажа и вистината која што произлегува од таа јавност. Меѓутоа, еве вчера благодарение на таа јавност на господинот Бузлевски односно на нивната јавност јас успеав да дознам дека сум сопственик на 700 илјади германски марки, дека членувам во 10 управни одбори, седум или осум за кои што добивам месечно 10 илјади германски марки, можеби и повеќе, па бидејќи во нашава држава е илузорно да тужите новинар, а уште повеќе е илузорно да го добиете тој процес јас го повикувам господинот Бузлевски јавно, бидејќи рече дека постои нивна јавност која што ја зборува вистината да ми ги инкасира парите.

**СЛОБОДАН ЌОСЕВ:**

Јас се согласувам со констатацијата на господинот Ханџиски дека односите меѓу граѓаните како никој пат се влошени после овие избори. Меѓутоа јас тоа го споменав и во мојата дискусија, тоа се должи на агресивната и на арогантната водена кампања на господата од СДСМ Само за Струмица зборував, што се однесува за Струмица. Ние водевме многу тивка, би рекол пријателска кампања на која многу не и дававме значење меѓутоа кога видовме за каква арогнација и каков атак врз нас се прејде, тогаш и ние малку моравме да се заштитиме од оваа агресивност и арогнација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Жалосно е што мораме да констатираме дека навистина последиците се страшни, барем за сега, односите се до таа мера затегнати,како што реков не само меѓу граѓаните, туку дури и меѓу роднини и пријатели. Меѓутоа тоа апсолутно не е резултат на агресивна политика и агресивна кампања од страна на опозицијата. Се што беше предвидено и што е во согласност со процедурата, со политички потреби во Република Македонија, од јавни настапи, изнесување на програмските определби и заложби на опозицијата во целина или на партиите е правено во рамките на тие процедури, на тие законски и политички обврски.

Точно е тоа дека за разлика од опозицијата која што одржа средба по средба со што поголем број на граѓани позицијата практично не учествуваше во кампањата затоа што работеше и други работи. Работеше на користење на моќта со која што располага како политички субјект кој што ја има власта за да може да се добијат гласови. Со поткупување и со изнудување, со уцени дека на социјалците ќе им биде укината социјалната помош, со уцени дека ќе бидат децата на одредени фамилии, родители активисти преместени од тоа работно место на друго работно место, во друг град, со поткупување, со давање на масло за јадење, брашно, шеќер, други потребни, со издавање дозволи да се сечат неверојатни количества масивно дрва. Во струмичко и во беровско морам да ви кажам дека е воведена после овие избори нова мерна единица - еден пратеник 50 кубика дрва. Само во едно село се исечени пет илјади метри кубни дрва за да се добијат 50 гласачи повеќе. Според тоа проблемите се јавија заради тоа што се направи невидена активност од страна на партиите во позицијата да се добијат гласови со поткупување, со сила. Од тука и произлезе најгорливото чувство што е присутно кај сите граѓани. Кај граѓаните на Струмица независно од тоа на која опција припаѓаат луѓето се чувствуваат повреден, луѓето се чувствуваат понижени, луѓето се чувствуваат дека до крајни граници им е згазено достоинството. Тоа е навистина нешто што боли, тоа е нешто што оди на совеста на тие што тоа го направиле и тоа е нешто што навистина го прави тежок и мачен животот во таа средина каде што е создадена таква атмосфера.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Затоа и ние расправаме денеска овде, за да го олесниме. Се надевам дека ќе направиме нешто после сето тоа.

Господинот Бузлевски бара збор за реплика на госпоѓа Ѓулистана Марковска.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Госпоѓа Марковска најверојатно или не ме слушнавте или не ме разбравте или пак сакавте да ме разберете онака како што се искажавте.

Може да се проверат и стенографските белешки и тврдам дека во мојот исказ јас не ја споменав нашата јавност. Не споменав вашата јавност, споменав нашите медиуми а како граѓанин во Република Македонија сигурно имам право медиумите во Македонија да ги наречам наши медиуми. Ако пратениците од ВМРО-ДПМНЕ ми го скратуваат правото медиумите во Македонија да ги наречам наши медиуми, тогаш има проблем во поимот "наши" кои што треба да си го разјаснат тие кај нив.

Околу вториот дел јас не знам во кој контекст го спомена колешката Марковска текстот и некои суми на пари, меѓутоа јас не сум автор на текстот и не осеќам никакви потреби да бидам во никаква, ама баш никаква корелација да бидам со Марковска околу содржината на текстот. Така да тоа може таа како пратеник да си го побара од авторот или од куќата која што го издала весникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, да се сфати дека овде било лапсус сфатено од една или од друга страна и да продолжиме со расправата, затоа што одиме веќе во друг контекст и не би сакал да се сфати наши и ваши медиуми. Медиумите на сите нас се овде и треба да бидат објективни и така треба да пренесуваат. Во тој контекст треба да се сфатат медиумите.

Има збор господинот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван републички јавен обвинител.

Размислував не заради дискусијата како да ја почнам денеска на оваа мачна тема, со оглед на мачните настани и насилија што настанаа и резултати од тоа насилие и си замислив што граѓаните бараат од нас како заклучок и решение што треба да го донесеме во ова Собрание. Замислувајќи ја, многу граѓани ми се јавија

лично и во Собранието и дома сметав да предложам да се затвори Собранието, да расправаме додека не се донесе решението за излез од оваа ситуација и оваа ерозија на демократија со овие избори за да еднаш за секогаш се прекине со насилие, со еродирање на сите оние човечки права кои што стојат и во нашиот Устав, кои што стојат и се таксативно наброени и во Универзалната декларација за човековите права од Обединетите Нации 1948 година и кои што се наброени и во темелните документи на ОБСЕ, Организација за безбедност и соработка во Европа особено во документот од Копенхаген 1990 година врз кој веројатно и создавачите на нашиот Устав, кој што граѓански, кој што во вториот член вели дека граѓанинот од граѓанинот потекнува и се пресликува на граѓанинот како основа во оваа држава и сметам на крај и конкретно да предложам одредени решенија и заклучоци како да излеземе од оваа ситуација.

Насилието е случено, настаните ми се познати, впрочем нема дискусија на оваа говорница во овие три дена колку што расправаме каде што не се изнесуваат ваквите без оглед за која локација, за кој град или за кое населено место се зборува каде што не се изнесуваат работи што не загрижуваат, застрашуваат и граѓаните со право се јавуваат и велат знаете ли дека во нашиот влез, во зградата во која што живееме не можеме да живееме веќе со комшиите бидејќи комшиите се од една голема партија ние сме од друга голема партија. Тие што не се ни од една не можат да учествуваат во никакви одлучувања во зградите, во влезовите. Во фамилиите, се јавуваат граѓаните и кажуваат дека се подвоени брат со брат, брат со сестра, наметната е една психоза дека по било која цена, макар ќе дели и мало дете за она што се случуваше, треба да се освојат изборите, по било која цена треба да се освојат некои места, фотељи, меѓутоа ниедна фотеља од тие не чини ни капка крв, модринка, а не капка крв од она што се случуваше и во првиот круг и во вториот круг.

Јас не можам да честитам но можам да изразам сочувство на мајката и на фамилијата на загинатиот од тоа место, затоа што тие ни удрија шлаканица на сите нас што седиме тука во Парламентот, што сме политички субјекти во Република Македонија, во цела држава.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ**: (Продолжение)

Ваквата одвоеност, за која што јас ќе ви одземам малку време и ќе направам една анализа што е загатната и во првата дискусија од мојот сопартиец, господинот Столе Попов, како течеле настаните, каква е генеза на случајот и како сме дојдени до една ваква позиција во која што, ако денеска не заклучиме некои работи што ќе ги завршиме до крај како Собрание, сметам дека оваа ситуација во Република Македонија никогаш нема да престане.

Демократијата, за жал, на овие избори немавме демократија. Немавме, затоа што беше нарушена тајноста, затоа што беше нарушено достоинството на граѓаните затоа што слободната волја за искажување на политичката моќ на секој еден граѓанин беше узурпирана, затоа што се јави стравотно насилие, затоа што е брутално узурпирано правото на човекот на живот, на здравје и конечно, последиците, јас нема да ве заморувам, ги знаеме и по број и воопшто не е битно од која страна се.

Кога размислував како да дојдеме до решенија, очигледно треба да предложиме едно национално помирување.

Прво треба и најголема одговорност има овој Парламент, за една таква работа, бидејќи ние сме претставници на граѓаните, едно национално помирување, па не е битно дали имаме два или повеќе, не е битно дали се десет или осум постои посебни градоначалници. Битно е граѓаните да го изнесат својот глас, слободно, тајно, никој да не ги присилува под притисок, да ги тормози, како ќе гласаат или да ги истерува на полето на гласањето. Едноставно да се изберат и да се покаже волјата, според бројките и резултатите, што понатаму ќе се покажат.

Човечките права и слободи! За што зборуваме ние? Ги спомнав основните документи, Ние не достоинството, туку сме го изгубиле и чувството, а човекот со разум и свест треба да е одвоен од другите и свеста за она што значи слобода, како неприкосновена работа за граѓаните на оваа Република, каде што сме членови и на она, сме членови и на ОБСЕ, мораме да ги почитуваме, го имаме Уставот кој е свет, како највисок акт што ги регулира рамките и законите понатаму.

Имаше предлози, на тоа ќе се осврнам, имаше предлози да се промени регулативата. Не е битно дали во партијата работиме на тоа. Меѓутоа, јас лично се прашувам, имаме многу закони, ги донесовме во овој законодавен дом, што е со спроведување на правото? Како ги спроведуваме тие закони? Имаме изборни закони и за претседател и за Парламентот, за избор на пратеници, за локални избори. Било каков закон да донесеме ако не

направиме национално помирување и решение, како што реков на крај од мојата дискусија ќе го предложам, ние за џабе сме ги донеле. Не знаеме да ги спроведеме.

Што е право? Се надмудруваме тука што е вистината?

Дали една модринка или три палки или две бомби. Апсолутно не сакам да навлегувам во партикуларните случаи, дали е тоа Струмица, Кондово итн. Тие луѓе таму, каде за жал се случија насилија и каде имаме трагедии, тие го чувствуваат тоа. Меѓутоа, како феномен што се појавува од почеток од 1994 година, како феномен со една траекторија што ескалира со насилие во овие избори и во претходните, претседателски, јас морам да направам анализа и да видиме каде се корените за да ги искорениме тие негативни поени на движењава во нашата земја. Затоа што сите сме одговорни. Реков, луѓево од Кондово кои не излегоа ни удрија шлаканица на сите тука што сме пратеници.

1994 година, изборната единица од која сум избран а и во која што гласам имаше преку илјада гласачки ливчиња повеќе иако во тоа време немаше Единствен изборен список на граѓаните. Меѓутоа на наредните избори се покажа таа разлика. Значи, 1994 година се покажа во една изборна единица. Тезата дека воглавном изборите се добри, само на некои места има неправилности не држи. Едно ливче ако има на едно избирачко место, веќе се создава сомнеж дека таму нешто не чини. За мене тоа не е регуларно, а не треба да биде за никого. Затоа што не знаеме колку се други фрлени. Така беше 1994 година на изборното место Центар, тогаш не беше изборно место 72.

Почнаа така, 1996 година, на локалните избори слично и сега, нормално, политичките субјекти, партиите си размислуваат, чекај, па ние можеме на друг начин тоа да го, некој процент, десетина, дваесетина повеќе да направиме. И, почнува спиралата на нерегуларности, генерирана од политичките субјекти. Ќе се осврнам посебно на одговорностите, во некое ниво што сметам дека треба да се осврнам.

И, што изгубивме? Прво ја изгубивме атмосферата. Луѓето, порано ќе се облечат свечено, ќе излезат на гласачкото место, ќе гласаат, во тој еден свечен чин ја изразуваат својата слободна волја за да се знае која опција, според програмски, според довербата на луѓето кои тие програми треба да ги спроведат ќе бидат. Сега со страв, некои не сакаат да излезат, некои одат со страв. Не знаат што ќе им се случи, особено во рурални те средини или во средините каде имаме организирани активисти, условно да ги наречам, дали од една или од друга доминантна партија, што воопшто не е битно. Исти се тие. Затоа, кога зборуваме за демократија, јас мислам не патосот, туку патосот во подрумот го допирнавме на овие локални избори

Понатаму, доаѓа 1999 година, претседателските избори. Не сака да се сфати дека нашиот кандидат во првиот круг изгуби, па сега го кажуваме. Ние веднаш посочивме, одржавме една долга прес конференција каде што објаснивме како е направена нерегуларноста или, отворено да кажам измама, според наши согледувања некаде над 40 илјади гласови се одземени. Меѓутоа, видете се промени скоро, резултатите се сосема поинакви. И сега, граѓанинот се прашува па дали е тоа она или е ова некоја виртуелна земја виртуелни резултати. Дојде 2000 година, се случи ова што се случи. Се изветија основите на локалните избори, јас морам тука да посочам прво од опозицијата, апсолутно се извртеа тезите и потпомогнато со, се согласувам со оценката дека нашите медиуми се контролирани, потпомогнато со една страшна кампања каде што се зовре психозата и атмосферата во која се одвиваат изборите, се создаде нервоза. Во таа нервоза се јавува афект а во афектна состојба ниту еден човек не повлекува правилен потез. Повлекува потез со грубости, со насилие, со организирани системи на притисок, брутална узурпација на правото на граѓаните, да постигне некои резултати за да се анулираат дали овие или оние предности, дали за градоначалнички, дали за советнички итн. места.

Ние се јавивме како ДА и го осудивме насилството. Не е битно дека ние се јавивме, но го осудуваме насилството, најостро и бараме од сите институции во државата и органи, јас на крајот ќе ги резимирам заклучоците до крај да се спроведе постапката од истрагата, за сите овие работи и тие најостро да се казнат.

Овој пат, сите актери, поединци кои учествувале, мора да бидат казнети за да се знае еднаш засекогаш во Република Македонија дека имаме спроведување на правото и да биде опомена за сите други друг пат дека нема да појде и да се прогледа, ниту да се држат во фиоки, ниту да се одолговлечуваат некои процеси со собираше на вакви или такви дополнителни податоци од било која институција. Туку

дека брзо ќе се реши проблемот со актерите на овие, не знам како да ги наречам, многу грубо може да употребам збор, настани што се случија во државата. Ако тоа не го направиме ние не зборуваме за демократија. Ние утре не знам за што ќе зборуваме, не знам државата како ќе се развива после основната работа на една држава што се изборите. Тие покажуваат распоред на политичките сили, тие го покажуваат распоредот на волјата на народот.

Во оваа можност изјавувам дека Демократската алтернатива никогаш не учествувала, ниту ќе учествува некогаш во насилства и во вакви настани на изборите или на било кои други настани во државава, кога се работи за добивање поголема или помала политичка моќ.

Што добивме со овие резултати од изборите, ги напомнав 1994, 1996 година? Јас зборував за едно ливче, сега имаме кршење на кутии. Зборувам за десет ливчиња, сега имаме уфрлување на илјадници. Значи, оценката мора да ја дадеме.

Причината мислам дека е јасна но ќе ја дефинираме. Причината е почнавме порано, се создаде еден систем во државата, меѓутоа, ескалира со насилство. Нема разлика? Разликата е голема во однос на повредените и конечно на настраданите. Меѓутоа, во принцип исто е. Иста е ситуацијата и порано и сега. Се создава таа лавина и ескалира до една поделба во државата. Не се работи сега само за изборите. Се работи за сите сегменти од живеењето. Таа поделба во државата, што ги дадов примерите од граѓаните кои ми се јавуваат, во фамилиите, во семејствата, во влезовите, во зградите каде живеат. Впрочем, сведоци сме, поделено е сето тоа на фирмите. Сега, што имаме, црно-бела слика. Една слика е сега бела а друга е црна. После четири години или колку, ќе дојдат изборите, оваа е црна, оваа е бела. И, ќе имаме таква една ситуација во Република Македонија. Две доминантни партии ќе се натпреваруваат како ќе се развиваат изборната процедура, резултатите итн. И оваа црно-бела слика ме поттикна на една приказна со шумарот. Еден дел дошле партизаните, ја ослободиле шумата од Германците. После два дена овие се реорганизирале, па ги избркале партизаните, така неколку пати, шумата е уништена. Доаѓа шумарот и ги брка и партизаните и германците. Што ќе ни е шумата, кога ќе биде уништена.

Кој е тој субјект кој може да избрка два крупни политички субјекти? Не може никој. Не може ни Демократска алтернатива, ни Третиот пат, меѓународниот фактор не може да ги избрка бидејќи тие седат од страна гледаат и констатираат кои се случувањата во државата.

Еве, тука ми се, јас сум шеф на делегација на овој Парламент во ОБСЕ, двата прелиминарни извештаи, односно наоди, заклучоци како стручно ги нарекуваат за 24 и 10 септември. Јас не знам како на следниот состанок, денеска ми закажа шефот на нивната Мисија за набљудување на изборите состанок во среда, што ќе разговарам. Како ќе се правдам, што ќе кажам. Овие прелиминарни наоди ги немам од третиот круг на изборите, кажуваат не во дипломатска, туку во директна форма дека ние немавме демократски избори. Апсолутно немавме демократски избори. Има толку места каде е нарушено, јас овде ригидно, едно ливче, има толку места каде имаше насилие.

Што тоа значи во однос на угледот на Република Македонија,надвор, сега кога имавме еден период барем кон надворешните фактори во кои можевме да се пофалиме. Глобално знаеме дека Македонија не значи ништо во однос на својата големина, територија. Можеби значи во однос на географската положба и крстосница на некои проекти и конечно, идејата на меѓународната заедница еднаш засекогаш да стави точка на негативните движења на Балканот, особено сега со разврската во Југославија. Меѓутоа, нашата предност во разговорите,позицијата во сите дијалози со меѓународните организации беше мирна разврска при дисолуција на Бивша Југославија,мирна разврска при заминувањето на војската,контрибуцијата позитивна на Република Македонија при косовската криза со огромен број бегалци а бројките ги знаете. Да не ги повторувам.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ**: (Продолжение)

И, одеднаш со една инерција, која што ја имаа во меѓународните организации, доаѓаат позитивните оценки, не фалат, се прават некои чекори, по три чекори во еден миг, за да се покаже сепак, дека има некоја свест во меѓународните организации, сега првенствено зборувам за Европската унија, а тогаш сликата се добива и преку Советот на Европа, преку ОБСЕ и, еве, некои повластици се даваат на Република Македонија и ние доаѓаме во ситуација, каде што се можеме да испролиеме што сме собирале досега, се позитивно. Ги знаете и

датумите, сите ги знаат датумите кога треба Договорот се стабилизација и асоцијација да се потпише. Доведуваме во прашање некои фундаментални темелни вредности. Просто, не знаев дали можам да изнесам од оваа говорница вредности, изгледа ги заборавивме. Зошто? Затоа што со оваа поделеност, со една партизација невидена во државата ги подвоивме луѓето, ги подвоивме фамилиите, ги подвоивме фирмите. И, сега, под разни наслови, дали е тоа ревизија на приватизацијата, дали е тоа некој друг тип, се удира по одредени фирми. Ќе го спомнам Алкалоид, бидејќи е актуелно сега, има и други. Нешто што е добро во државата, каде што ние економски знаеме каде се наоѓаме, има објективни, а има и многу субјективни причини, ние во државата сега дозволуваме економските субјекти да живеат во страв, а ние се боревме да ги ослободиме луѓето од стравот. Тие субјекти нормално не можат да функционираат на и онака истрошено и еродирано стопанство, сме пред еден момент каде што можеме да ги упропастиме и тие успешни фирми. Не сакам ова да се сфати дека од ниедна причина ниту е интенција на мојата дискусија овој сегмент дека не треба правото да се спроведува, туку напротив, спомнав дека тоа треба да ни биде највозвишен критериум при функционирањето на политиката. Меѓутоа, очигледни се сите работи што се случуваат во неколку јаки и успешни економски субјекти па државата, а редоследот, процедурата итн.

Кога спомнав медиуми, јас не можам а да не се осврнам, без оглед што и мојот колега Столе Попов спомна реториката. Споменав дека е направена една нервоза, една атмосфера, реторика несвојствена за овој народ, за граѓаните на Република Македонија. Да се создава една атмосфера на зовриеност, мислам дека, јас бев првиот кога дискутиравме во мојата партија да не гласаме закон за информации односно да ги покриваме со закон медиумите туку да се задржиме на кодексот. Сега, искрено да Ви кажам, се прашувам, лично ова е мој став, не е на партијата, дали сум во право. Па, има ли свест. Скоро, имаше две-три случки, каде што сметам дека во една интервју со Бодо Комбах е даден одговор на се она што сакам да го кажам и морам да го цитирам. На прашање на новинарката во интервјуто на А1, три прашања кои фактички се со иста содржина, различно формулирани, тој и одговара: "Дали вие сакате да ви дојдат инвестиции во држава, дали вие сакате да ви помогне Меѓународната заедница, кога никој од Вас не вели дека Република Македонија е демократска држава, дека тука функционираат институциите на системот, дека тука има атмосфера, која е поволна, законска, спроведување на правото за привлекување на инвестиции, подобности за странски инвеститори итн., зачувување на тие". Самите знаете колку договори имаме ратификувано во овој Парламент, билатерални, мултилатерални во таа сфера, за да го прошириме пазарот на нашите економски субјекти во државата. Како, ја прашува и со прашање[1] одговара на сите тие прашања господинот Бодо Комбах, вие очекувате да дојдат странски инвестиции во Република Македонија кога вие не верувате дека имате таков амбиент. Бидејќи вие не верувате, тогаш што е со странците. Вие треба да го промовирате, да го презентирате пред меѓународната јавност каков амбиент е, за да можат тие да дојдат и да ги внесат инвестициите. Значи, јас го ширам контекстот, меѓутоа, не сум ја промашил темата, бидејќи мораме еднаш да направиме анализа, затоа што, колку и да е тешко да се говори за медиумите секогаш сум избегнувал да говорам и секогаш сум застапувал мислење дека тие слободно и најслободно треба да работат и мислам дека е добро што ги има толку и дека ќе се демократизира уште повеќе политичката сцена и секаква друга со медиумите.

Меѓутоа, апелирам, ова ни е вовед за апел, на свеста што можат медиумите да направат како слика на Република Македонија, визави меѓународната јавност и организациите од кои што ние зависиме во нашиот понатамошен развој.

Многу е тешко и за интелектуалците во оваа одвоеност, партизација, а реков на кои се нивоа и во фирми итн., се одвоени. Овие се на СДСМ, овие се фирми на ВМРО. Интелектуалците, јас имам многу пријатели и среќен сум, интелектуалци кои велат не сакаме да напишеме Колумна, не сакаме изјава да дадеме, ако ја искритикуваме оваа страна, ќе добиеме етикета, дека сме со другата и обратно. Јас во оваа прилика им честитам на тие храбрите што успеваат да си го задржат независниот курс и сите феномени да ги проценуваат и сметам дека нивна контрибуција е многу голема.

Кога спомнував за ОБСЕ, морам да кажам дека на последната Конференција на која бев присутен, беше и членот на Делегацијата господинот Васил Анчев на Кипар, каде што темата беше борба против организираниот криминал и корупција, имавме настап, коментирајќи оценки на известувачот на последната сесија каде што

се работеше за одредени процеси околу трговијата со човечки суштества, особено околу проституцијата, која што е голем бизнис. Сметам дека треба да седнеме сериозно и сите овие аспекти по комисии поконкретно да ги разгледуваме, по нашите парламентарни групи, без оглед на партиската припадност. Ова го спомнувам како пример дека, без оглед која партија е во Парламентот, сите групи треба конзистентно да делуваат во односите и релациите со меѓународните организации.

Пример ќе ви кажам, трочлената Хрватска делегација, со која што се дружиме и гледаме дека се тепаат, едните се од Социјалистичка, друга од ХДЗ итн., кога ќе дојде моментот, тие се единствени. Зошто го давам како пример? Затоа што полека ќе резимирам и ќе предложам некои работи, а тоа е дека ние дефинитивно во државата треба да направиме една конзистентна стратегија, каде што сите партии кои што и мислат добро на оваа држава, не смеат да имаат разлики. Тие се стратешките цели, за кои декларативно сите овде се произнесов. Некои не само декларативно, туку и работат во тој правец, меѓутоа, велам некои декларативно, затоа што се однесуваат поинаку во комуникација со важниве меѓународни организации, кои што имаат улога, за да искреираат нешто што треба Македонија и што го заслужи да биде. Ја само ќе напоменам и тие работиве овој момент и треба да се напоменат дека се важни, стратешките цели мораме да ги оствариме и тука нема назад. Тоа е договорот за стабилизација и асоцијација, тоа се реформите, кои што сметам дека многу време ни помина и ние го изгубивме замецот и ни се продлабочува разликата со другите земји во транзиција и конечно економскиот развој. Кога ќе го постигнеме тој кој што не може да биде брз, веројатно ќе ни бидат смешни сите дискусии како сме се тепале за едно градоначалникот или советничко место, бидејќи економските придобивки тогаш ќе бидат најбитни. Еден пријател, нема да го именувам, утрово пред седницата ми рече, како не останав директор, туку дојдов овде да бидам пратеник со една одговорност. Јас го разбирам и верувам многумина од вас се прашуваат за истото.

Конечно, за да не ве заморувам многу со други аспекти кои јас некои ги загатнав околу вредностите, околу достоинството, околу политичката култура, не зборувам само за медиумите, туку воопшто за партиите, за сите субјекти во власта. На крај би предложил неколку работи:

Прво, се сложувам дека ни треба ново законодавство, без оглед на искажувањето на сомнежот дека, доколку се сака било кој закон може да се непочитува или да се изврти некоја ситуација. Меѓутоа, постојат решенија, кои што и со новата техника можат да се средат, ако не стопроцентно, меѓутоа во голем дел сите неправилности да бидат разрешени. Меѓутоа, тоа е техника. Единствено нешто што може да среди, така почнав, а така и ќе завршам, ситуација во Република Македонија е политичка волја на сите политички субјекти, партии, особено во Парламентот.

Јас ја поддржувам Декларацијата, меѓутоа, декларацијата која што е предложена од неколку наши пратеници, колеги би ја дополнил со уште една точка или параграф, во која што ќе ставиме каква е обврската на институциите во системот, во Декларацијата да стои уште еден параграф како обврска на политичките партии. Без волја на политичките партии за мирни, регуларни избори, без оглед на резултатите кои што ќе бидат, ние било кое законодавство нема да ни биде добро, ниту ќе можеме да го спроведеме. Но, тоа не значи дека отстапував да се усогласи законската регулатива час побрзо и поради забелешките, конкретно од ОБСЕ, каде што велат дека таа не е докрај дефинирана, експлицитна улогата на ДИК, другите органи, субординации итн., сега да не дискутираме по тоа прашање. Дека европските стандарди треба да влезат во тоа, дека ние она што го направивме апсолутно е надвор од сите европски стандарди и предлагам за да се врати довербата на институциите на системот, оваа Анкетна комисија, што ние како одлука подготвена, која што ќе треба да ги погледа сите овие информации другите дополнителни информации што ќе ги побараме, не се отегне како другите анкетни комисии, за да еднаш почнеме да веруваме во системот и во ова собрание, каде јас не можам да не кажам во оваа прилика дека една и пол година Анкетната комисија работи на стручни материјали, кои што се дадени од стручни лица од Министерствата и да дојдеме до еден епилог, кој што за мене, со оние цифри и суми што се спомнувани таму, мислам дека не држи. Затоа, сметам дека ние нормално можеме само политичка одговорност да побараме, дека таа анкетна комисија треба да има задача да определи одговорност. Ќе

резимирам од мојата дискусија кои се тие одговорности. На политички те партии. Јас наведов и ги посочив двете доминантни и другите, кои што се и кои што имаат учесници и активисти, на институциите на системот, бидејќи не може да не се каже дека власта е таа што ги организира изборите и со оглед на тоа што таа ги организира изборите има најголема одговорност. Таксативно, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, нормално, тука е и почитуваниот јавен обвинител, во некоја фаза и обвинителството. Одговорноста, спомнав, на извршителите, која што мора да биде најостро казнета, со оглед на законската постојна регулатива.

На крај верувајте ми ако нема национално помирување, не создадеме едни нормални услови, тогаш ништо не сме направиле. Јас, на крај, предлагам и го изнесувам ставот на Демократска алтернатива, за да не се отегне расправата во анкетната комисија, додека не расправиме и не донесеме одлука за анкетната комисија, да не расправаме за никакви други точки на дневен ред. Бидејќи, типот на дискусиите, пукање и од лево и од десно, што е во текот на овие три дена од оваа говорница, може само да ги застраши граѓаните на Република Македонија. Сметам дека ние треба да го скратиме оној рок што е предложен во Одлуката за формирање и работа на Анкетната комисија, од 30 на 20 дена. И, додека не се заврши тој процес на анкетната комисија со точни одговорности на сите нивно и што ги дискутирав, ние во ова Собрание апсолутно да не расправаме за никакви други закончиња и одлуки, затоа што граѓаните на Република Македонија, еднаш за секогаш сакаат ние да донесеме решение во ова Собрание, до крај да завршиме една работа, која работа ќе овозможи наредните избори да се вратат, како што ги опишував сите да се дотераат и мирно да отидат, без активисти, без палки, без бомби и без пиштоли. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Радомир Карангелески за учество во дискусијата.

Процедурално, за збор се јави господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Глупаво е да говорам сега кој колку е виновен за нешто, кој колку себеси се амнестира, но тоа е приказна за некоја друга седница.

Сакав друго да предложам. Имено, координаторите на пратеничките групи да седнат да се договорат, поаѓајќи од следното: интересот по оваа точка очигледно е паднат, многу малку се присутни пратеници во салата, повеќето се надвор, нека седнат, нека се договорат да донесеме заеднички заклучоци кои заеднички ќе ги прифатиме, затоа што уште 50 дискутанти следуваат. Јас не гледам ефект од ваквата расправа, цело време се вртиме во круг и сите дискусии ми личат едни на други, како јајце на јајце. Не гледам ефект повеќе да седиме овде, да говориме барем по оваа точка. Еве, како претседател на Собрание може да преземете дел од таа обврска, нека седнат нека се договорат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика побара Миланчо Черкезов, на предлогот дава реплика, можеби има друг предлог.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, во името на пратеничката група на ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција, сакам да го искажам своето задоволство дека денес господинот Радомир Карангелески даде навистина една конструктивна издржана дискусија, во која навистина и ние пратениците и граѓаните имаме можност да слушнеме по кој пат треба да се движи Собранието. Ме радува што човек, шеф на делегацијата на Македонија, имаше храброст да каже како ќе го брани мониторингот и извештајот пред ОБСЕ. Сите оние збиднувања кои се случија и се регистрирани во мониторингот кој беше присутен во Македонија, на кој начин да ја одбрани РМ од тоа насилие, кое се случи и во првиот и во вториот изборен круг. Како да се одбрани партизацијата на државата, како да се одбрани од насилието врз успешните фирми? И се она друго, навистина има честитки за конструктивната дискусија на господинот Карангелески.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално завршивме. Ве молам, има предлози, слушнавме еден предлог, има и други предлози. Јас ќе работам деловнички така како што е утврдено.

Има збор господинот Љупче Ристески.

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:**

Господине претседателе, колеги пратеници на Собранието на РМ, почитуван Јавен обвинител на РМ, локалните избори во основа се резултат на она што беше расположение кај граѓаните и врз основа на тоа расположение се добија резултати, кои во моментот веќе даваат една слика за тоа какво е расположението меѓу граѓаните и легитимитетот и позицијата на одредени политички партии во државата.

(Претседателот Саво Климовски излезе од салата, а со седницата продолжи да раководи потпретседателот Томислав Стојановски).

Сметам дека најголем дел од усилбите кои пред се опозиционите и новоформираните партии сакаат да ги направат со цел да се прикаже дека, овие локални избори минале во нереди, минале во меѓусебни пресметки меѓу политичките партии и да се симне легитимитетот и легалитетот на овие избори, се со единствена цела да се минимизира победата на владеачката коалиција, посебно на партијата ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи да ве потсетам на овие локални избори владеачката коалиција освои над 80 градоначалнички места, а додека опозицијата 20-тина градоначалнички места, што ни од далеку не оди во контекст на она што опозицијата, особено лидерот на СДСМ господинот Бранко Црвенковски го заговара веќе подолг период од 6 месеци дека локалните избори ќе бидат своевиден референдум и според кон референдум треба да биде увертира во новите парламентарни избори, бидејќи народот ќе каже дека владеачката партија, односно коалиција нема легитимитет затоа што ќе освои многу малку гласови. Меѓутоа, очигледно тоа не се случи, очигледно дека бевме сведоци на едни локални избори на две полувремиња во кои во првото граѓаните јасно и упатија порака на владеачката коалиција и сигнал дека апсолутно во се не се согласуваат со политиката на владеачката коалиција, а додека во вториот круг граѓаните јасно му кажаа на господинот Бранко Црвенковски, дека сеуште памтат како тој владееше и со еден нивен одѕив на гласањето јасно покажаа дека опозицијата сеуште не е зрела да се врати повторно на власт, дека сеуште треба да седи во опозиционите клупи, најмалку уште овие две години, веројатно и наредните 4, дотолку расположението биде вакво сред гласачкото тело, затоа што доколку беа парламентарни избори во вториот изборен круг владеачката коалиција сигурно ќе имаше многу поголем број на пратеници, отколку што има сега во овој пратенички состав.

Меѓутоа, за жал, за време на парламентарните избори се случија и немили сцени, несакани настани, кои ние како пратеници во секој случај ги осудуваме, ги осудуваме посебно насилствата, посебно оние насилства што беа организирани, посебно насилствата кои влечат корени веќе подолг временски период, насилства кои датираат уште од 1994 година, па 1996, па 1998 година и токму и во овие локални избори. Сметам дека подготовките и почетокот на оваа кампања за опозицијата започна уште во април месец кога започнаа и првите повици за припрема на граѓаните за еден референдум, со кој референдум требаше да се изнудат предвремени парламентарни избори и првата фаза на оваа предизборна кампања траеше се до летните месеци, кога кампањата доби во една огромна жестина, кога со една непримерна реторика опозицијата буквално плукаше на се она што се случува во дрвата, без оглед дали се работи за резултати кои се позитивни и поволни за државата, без оглед дали со нејзиното однесување ќе се наруши авторитетот, угледот и рејтингот на државата во меѓународните институции, што секако е многу битно, затоа што, како и да сакаме, мораме да признаеме дека опозицијата сепак е еден значаен фактор во државата и во создавањето на амбиентот и авторитетот и угледот на нашата држава надвор, секако големо влијание има и самата опозиција. Доколку опозицијата делува деструктивно, доколку опозицијата се занимава со организирање на напади врз американската амбасада, доколку опозицијата е подготвена во сите градови во државата да организира анти Нато протести, доколку опозицијата е подготвена со физичка сила да контролира локални избори, сигурно дека нашата држава не може да има добар рејтинг и добра позиција и да овозможи влез во Европската унија и НАТО институциите.

Да повторам дека причина за сите тие тензии, за сите тие напнатости пред локалните избори беше нетрпението на опозицијата, посебно на лидерот на најголемата опозициона партија. Сметам дека за една таква состојба во опозицијата битно влијаеше, што Владата имаше и

определени свои резултати со кои можеше да излезе пред граѓаните, посебно да ја презентира позитивната улога на Владата во решавањето на косовската криза, резултатите што на економски план од ден на ден се се повидливи, резултатите на надворешно политички план особено аранжманите потпишани во ММФ и Светската банка, кои уште повеќе за време на кампањата, бидејќи потпишувањето на овие аранжмани се случи во летниот период за време на самата кампања, ги подгреа состојбите во опозицијата и почна да делува токму заради тие настани, панично и дури да биде обвинуван ММФ дека потпишува кампањски договор со РМ.

По извесен временски период се очекува и вклучување на РМ на асоцијативно членство во Европската унија и токму овие резултати ги обесхрабрија опозиционите партии и ги наведоа да се однесуваат токму онака како што се однесуваа за време на изборите.

За разлика од опозицијата, владеачката коалиција во првиот изборен круг се однесуваше онака како навистина треба да се однесува, бидејќи се работеше за локални избори, во кои избори се избираат раководства и функционери, кои ќе решаваат проблеми во локалната власта и давањето на димензија на такви избори дека тие избори ќе значат и предвремени избори, мислам дека во првиот изборен круг го даде како резултат она што го видовме. Во вториот изборен круг доминираа појавите кои им дадоа белег на овие избори дека во голем дел имало и неправилности и се причина токму настаните во вториот изборен круг, за да ја имаме денес оваа вонредна седница.

Во информациите на трите предлагачи, односно четирите заедно со предлогот на пратеникот Амди Бајрам, се посочуваат многу точки, многу состојби кои се случувале на изборите. Меѓутоа, со посебно внимание би цитирал еден пасус од Информацијата на СДСМ. Имено, претходно се обвинува власта за она што се случило и вели: "Епилогот на ваквиот однос против македонските граѓани е еден тешко повреден, повреден со прострелна рана, четворица тешко повредени со употреба на кундаци од пиштоли и повеќе претепани луѓе во Охрид, нешто што веќе одамна не е видено ниту во земјите на нашето опкружување, каде во последните години луѓето едни на други гледаат преку нишан". Сега господа да ве потсетам за она што е неодамна туку сега скоро видено и за она што СДСМ го има намерно или ненамерно испуштено во своето памтење за она што се случуваше во претходните години во неколку изборни циклуси. Да ве потсетам, дека СДСМ во минатото освојуваше градоначалнички места, освојуваше власти со жртви. За тоа ќе ви посочам конкретен пример. Се работи за еден млад живот на господинот Методија Мицковски од Вранештица, кој што во локалните избори 1996 година, пред само 4 години, го изгуби својот живот и замислете, на 5 јануари спроти Бадник. Изборите кои што ги спроведе СДСМ траеја 1996 година до Бадник. Ако не знаете кога е Бадник, Бадник е спроти Божик на 6 јануари. Тие се фактите кои во оваа Информација се спомнаа дека во последните 10 години ниту во земјите од соседството немало инциденти, а такви инциденти се случуваа и во Македонија во времето кога СДСМ спроведуваше избори. За жал, тогаш во Собранието на РМ, семејството на Мицковски немаше кому да се пожали, немаше кому да достави писмо и во однос на случувањата на тие избори да се слушне и зборот на тие што поинаку мислат, на тие кои имаат доживеано лични и семејни трагедии, бидејќи тогаш во Македонскиот Парламент, власта ја имаше само една партија и една коалиција со нив.

Покрај другите информации, на денешната седница имаме и една информација од пратениците кои ја напуштија пратеничката група на ВМРО - ДПМНЕ и преминаа во една новоформирана партија и информација во која пратениците бараат осуда за насилството. Сметам дека на секој начин да се влијае на нечие политичко расположение и определба е за осуда, меѓутоа, генезата и причините кои кај граѓаните можат да испровоцираат масовни протести, масовен гнев кон одредени функционери, посебно пратеници, треба да биде земен предвид, бидејќи чинот на бегството на овие предавници од страна на членството на ВМРО-ДПМНЕ и голем број н а граѓани е сфатен како чин на предавство, чин кој што сред нашиот народ од секогаш наидувал на осуда, од секогаш нашиот народ имал многу предавници, од секогаш нашиот народ имал повеќе предавници отколку херои. Токму таквата ситуација, токму нашето сфаќање за предавството на кое ние како Македонци сме многу чувствителни,

испровоцира вулкан, ерупција на незадоволство сред членството, сред граѓаните, кои го дале својот глас за тие пратеници, го дале својот глас за луѓето кои требаше да работат и да ја застапуваат политичката опција на ВМРО-ДПМНЕ. Никој нам не ни дал мандат ние да се однесуваме како Зидан, како Роналдо и своите кариери да ги нудиме за најразлични трансфери, меѓутоа, ние имаме и некои морални обврски спрема членството, спрема партијата, спрема семејството и дигнитетот на еден пратеник, сигурно ќе биде нарушен доколку неговиот однос кон овие морални критериуми е некритичен. Неводејќи сметка за последиците, овие пратеници се вклучија во шемата, во шаблонот, во планот А на господинот Црвенковски, со кои требаше доколку не се успее со локалните избори да е изнудат предвремени парламентарни избори, сигурно требаше тие да бидат дел односно перјаницата во пресвртот, во промените, во парламентарното мнозинство. Меѓутоа, сметам дека од планот А набрзо се дојде до последната буква, до последната буква од аголот, буквата Ш, во кој се најдуваат сега овие пратеници. Мислам дека за вакви постапки осудата која им е изречена од страна на граѓаните е апсолутно на место, меѓутоа, употребата на сила и нарушување на семејниот живот, нарушување на личниот имот на овие пратеници, сметам дека не е на место.

Посебно она што најповеќе го иритира членството на ВМРО-ДПМНЕ и граѓаните кои што многу очекуваат од овие пратеници е тоа што тие недвосмислено, без размисла, веднаш се префрлија на страната на СДСМ, не затоа што СДСМ е можеби толку лош, туку заради тоа што се работи за партии со многу различни програмски определби и најголеми политички антагонисти во овој парламентарен состав и без размислување се приклучија кон таа пратеничка група, барајќи и давајќи поддршка во секој момент од ова парламентарно работење, од моментот откако се појдени таму. И навистина, жално изгледа господинот Черкезов кога ќе излезе на говорницата и како сираче во туѓа мајка, кога гледа кон пратениците од СДСМ и бара поддршка од 10 пратеници за да се изнуди некој негов предлог. Токму ваквиот однос не дава за право за она што тие го имаат како свое оправдување, дека ја напуштиле партијата ВМРО-ДПМНЕ.

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:** (Продолжение)

Голема навреда за пратениците од ВМРО-ДПМНЕ е тврдењето дека тие ја напуштиле партијата ВМРО-ДПМНЕ заради бугарофилство што значи дека пратениците кои што останаа во ВМРО-ДПМНЕ се бугарофили, што значи дека таа изиграна карта која што политичките противници на ВМРО-ДПМНЕ ја користат секогаш кога немаат аргументи, кога немаат друга можност да ја нападнат ВМРО-ДПМНЕ масовно ја користат затоа што за тоа нема ни докази, затоа што нема никаква поткрепа, едноставно може слободно да се рече, тие се бугарофили и со нив е завршено, кога се нема друг начин да се нападнат. Меѓутоа, се случува една интересна состојба, ако пратениците кои што ја напуштија партијата ВМРО-ДПМНЕ имаа поинакви политички определби и ако една од нивните мотивации беше и тоа што коалицијата на власт, или конкретно ВМРО-ДПМНЕ се откажале од малцинствата, тие седнуваат вскут на политичката партија, која што воспостави блиска соработка со бившите бугарски комунисти кои што беа најгласни и најгрлати и по нивна заслуга ОМО Илинден е избришана од регистрацијата на политичките партии во Бугарија. И токму со нив и заради нив се обвинува партијата на која што јас и припаѓам и најголемата пратеничка група во овој Парламент заради бугарофилство. За такви теми има многу простор, има многу начини да се разговара, има многу места, меѓутоа изговорот дека тоа една од причините, мислам дека не држи.

И посебно барам извинување од овие колеги пратеници што прават неправда, даваат квалификации за пратеничка група која што брои 43 пратеници и сите тие пратеници да добиваат такви етикети, мислам дека најмалку што можете да направите е тоа да и се извините. Поготово заслужува осуда постапката на овие пратеници што се вклучија во еден тивок државен удар, без преврат, без војска, без тенкови, меѓутоа, државен удар со кој што требаше повторно да се врати владеачката структура која што пред само две години на едни парламентарни избори легално беше сменета од власт, меѓутоа ете, не може да се воздржи. Две години се премногу за неа да биде во опозиција и не може да ги прифати овие состојби во кои што денес се наоѓа нашата држава, бидејќи на повидок е излез од тешката

економска криза, на повидок е средување на многу состојби во државата што би и ја зајакнале позицијата на оваа владеачка коалиција. И токму тоа буди страв кај опозицијата, дека не само овие две години, туку и наредните четири години се сериозен проблем да се дојде на власт.

Околу третата информација поднесена од политичката партија на ПДП, сметам дека во делот во кој што се солидаризираат со писмото на мајката на починатиот, апсолутно како пратеници сите ние го осудуваме насилството, сите ние сочувствуваме со мајката која што го изгубила својот син. Меѓутоа, злоупотребата на нечија лична трагедија, на нечија семејна трагедија во политички маркетинг сметам дека треба да биде осудена, сметам дека најмалку вакви ситуации, вакви емотивни состојби на граѓани, најмалку треба да се користат во политички маркетинг. Посебно од партијата за Демократски просперитет, после два, односно три изборни циклуси откако се уверија дека рејтингот во нивниот електорат е сведен на најниско можно ниво и осудуваат и ставаат критики на начин на гласање кое што континуирано го применуваат во цел период до сега. Господа пратеници од ПДП би ве запрашал, колку од вас има што седат во овие пратенички клупи со по 16, со по 18 илјади гласови. Тука меѓу вас седат пратеници со 16 до 18 илјади гласови, а тоа јасно зборува какво било гласањето, како се гласало кога сте добиле мандат за пратеници во овој парламентарен состав. Да ве потсетам, дека во 1998 година во парламентарните избори како кандидат за пратеник во мојата изборна единица за противник во вториот изборен круг имав противник од СДСМ и тогаш се случи да во Лакавица, Куново, Страјане, села претежно населени со Албанци од 712 запишани гласачи, 698 го дадоа гласот онака како што и вие добивте со по 16 до 18 илјади гласови за кандидатот на СДСМ. А во гласачкиот список имаше запишано 16 починати, што значи дека дел и од починатите гласале за Социјалдемократскиот сојуз. Меѓутоа, сите овие работи кои што ги кажав не ми беше целта и намерата да барам оправдување, или алиби и ние сега како власт треба да се однесуваме по тој терк и да ги продолжиме начините и навиките кои што досега ги имавме. Сметам дека е време, сметам дека овие избори ќе бидат една иницијатива за еден поширок парламентарен договор, за една поширока комуникација помеѓу политичките партии кои што ќе изградат одреден консензус пред се на планот на полето на меѓусебните односи барем што се однесува до фер плејот, до меѓусебниот респект и почитување на законската регулатива. Доколку од оваа седница излеземе со едни такви заклучоци со едни ставови, она што се случуваше во минатото да биде една добра опомена за понатамошниот политички развој на државата воопшто, доколку Декларацијата која што ќе ја донесеме и ставовите и заклучоците од оваа седница бидат во правец на создавање еден општ консензус помеѓу политичките партии во Македонија, а за тоа веќе постојат најави, расположение помеѓу партиите, помеѓу раководствата на одредени партии, во некои и нема расположение, меѓутоа внатрешни резерви постојат во секоја партија за да се создаде тој консензус. Мислам дека оваа седница ќе биде во функција на едни нови демократски и просперитетни односи во државата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Во искажувањето на пратеникот Ристески имаше коментар на резултатите од изборниот процес и во рамките на тоа елаборација дека со тоа што се освоила незнам која бројка на градоначалнички места се покажало дека референдумот не успеал. Јас во тој дел реагирам, затоа што и правно така е поставено да резултатите од референдум не се оценуваат според број на освоени градоначалнички места, туку спрема број на освоени гласови. Има правници во овој состав на Парламентот и сигурно ќе го делат тоа мое мислење. Кога веќе станува збор за број на освоени гласови, јас само да потсетам дека резултатите од Локалните избори 2000 година кај освоени гласови за градоначалничките листи се следниве: Коалиција заедно за Македонија има освоено 506 илјади гласа, а Коалицијата за промени 291 илјада гласови. Кај советничките листи освоени гласови од советнички листи се за Коалиција заедно за Македонија 437 илјади гласа, додека за Коалиција за промени 246 илјади. Кај освоени советнички места Коалиција заедно за Македонија има освоено 737 советнички места, а Коалиција за промени има освоено 582 места. Кај број на општини каде што во советите доминантно се застапени членови од Коалицијата

заедно за Македонија се такви 38, а Коалицијата за промени 20, или крајно изразено Коалицијата заедно за Македонија има победено во Локалните управи каде што има гласано по број на запишани гласачи на изборните списоци во бројка 1.193.000, а додека Коалицијата за промени има победено во Локални самоуправи, каде што бројот на запишани гласачи се 433.000. Ова се бројките кои што се постигнати на изборите 2000-та година.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот пратеник Ристо Спанаков бара реплика.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, јас само да го потсетам господинот Бузлевски дека ова беа Локални избори, а не беше референдум за изјаснување на граѓаните за предвремени парламентарни избори.

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:**

Околу бројките можни се секакви манипулации, различни толкувања, различни видувања. Меѓутоа, јас би користел еден критериум, тоа се емоциите. Ако после првиот изборен круг господа од СДСМ бевте во еуфорија, после вториот изборен круг бевте во длабока меланхолија. Како и сакате да ги броите тие бројки по вашето расположение очигледно е какви беа резултатите и како Вие ги доживеавте.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, пред да се вклучам во репликата на господинот Ристески, господине потпретседателе, бидејќи на почетокот на денешната седница не бевте присутен, јас имав едно упатено прашање до вас, на последната седница во петокот, денеска тоа медиумите го пренесуваат, вие кога имав реплика сте дале пцости спрема мене. Па ве молам, пред целиот аудиториум бидејќи е докажано, да се извините.

По однос на репликата на господинот Ристески би сакал да му кажам по незнам кој пат дека шесте пратеници од ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција ја напуштија партијата ВМРО-ДПМНЕ од единствени причини, бидејќи господине Ристески, слушајте ме внимателно. Партијата ВМРО-ДПМНЕ на чело со господинот Љубчо Георгиевски е на врхушка ја напушти програмската определба со која победивме ние на изборите. Ние остануваме на истата програмска определба, значи истата програма 99% заедно на чело со креаторот на таа програма господинот Борис Стојменов и креаторот основоположникот на Партијата ВМРО-ДПМНЕ господинот Борис Змејковски. Така што ние остануваме се уште во ВМРО и на истата програмска определба.

По однос на тоа дека оваа Пратеничка група на ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција извршува државен удар заедно со господата пратеници од СДСМ да ви одговорам. Вие направивте државен удар, ги суспендиравте институциите и воведовте државен тероризам. Тој тероризам и во извештаите на ОБСЕ беше јасно прецизиран. Така што како Македонија тој тероризам ќе го брани пред органите на ОБСЕ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Черкезов, одговарајте на Љупче, а не на Партијата.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Во врска со искажувањето на господинот Ристески во однос на процедурите и не процедурите во однос на изборите, изгледа неговото искажување беше во правец на тоа дека тоа што се правело сега, се правело исто така и во минатото. Значи според таа логика тоа што се правело сега има своја логика затоа што е направено и пред тоа и најмалку мислам дека тука се во прашање две работи кои треба да се објаснат.

Прво е, не дека пред овие избори ние сме имале идеални избори. Најмалку сме имале фер избори. Меѓутоа, мораме да признаеме дека тогаш сме имале многу подобри од вакви избори кои ги имаме сега, а дури и во некое подруго време за разлика од сега кога веќе имаме поинакви трендови, поинакви политички процеси на Балканот итн. Јас не сум убеден дека може сегашната Влада да направи, или да организира идеални избори, меѓутоа може секако да организира подобри избори, значи да се оди чекор напред. Напротив ние имавме состојба каде одевме, или веќе сме неколку чекори назад. Затоа имаме ретрограден процес во овој важен сегмент на демократската процедура. Значи не е во прашање дали нешто можело идеално, или треба да биде идеално итн. Еве на пример, да го земеме сегментот на корупцијата. Не може да се негира дека и во минатата власт постоеше корупцијата. Меѓутоа факт е дека сега таа корупција е десет пати

повеќе од минатата власт. Значи, наместо да се забележува стагнација, не се бара таа корупција да се сведе на нула, тоа е нереално, меѓутоа да се регистрира стагнација во овој домен, ние имаме веќе зголемување десет пати во овој сегмент.

Второ, зошто мора секогаш да се повикуваме на нешто од минатото. Значи, зошто не се повикуваме на добри примери од минатото, туку на лоши примери. Ако е направено некогаш лошо, сега е подобро да се направи уште полошо. Дали во вакви констатации воопшто има логика. Секој паметен ќе одговори со, не. И поинаку сега веќе имаме жртви, за жал. Мислам дека ако проработи свеста и совеста...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине ова не е реплика.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Мислам дека најмалку ова Собрание треба да донесе заклучок, министерот за внатрешни работи, министерот за правда, заменик министерот за внатрешни работи, претседателот на ДИК па и други структури мора да се загрижат како морален чин па дали тие имале директно влијание.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Биљали, ниту ги има судиите...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

(Реплика на г. Љупче Ристески).

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:**

Што се однесува до тоа дали сегашната Влада може или не може да организира подобри избори од тие што биле, јас тврдам дека ниту една Влада не може да организира ни подобри ни полоши избори, доколку политичкиот амбиент во државата е таков каков што е сега. Ако овие тензии и напнатости помеѓу политичките партии се на тоа ниво на кое што се, ниедна влада не може да организира по фер или подемократски избори. Причините за ваквите состојби, пред се, јас ги гледам во однесувањето на политичките партии и токму тоа беше поентата на моето излагање, кога политичките партии ги обвини посебно опозицијата за создавање на една голема политичка тензија, на една напнатост помеѓу политичките субјекти во државата и тоа, нормално, кулминира со одредени конфликти и судири меѓу тие политички партии. Тоа ми беше целта на дискусијата. Јас реков, она што е недостаток, она што е инцидент во сегашните избори да бараме оправдување, заради тоа што во минатото се случило така, и ова сега што се случува треба да се оправда. Напротив треба сите да се заложиме за да нема такви инциденти и жртви, посебно во изборниот процес.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави г. Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, јас би сакал да реплицирам во делот каде што г. Ристевски со голема леснотија, со доза на голема политичка подобност и како вистински партиски војник искажа низа етикети. По кажувањето на партиската дисциплина и по кажувањето полтронство спрема раководството на партијата, со етикетирање на други неистомисленици е типично за една друга партија која сама владееше, комунистичката партија и иднината во овој систем. На тоа би сакал да го предупредам, бидејќи секој политички субјект што мисли поинаку или што прави промена во своето политичко убедување треба да е предавник. Плурализмот познава и демократија и поинакво политичко мислење и право на промена на ставот.

Што се однесува до извинувањето, јас мислам дека ќе беше тој во право ако на почетокот на Парламентот кога почнавме да работиме, при првата седница да се извинеше на г. Љубисав Иванов - Ѕинго, како бивш член на Социјалистичката партија, а после тоа ги застапуваше ставовите на ВМРО - ДПМНЕ.

Инаку да ви кажам, бугарофили, тоа вие препознавате во многу дискусии на многу луѓе. Ние како партија и како група кажавме, дека Македонците нема да ги делиме ни на србофили, ни на бугарофили, ни на мани, туку напротив сакаме со сите Македонци, па и сите кои живеат во Македонија да имаме пријателски дијалог со нив.

Во однос на "ОМО Илинден" направивте голема грешка, ја обвинивте една партија во Република Бугарија. Заборавате дека во едно интервју лидерот на ВМРО - ДПМНЕ, г. Љубчо Георгиевски искажа став дека "ОМО Илинден" е терористичка група. Така да тука има местење на ставовите.

Во однос на она што кажавте дека ние изневеривме нешто.

Господине Љубчо Георгиевски, во оваа држава не постои правна држава, загрозена е демократијата, изгубен е

човечки живот. Вие за ниедно од тие изгубени големи достигнувања на човештвото не зажаливте, туку зажаливте само за можноста од интриги и за губење на власта.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Одговарајте на Љупчо, овој Љупчо пред вас.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Да, да. Господинот Љубчо кажа план А, направи големи интриги државни удари и слично. Тој толку е исплашен за губењето на власта, просто насекаде гледа предавници, завери, непријатели и сл. Така да ние можеме единствено, она што сакате да го кажете, политичка борба на која повикувате, да ја водиме ако се почитуваме, а за да се почитуваме треба да си ги почитуваме различностите, а вие не ги почитувате различностите, туку гледате внатрешен непријател кој седи зад вас, предавник, што не е добро за дијалогот во државата, што не е добро за идната работа во Парламентот, кога ќе треба да ги спротивстави нашите аргументи на разните проекти на Владата, на Законот за одбрана, на законите кои доаѓаат во иднина пред нас.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за господинот Љупче Ристески.

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:**

Жал ми е за колегата што мораме да комуницираме на ваков начин. Меѓутоа она што ми беше кажано дека со многу леснотија сум ги критикувал пратениците од новоформираната ВМРО - Вистинска Реформска Опција, таа леснотија во однос на леснотијата со која тие ја променија партијата е споредба како капка со море.

Исто така, морам да му кажам на г. Стојменов дека за губењето на власта, стравот дека ќе се изгуби власта, го убедувам дека апсолутно не се плашам дека ќе ја изгубам власта, затоа што кој знае каква власт немам. Меѓутоа, верувам дека тој се исплашил од губење на власта и токму во моментот СДСМ на широки врати ја промовираше промената на власта и промената на парламентарното мнозинство, дека ќе дојде токму до промена на политичките структури во Република Македонија, поттрча пред време да пријде кон новата власт. Тука е голема разликата и тука е евидентно кој сакал да биде на власт, односно кој сакал да опстои на власт по секоја цена.

Околу спомнувањето на г. Љубисав Иванов - Ѕинго воопшто не го разбрав колегата пратеник што сакаше да каже, па би го замолил да каже што сакаше да каже.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика на господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Господине Љупче Ристески, навистина ми е жал што не можете да разликувате припадност на партија од избран пратеник. Јас сум избран пратеник од изборната единица број 6 во градот Штип, легално на непосредни слободни избори. Леснотијата за која зборувате, на напуштањето мое на партијата е онаа леснотија со која вие не сакате да ги видите несреќните лица на вашите бирачи. Моите бирачи во Штип се незадоволни од состојбите од практикувањето на власта, од владеењето на Владата. Еве ја таа леснотија која сакам да ви ја објаснам, која вие не можете да ја сфатите или вие не ја гледате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Последна реплика за г. Љупче Ристески.

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:**

Ова веќе зборува нешто и ги кажува карактерните особини на поединци, што мислам дека не случајно се случило граѓаните така да реагираат и така да поминат некои од демонстрантите пред домовите на поединци пратеници, со олово во болница. Меѓутоа, ништо чудно, овде не има од најразлични провиниенции, од најразлични сознанија, домашни, културни итн. и не е и невообичаено некој и да биде тепан, што јас мислам не е многу страшно да се биде тепан, поготово некој ако ти стои зад грб и те тепа од зад грб. Барем да бидеме вака лице влице, сигурно би било поинаку. Меѓутоа репликата со г. Стојменов не ја довршивме, уште овој пат и повеќе нема да му одговарам на неговите реплики.

Доколку г. Стојменов се откажал заради сопствениот незадоволен електорат, од она Владата, она што партијата ВМРО - ДПМНЕ го направила за тој електорат и ако во тој електорат има поддршка, својот легитимитет, својот авторитет може да го провери на избори, нека ги добие изборите онака како што ги добил и сигурно неговата позиција ќе биде многу поинаква од онаа што сега ја има.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, ме чуди начинот и леснотијата на кој г. Љупче Ристески овде изрече многу несериозни инсинуации, па по тој повод пред да ги демантирам многу работи, сакам да му поставам две директни прашања:

Колку кривични пријави за илегален абортус имаш ти. Јас само знам за три. И од која партија стана пратеник пред да станеш пратеник од ВМРО - ДПМНЕ.

Ние овде бевме нападнати дека сме предавници. Точно е тоа дека сме предавници, но не кажа спрема кого и зошто? Јас не сакам да се повторувам со моите колеги за програмата, за што кажа и Миланчо Черкезов. Јас ќе кажам дека не е само предмет програмата. Оваа Влада е премногу криминогена за да добива понатаму поддршка од нас и тоа: во делот на приватизацијата на ОКТА, приватизација во четири очи.

Не можеме да му даваме поддршка на човек кој не сака броени пари. Значи сака неброени пари, каде што се изнесуваат вреќи пари од Република Македонија, секоја недела 4 до 5 вреќи со авион.

Законот за предвремено пензионирање што Владата го донесе, а Уставниот суд на Република Македонија го укина, имаше само една единствена цел, а тоа е да се ослободат нови работни места за вработување на борци за великобугарската кауза во Република Македонија. Затоа ние кажавме не на едно такво работење.

Околу изборите се фалат дека победиле, дека освоиле повеќе градоначалници и незнам што а заборавaат дека победата на изборите не се брои преку градоначалници, бидејќи ние знаеме дека во Република Македонија имаме повеќе селски општини, кои се со многу помалку население.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ѓорѓи реплицирај му на Љупчо.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

За Љупчо зборувам.

Сакам да кажам дека 220 илјади гласачи имаат, заедно со ДА. Ако се поделат на две ќе видиме дека ВМРО-ДПМНЕ има добиено 110 илјада гласа, а тука кажуваат дека они победиле, а кога знаеме дека ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција на овие избори доби 48.271 глас, плус 54.521 неважечки глас. Тоа вкупно се околу 103 илјади гласа. Неважечките ливчиња ги направија активисти од ВМРО-ДПМНЕ, заокружувајќи ги ливчињата, бидејќи ние во избирачките одбори немавме наши претставници.

Сакам да кажам и тоа дека малку посериозен треба да биде господинот при давање на некои изјави, да не оди со леснотии, бидејќи сето тоа ќе му се врати како бумеранг.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има реплика Ристески Љупче.

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:**

Колеги пратеници. Јас мислам дека со репликите навистина се претера и сега последен пат се јавувам за реплика. Повеќе нема да се јавам да реплицирам на било кој. Немав намера на колегата пратеник, кој што се обиде со огнено оружје да пука во толпа, во свој сограѓани, да ми постави две прашања од кои второто беше толку нелогично што дури и не го запамтив.

Што се однесува до првото прашање за трите кривични пријави за криминален абортус, да ви кажам право дека прв пат слушам оти сум имал кривични пријави, бидејќи криминални абортуси во институции кои се овластени за таква работа, од луѓе кои стручно се оспособени да вршат такви медицински интервенции, не се прават. Толку по оваа реплика и повеќе не би реплицирал.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Дами и господа пратеници.

Денес имавме можност се и сешто да слушнеме само не објективност од страна на пратениците ДПМНЕ. Јас се воодушевив од храброста и доблеста што ја имаше пратеникот Карангелески, додека пратениците од ДПМНЕ бегаат од стварноста, не сакајќи да ја кажат вистината.

Јас не би тргнал од леснотијата, би тргнал од заложништвото на господинот према ДПМНЕ, затоа што тој имаше храброст да не нарече предавници, понатаму продолжена рака на СДСМ. Тој треба да знае дека ние сме партија која сака да му служи на народот односно пратеници и партија што сака да му служи

на народот. Ние не бараме привилегии. Ние не бараме перени или валкани пари. Ние сакаме само да ги штитиме интересите на Македонија. Има ли поголем предавник од оној кој не може да ја сфати вистината дека ние сега живееме во една тоталитарна држава, каде што нема храброст граѓанинот да го искаже своето мислење. Може да оди на гласање и не знае дали и како ќе се врати, или ако оди со возило дали неговото возило ќе биде демолирано. Такви случаеви имаме безброј за време на овие избори.

Господинот мисли дека е скриен, и оние кои го поддржуваат, исто како нојот, пикајќи ја главата во песок и мисли дека е невидлив, дека граѓаните ништо не знаат што се случи на овие избори. Го спомна првиот и вториот круг. Па првиот круг веруваа ДПМНЕ дека многу лесно ќе го добијат. Кога видоа каква шлаканица добија од народот, а таа шлаканица веќе е видлива. На парламентарните избори добивме 480 илјади гласови. Сега ДПМНЕ заедно со коалицијата доби 208 илјади гласови. Повеќе од 60% гласовите ги нема. Народот веќе сфати, само уште поедини пратеници не можат да сфатат, зошто народот не им дава доверба, зошто народот бега од гласањето. Тоа е она предавничкото што не може да се сфати вистината за да му се помогне на овој народ. Исто така, која е таа храброст на еден лекар кој треба да поседува доблест и чесност, да кажува невистини. Сега сум убеден и можам да сфатам, доколку на парламентарни избори се оди со оваа власт, дека ќе има се и сешто, не дај Боже и многу жртви.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јавува пратеникот Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, можам да кажам дека денес слушнавме доста квалитетни расправи од колегите пратеници тука, без разлика дали доаѓаат од владеачките или од опозиционите партии. Но, рака на срце, морам во овој момент да реагирам на реториката со која се служат поедини колеги од владеачката ВМРО-ДПМНЕ, кои што излегувајќи овде, пред македонската јавност, едноставно се забораваат кога даваат квалификации за поедини свои колеги кои преминавме во друга, своја партија.

Јас навистина не знам од каде ревноста и жолчноста на овие колеги со кои до вчера бевме заедно во пратеничката група, а јас сум убеден дека меѓу нив има многу добри и чесни луѓе, патриоти и навистина ме зачудува од каде кај нив толкав револт само заради нашето поинакво размислување за поедини сегменти на програмата на ВМРО-ДПМНЕ, со која што ние учествувавме на изборите, на ваков начин се дозволува во највисокото законодавно тело да се дискутира.

Во оваа пригода сакам да ја истакнам дека во однос на обвинувањата дека ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција, е онаа партија која го враќа СДСМ на политичката сцена, дека тоа нема врска. Ние сме докажани во однос на СДСМ, со нашите ставови и воопшто не мислиме да ги амнестираме во однос на нивното лошо владеење во изминатиот период. Но, исто така, почитувани колеги пратеници и вие кои сте во владеачката партија, јас би сакал и вие да имате разбирање за нашето несогласување со некои негативни тенденции во практикувањето на власта, што се случија, а за што одговорноста ја имаат исклучително владеачките партии. Нема јас да бидам единствен кој тоа сум го констатирал заради тоа што и ваши колеги од другите коалициони партии кои партиципираат во власта, и тие се согласуваат со овие ставови. А да се делат квалификации за вакво или онакво предавство, не е добро. Јас мислам дека лошиот начин на практицирањето на власта беше тој што го подигна рејтингот на СДСМ, а за предавства или за купени пратеници, апсолутно не станува збор. Ми се чини дека ние добро се познаваме меѓу себе и навистина е невкусно да се редат вакви квалификации.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јавува пратеникот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе почитувани колеги. Сакам да реплицирам на дел од дискусијата на господинот Љупче Ристески.

Во еден контекст тој спомна дека, кога се спомнува во нашата информација по однос на нашите дискусии случајот Кондово и писмото на мајката на убиениот Фатмир, рече дека не би требало ПДП тоа да го злоупотреби, односно да се

послужи со тоа дека тоа е некаков политички маркетинг.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Мојот одговор на ова би бил дека политичкиот маркетинг за ПДП заврши на 7 септември до 24,0 часот и тоа еден скромен политички маркетинг без наводно ниедна платен аполитичка програма, така што кога ние кажуваме, укажуваме и дискутираме за сето тоа што се случуваше на 10 септември и после тоа, тоа значи дека со никаква логика не треба и не може да се поврзе со тоа што често пати во ова Собрание се спомнува политички маркетинг за се и сешто што зборуваат. Уште еднаш напоменувам, дека не би требало дури и да има такво размислување затоа што овие анализи, овие дискусии, овие оценки што ги давам и каде што учествуваме пратеници и од позицијата и од опозицијата најреалното што може да се каже тука без некоја поголема елаборација е тоа дека имаше власта обврска да организира фер и демократски избори, а уште пореално може да биде во некоја дискусија ако некој друг помогне во ова да се рече дека секој поединец, дали е претседател на партија, дали е на партија, или други институции кои учествуваат непосредно и посредно на овие локални избори треба да се дистанцираат или да превземат дел од одговорноста, што значи се што беше нечисто и прљаво од тоа што значи избори односно во овој случај локални избори.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Г-дине потпретседателе јас накратко ќе реплицирам со г-динот Ристевски, пратеник кој во својата дискусија за третите парламентарни избори 1998 година почна нешто да објаснува како биле некои нерегуларности. Меѓутоа не беше до крај искрен дека не се случило само на овие локални избори прв пат гласачот да биде репресиран, туку таква пресија беше извршена и во претседателските избори. Имавме средини каде што 105% гласале на тој дел на Република Македонија. Само да напоменам дека прв пат се случува кога коалициониот партнер сака да го спаси својот ортак од владината коалиција не само гласот да му го земе на Албанецот, туку и образот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Амди Бајрам, за што се јавувате.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ.**

На кого?

**АМДИ БАЈРАМ:**

Процедурално и реплика.

Се јавувам од партијата ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Нив да ги оставиме, тоа е разговор помеѓу Љупчо Ристовски и нив.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не, беше споменато нешто друго г-дине претседателе, можеби вие тоа нешто не сте го спомнале г-дине потпретседателе...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако не сум го слушнал тогаш повелете.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани господа пратеници, беше споменато дека од пратениците апсолутно никој не е откупен, никој не е продаден, или ова, тоа. Сакам, тврдам, преќеска пред малку пред јавниот обвинител кажав и стојам зад тоа Министерството за внатрешни работи и ДБК да си ја преземат својата работа, да ја откријат целата ситуација во Република Македонија, подмитена и да го растурат Парламентот и Владата и оваа владеачка власт. Кој го направил, што го направил однадвор, многу брзи траги се, јас ви гарантирам дека ќе излезе ова на мегдан. Ова е за растурање на Парламентот, а јасно е, и во Парламентот се зборува и на ТВ се зборува дека оваа Влада ќе пропадне, ќе пропадне Парламентот, ќе се растури Парламентот. Со тоа јасно гласно јас тврдам дека постои меѓу нас пратениците овде и се работи нон-стоп кој кого да откупи и каде да помине и да премине 61 према 60, за да се растури оваа работа. Јас сум свесен и паметен и многу фино го кажав во Парламентот тоа. Затоа треба да се види што е тоа однадвор, црвот што е влезен во Македонија, да се види кои пари се, какви пари се, затоа што 30 пратеници по милион марки да се купат, 30 милиони долари да превземе власт во Република Македонија, тоа е ништо за некој странски донатор, а 30 милиони марки или долари се пренесени за ала минут.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Митко Тилевски.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Почитуван г-дине потпретседателе, почитувани колеги пратеници На почетокот, како една асоцијација на вовед пред се и во рамките на она што мислам да го

образложам сакам да се заблагодарам на колегите пратеници од СДСМ, кои побараа информација со тоа и дискусија во врска со немилите случувања за време на третиот круг на локалните избори во Охрид.

Сметам дека пред лицето на македонската јавност, а тоа значи и пред граѓаните на оваа наша земја, во име на вистината, во име на објективното информирање и презентирање на фактите, јас како пратеник од Охрид сум должен да изнесам свој став, истовремено се надевам дека надлежните органи во Република Македонија стручно и објективно ќе ја завршат својата работа и обврска.

Јас како граѓанин на оваа земја и пред се како пратеник кој има обврска и директно задолжение да ги заштитува и почитува правата на електоратот, искрено и најостро ги осудувам насилствата што се случија за време на локалните избори на територијата на нашата земја, а со посебен акцент на насилничкото сценарио кое од страна на опозицијата беше реализирано во Охрид. Воедно сакам да изразам благодарност до МВР Охрид за високо професионалниот однос, кога најодговорно интервенираше исклучиво во рамките на своите надлежности предвидени со Законот.

Од друга страна, за сета оваа бркотница од информации, со сите овие случувања во Охрид како да заборавивме дека Охрид е стожерот на духовноста на овие балкански простори. Претставници на опозицијата обвинуваат за скрнавење на интитетот поврзан со древниот град. Во продолжение на моето размислување ќе објаснам колку што е во моја моќ, дека ВМРО-ДПМНЕ во ниту еден момент не стоеше зад овие немили настани и не сноси одговорност за овој епилог. Да почнеме со ред.

Кога би правеле ретро визија на настаните и кога би сакале сето тоа да добие разумна хронологија, би почнале од она што е иницијална каписла во овие скандалозни случувања во Охрид. Сценариото е отворено и стартувано. Во моментот кога претседателот на СДСМ г-динот Бранко Црвенковски најавува на еден од предизборните митинзи на локалните избори во Охрид, дека тој лично е подготвен да оди и во војна за кандидатот на неговата партија во Охрид за местото градоначалник. Претпоставувам дека тоа е направено со цел неговата партија по секоја цена да победи на локалните избори во Охрид.

За потсетување, овој радикално милитантен повик, така наречените независни медиуми во državава не најдоа начин тоа да го регистрираат, онака како што се должни според постоечките легислативи во Република Македонија. Патем речено, ова негова изјава знаеме дека е забележана од страна на европските набљудувачи во земјава. Коментар не е потребен.

Претходно, веќе имаше најави дека едно вакво сценарио ќе биде реализирано. На аматерски начин тоа го направи гласно говорникот на опозицијата, г-динот Бучковски кој глумејќи театралност, истовремено користејќи ги за него лојалните медиуми, го промовираше на прес конференција штабскиот план за рушење на власта во Македонија. Се сеќавате тоа беа некои точки, потточки или букви, некакви б, в, г и понатаму. И за ова коментар не е потребен.

Во меѓувреме и со филмска брзина ова сценарио добива своја конкретизација и во поддршка во делегираното однесување на некои медиуми во земјава, кои се дел од партиската стратегија на опозицијата. Не треба многу знаење да се заклучи дека главниот двигател за оваа деструктивна машинерија на таканаречената коалиција "ЗА", е кланот на СДСМ. Она што е логично да се претпостави е дека за тоа сценарио стои процес на подготовки. Тоа значи дека оперативната централа на СДСМ во Скопје, обезбедила и донела парични средства околу 200 така наречени активисти и симпатизери од Ресен, Битола, Прилеп, Кочани, Скопје и други градови од земјава, со цел вулгарно физичкиот дел од сценариото да биде реализиран на најдобар можен начин.

Владеачката бирократија на оваа партија, воедно и нејзиното актуелно раководство очигледно и по секоја цена сака да остане во вечно владеење во оваа партија и токму заради тоа креира политички маркетинг, кој резултира со спектакуларно доаѓање на насилниците во Охрид и со самото тоа се развива структурата на инцидентот, кој треба да послужи за блокирање на регуларноста на изборите. Како што е емитувано на ТВ "Сител" одговорниот уредник на овој медиум ја информира јавноста, дека командното место на челникот на СДСМ, бил во нивната партиска централа во Охрид.

Секој, макар и малку умен човек во оваа држава ќе се запраша, зошто највисоките функционери на оваа партија, ако сакате и некои пратеници кои не се од Охрид со толку личен ангажман, напор, човечки, финансиски и материјални средства го промовираат ова древно,

балканско светилиште за крвавиот чин на нивното несмислено сценарио. Не сакам ни да помислам дека во нашата земја можат да постојат луѓе за кои е нормално реализирање на политички цели со помош на потенцијални човечки жртви.

Од човечка гледна страна, ако сакате од она што е најискрено во нас сосема е нормално да се запрашаме, зошто во последнава деценија изборнава практика на СДСМ сосема вообичаено ја вклучува стратегијата на Макијавели. Нема потреба да објаснувам дека тоа значи реализирање на целата со било кои средства.

Да потсетам, СДСМ во сите досегашни изборни процеси во Република Македонија по осамостојувањето оформи мрежа на доушници, рекетари, платеници, кои ширејќи ја нејзината квази демократија, беа задолжени да вршат насилства, опструкции, притисоци и закани, а се со цел штабските планови на оваа партија да бидат реализирани по секоја цена. И едно мало навраќање.

Од описот на координаторот на СДСМ во Собранието г-динот Никола Поповски, во кое се бара итна седница на македонскиот Парламент по повод случувањата во Охрид, меѓу другото се обвинува премиерот Георгиевски, дека се служи со методите на Слободан Милошевиќ. Истовремено се обвинува МВР дека брутално тепала, измачувала лица, активисти на СДСМ кои биле инволвирани во настаните во Охрид. Може слободно да се каже дека ова е апсурдна констатација. Зошто нарачаните платеници кои доаѓаат во Охрид за третиот круг на локалните избори со себе носат оружје, гумени палки, безбол палки, солзавец и средства за непосредна физичка пресметка. Претпоставка, сите тие биле задолжени физички да го реализираат сценариото во Охрид.

Дами и господо еве едно потпрашање. Од каде наеднаш толкава заинтересираност за есенски туризам од страна на некакви чудни туристи од источниот, централниот дел на земјава во еден дождлив изборен ден во Охрид? Која е причината тие млади луѓе да тргнат на пат, носејќи со себе оружје и да застанат во одбрана на некакви сомнителни партиски идеали, за кој што најверојатно прв пат слушнале? Одговорот е краток и јасен.

Минатото потсетува сегашноста потврдува. Тоа е провидната стратегија на оваа партија, за која што насилството во изборите е сосема нормален чин. Мислам дека е апсурдно и натаму да објаснувам кој стои зад овој немил настан. Она што е трагично е тоа што сценариото на СДСМ мораше да резултира со крв. Трагично е што на раководните места на оваа партија сеуште седат луѓе за кои човечката судбина е обична играчка. Трагично е што поимот власт за овие луѓе прераснува во опсесија која им го поматува умот и од нив прави инструменти на саможивност, арогантност и само бендисаност. Жално поради фактот што истрелите од оружјето завршија во телата на оние за кои што сум убеден не се главните виновници за овој настан. Може да се заклучи дека тие млади луѓе се само инструмент на помрачените умови од оваа партија. И после се останувaат само белезите и крвавите траги кои уште долго ќе внесуваат секојдневни ноќни мори во животите на повеќе семејства.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Кој е тој и кој може, кој имаа доволно силни аргументи да им ја објасни вистината на родителите на овие млади луѓе, кои сакале или не беа актери на ова крваво сценарио? Кој е тој кој може да понуди прошка, да се смири овој вител на негативни емоции и страсти што ја заплускуваат овие денови нашата земја. Нормално е, после едно вакво, така наречено зломислие и гнев, ќе следува таков епилог. За несреќа на сите, тоа е само еден и единствен, жртви, повредени, разочарани и несреќни луѓе. Доколку најголемата опозициона партија и натаму сака насилно и не демократски да ја преземе локалната и целокупната власт во државата, може да се претпостави какви ќе бидат последиците за развојот на демократијата во Република Македонија. Ваквото однесување директно придонесува за дестабилизација на Македонија во сите нејзини сфери на постоење.

Истовремено, ваквиот имиџ на лидерите на опозицијата, може да предизвика ретроградни ефекти, дури и врз парламентарните процеси во земјава. Зарем повторно да повторувам дека ВМРО-ДПМНЕ пред целата македонска јавност постојано порачува дека, никогаш нема да се согласи и нема да ги прифати насилствата како инструмент за градење на демократијата во земјата.

Фрустрациите во редовите на СДСМ потекнуваат од времето на комунизмот и на нео комунизмот, што сеуште постои во нашата земја. И, за среќа или за нивна несреќа, тоа е фантомот што ќе ја сруши оваа партија.

Јас сум пратеник од Охрид и нема потреба да повторувам каква е мојата одговорност пред гласачкото тело од каде

потекнувам. Знам дека, доколку нема да опстојам зад луѓето кои ме избрале на ова место јас истовремено и од тој момент веќе нема да ја извршувам оваа функција. Мојата партија, ВМРО-ДПМНЕ заедно со ДА и ДПА ќе ја доведе Република Македонија до скорешно асоцијативно членство во ЕУ. Тоа е огромна одговорност и воопшто нема потреба да објаснувам што значи тоа.

Се надевам дека ова скандалозно однесување на СДСМ ќе биде последно и дека со тоа ќе се стекне нивниот антидемократски арсенал и дека во догледно време оваа партија ќе научи што значи тоа партиски живот во рамките на опозицијата.

Дами и господа, го повторувам она што не смееме да го заборавиме ниту во еден момент. Пораките од највисоките кругови на ЕУ се исклучително јасни и концизни. Владата на Република Македонија успешно и ефикасно ги спроведува реформите во земјава, а сакале вие да признаете или не, тоа е најголема гаранција за безбедната иднина на нашата држава.

Ви благодарам што ме сослушавте.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам господине Тилевски.

За реплика се јави господинот Илоски, повелете.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван господине Тилев, слушајќи ве вас на памет ми падна едно интервју што пред извесно време, пред две недели го даде еден наш ценет режисер Слободан Унковски, каде што, препознавајќи некои луѓе во каква ситуација се наоѓаат ве препознавам и јас, во иста ситуација дека од тие луѓе се наоѓате и вие.

Од прилика, ситуацијата беше следна: велат мамо, мамо, се извинувам на вулгарноста, меѓутоа велат, дел од гениталиите ми се во менгеме под маса и затоа морам да бидам толку фин. Дефинитивно вие се наоѓате омеѓени во една ваква ситуација, после два дена пауза од мојот говор, и би ве запрашал неколку прашања, доколку ми одговорите јавно пред македонската јавност, особено пред охридската, тогаш би ви поверувал и јас лично во ова што го говорам.

Во моето говорење јас направив јасна дистинкција помеѓу поединци во редовите на ВМРО-ДПМНЕ во Охрид и вас ве броев на онаа страна каде што имавте сосема коректен однос, дури и во делот од пред кампањата, почетокот на кампањата и до вториот и третиот трагичен круг или крај на овие лакрдии, што се случија во Охрид. Меѓутоа, гледам дека за два дена, притиснати под масата, веројатно ви го напишаа говорот и вие како напишан говор моравте денеска да прочитате.

Ако е тоа таа како што потврдивте денеска во ова јавно говорење, објаснете ми зошто воопшто во Охрид имаме трет круг на гласање? И, ако добро ме следевте во моето излагање, генезата на овие немили настани точно се случија во вториот круг. Третиот круг беше чиста рефлексија на она што се случуваше во вториот круг. Кажете ми одговорно зошто во Охрид се случи трет круг? Бидејќи немате храброст и тоа да го кажете, јас ќе ви кажам. Бидејќи во вториот круг отидоа насилници и на член на избирачки одбор му вперија пиштол во слепоочница, го принудија да потпише лажен записник со уфрлени 300-400 ливчиња внатре и само под тие услови добивте 51 глас за Пировата победа што ја славевте на плоштадот, исто со рафални истрели, со пукања, со вина, со ракии со незнам што. Значи, тука настана.

Ние ги обжаливме тие резултати. Ви читам извадоци од општинската комисија што, во своето решение за поништување на изборните резултати од вториот круг децидно имаше кажано дека не постоеја елементарни услови за гласање во вториот круг, особено на овие две спорни избирачки места тоа е хотелот "Магнус" и основното училиште "Братство". Децидно и јасно беше тоа од членови на Општинската изборна комисија. Впрочем, тоа е и еден од елементите што ги принуди тие луѓе, при истото сценарио што го повторивте во третиот изборен круг, чувајќи ја сопствената и честа на судот си поднесоа оставки.

Второ, ве прашувам каде беа нашите луѓе во вториот круг и каде беа тие туристи што, како единствен аргумент ги спомнувате? Каде беа во вториот круг тие активисти и кој во кого имаше вперени пиштоли во слепоочници. Кажете ми еден случај наш активист во вториот круг да се смеша во таа лакрдија што ја направивте во хотелот "Магнус" и основното училиште во Лескаица. Само еден пример наведете ми.

Затоа се враќам на она што го кажав минатиот ден кога говорев во моето опширно излагање на оваа тема. Онаму, каде што вие бевте со свои кандидати, таму беа и проблемите. Ние бевме како коалициони партнери судрени со ситуации да имаме наши кандидати и во Битола и во Прилеп и во Велес. Против кандидати ни беа членови од Вашата коалиција на

Демократската алтернатива. Еве, луѓето се тука, нека кажат дали и еден и мал инцидент настанал меѓу нас и меѓу нив. Меѓутоа, осакатени од изборниот резултат во првиот круг, вие немавте друг избор освен насилието и за жал, тоа го одбравте. За жалост и на Охрид и на целокупната македонска јавност.

Инаку, генезата ако сакате сега да ве потсетуваме на притисоци и неубави работи на избори, за прв пат се случува токму при вашиот избор за кандидат за пратеник. Инаку, на другите места каде што се боревме, меѓу кои бев јас од мнозинската листа, ниту еден единствен инцидент не е случен, освен кршење на една кутија во мојата изборна единица што ја направија вашите активисти, меѓутоа и тоа не помогна да не го добијам мандатот уште во првиот круг. Инаку, знаете дека исто така, со присилни методи, далеку од овие што сега се случуваат, исто во третиот мандат, влеговте во овој Парламент и сте еден од последните пратеници на кого му е верификуван мандатот.

Спомнувате дека опозицијата во Охрид применила Макијавелистички методи и го цитирате Макијавели. Господине Тилев, она што вие го направивте во нашиот град Макијавели е мало дете да ве разбере што направивте. Веројатно, премногу Мајк Камф го имате читано, што е многу и Макијавели е мало детенце за неговите тези. Мора нему да признаете дека е многу поголем филозоф од вие што сега филозофирате што било и како било на теренот.

Ако во денешната расправа г-динот Карангелески отвори малку едно прозорче да влезе светлина во овој парламентарен дом, каде од една независна позиција ги кажа сите релевантни факти за да се добие впечаток за се она што се случи на теренот, ние, навистина, сега овде замижуваме пред фактите и сакаме да правдаме некого, сакаме да обвинуваме некого. Навистина, јас ќе ви верувам, меѓутоа, да оставиме на вашето кажување на ова мое кажување, да оставиме на јавноста во Македонија, пред се граѓаните на Охрид кому повеќе веруваат.

На крајот на краиштата, не е можна логиката откако почнавте да пукате на изборите, а тоа се случи од претседателските избори наваму со ред пукате на се и сешто што ќе ви дојде, само вашите да бидат побрзи револверисти и нашите луѓе да гинат, да гинат децата во Кондово. Ако имаме ронка совест, дајте да се ослободиме од партиските стеги и да донесеме еден валиден заклучок во четвртиот круг да не ни се случува тоа. Затоа што вака, колективно, во "деветиот круг" сите заедно влегуваме. Меѓутоа, вие не сакате да сослушате аргументи. Вие не сакаат да сослушате шестмина ваши колеги кои се тресат и полицајци ги чуваат нивните деца. И тоа не ви се слуша.

Ако така направиме, џабе расправаме, џабе 10 дена губиме. Подобро да не расправаме на оваа тема. На крајот да се разбереме и некои валидни заклучоци да донесеме, да излеземе од овој Парламент сите како победници, а не сите како поразени. Меѓутоа, ако некој ве притиска и ги пишува говорите, не е коректно ниту пред вашите деца кои утре ќе ви кажат - тато, има и поинакви слики, не беше така како што кажувате. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика има г-динот Тилевски.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Би реплицирал на г-динот Илоски. Верувам дека воопшто не ми паѓа на памет да реплицирам со пратеници од партија кои го вклучуваат своето арогантно, со своето арогантно негирање основните институции на системот, сакаат со своето арогантно однесување институциите на системот, придонесуваат за се да негираат она што е придобивка во оваа држава.

Како прво, ја негираат ДИК, судови, обвинителство, на оние работи каде не им одговара тоа, не признаваат тоа, не признаваат порази сето тоа го прават дека тоа било со насилни методи, дека тоа се фалсификати или што не.

Како што реков, во 1998 година јас бев избран пратеник на мнозинската листа во 47 изборна единица во третиот круг. Сигурно сте се запрашале зошто тоа се случи во третиот круг, бидејќи тогаш мојот противкандидат од вашата партија со такви средства, со такво насилство делуваше врз граѓаните на таа изборна единица за тој да добие. Но, судбината, историјата, не можеше никој да ја обрне наназад и така испадна тоа како што се случи. Додека во вашата изборна единица 49 вие добивте во првиот круг. Тоа е точно. Но и таму имаше толку големи неправилности на изборните места во Велме, Елешани и другите места, со какви не средства вие тогаш располагавте, како парични така и со физичка сила, стана тоа што стана. Свесни сте дека вашиот против кандидат се жалеше на сето тоа, но џабе од сето тоа, бидејќи судијата кој беше задолжен за тоа изборно место, не реагираше правилно и адекватно. Имаше до Врховен суд, но тоа ништо не се реши,

бидејќи како што знаеме судовите и судиите беа на ваша страна, како и Врховниот суд.

Кога би кажал за Охрид, едно да ви е јасно, Охрид од страна на вашата партија беше приоритетно место да се добие. И уште вашиот претседател Бранко Црвенковски, во предизборниот митинг, како што напомнав, рече дека Охрид мора по секоја цена да го добиеме. А, на едно предизборно митингување, рече, ако треба ќе паднат и жртви. А, како што кажав и пред целата македонска јавност, тоа беше снимано на телевизија дека за кандидатот на СДСМ и во војна ќе одам за да успеам да добие.

Мене никој не ме принуди. Мене никој не ме присили да кажам тоа што го мислам. Само да знаете дека за кавга се потребни двајца. Но едно да знаете дека во првиот круг заврши гласањето како што беше. Регуларно и немаше никакви проблеми од двете страни. Додека вие во првиот круг добивте 1430 гласа, во вториот круг кога видовте дека се сврти ситуацијата на страната на ВМРО-ДПМНЕ, применивте средства со пресметка и со материјални средства, за да ги придобиете гласачите на избирачкото место. Се случи инцидент што се случи. Виновниците треба над остро и најостро; да се осудат и да се притворат и ако се тие, од која партија се, има за тоа суд, кој треба тоа да го каже. Ниту вие, ниту јас имаме право да го кажеме. Има таму некои обвиненија против непознат сторител. Сеуште не е откриен кој е виновникот на тие немири. Вие посочувате некои граѓани на Охрид, што сепак треба прво да се докаже, па потоа да се обвинува некој човек за тоа што се случило.

Тензијата во вториот круг така се наметна, посебно од ваша страна, што во третиот круг, со сите средства сакавте да успеете во оваа намера. Бевте убедени дека тоа ќе го сторите. Но, треба да знаете едно дека ситуацијата во тие две избирачки места "Магнус" и "Братство" Лескаица, се измени целосно на страната на позицијата. Со легални средства граѓаните увидоа дека кандидатот на нашата партија, на нашата коалиција е адекватен градоначалник за тоа избирачко место.

Се случи што се случи. Само едно да знаете, вие сте тие кои донесовте 200 активисти или симпатизери од другите градови на Македонија. Вие сте тие и вашата партија што го скрнавевте името на Охрид, Охрид кој постојано служел за мирен град, заштитен, под УНЕСКО. Ние не донесовме насилници од другите градови кои парадираа со коли, а исто така и вашиот лидер, г-динот Бранко Црвенковски три дена беше присутен во Охрид, даваше инструкции, одеше по луѓето и придонесуваше да се наелектризира атмосферата.

Да знаете дека во цела Македонија глобално земено уште од самиот почеток нашата партија најотворено, демократски пристапи кон овие избори. Избори како обични комунални избори за градоначалници во општините. Но вие, со вашето однесување уште пред тоа, со тоа "избори сега или никогаш", со референдумското за нови предвремени парламентарни избори направивте таква поларизација кај народот, во градот и во Македонија, што треба да знаете дека кој си игра со оган може понекогаш да си изгори. Тоа е она што сакам да ви го кажам.

Инаку, едно да ви кажам, јас, во никој случај и цело време, додека траеја изборите и во општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ и заедно со ДА бевме сето тоа да се направи на најдобра можна мера и да заврши најдобро. Ако треба да победи опозицијата, нека победи. Ако треба да победи нашиот нека победи. Никогаш не сум сакал и нема да сакам понатаму и не ми треба да се добие градоначалник со такви методи. Меѓутоа, сепак ви кажувам дека ние, посебно во "Магнус" каде настана најголемиот инцидент до 14,00 часот бевме сигурни и верувавме дека нашиот кандидат има освоено предност во гласовите. Дури тогаш кога вие увидовте дека сето тоа е погубно за вас, решивте да го направите планот за да се испровоцираат тие пукотници и да настана општа мешаница. Сметам дека од ваша страна прво се почна со тоа. Сепак, овие денови мислам дека судот, полицијата, обвинителството тоа ќе си го решат на начин како што требат а нема ниту јас, ниту вие тоа да го решиме. Тоа е моето искажување.

Благодарам за филозофските мисли што ми ги дадовте.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика има г-динот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Видете, господине Тилев, по втор пат повторувате дека Бранко Црвенковски на некои собири во Охрид рекол - ова место ќе го добиеме. (Реакции од место) па беше, јас не велам дека не беше, меѓутоа дека неколку пати повторил дека ова место ќе го добиеме и ако паднат жртви ќе одиме во војна.

Сакам да ве потсетам, само јас бев со него и во Лескоец и во Охрид. Комплетната јавност, целокупната јавност и

пола град беше со него во Охрид, кога беше и во Лескоец и во Охрид.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

На главниот митинг во Охрид, претставувајќи го нашиот кандидат рече дека, Рилко е еден од оние луѓе со кои би отишол и на свадба и на војна. Вие ако тоа го сфаќате како вас ви одговара, тоа е ваш проблем. Тоа говори за карактерни особини на човек кој ги поседува нашиот кандидат во Охрид, дека 100% си сигурен во тој човек да го кандидираш за една таква функција во градот. Немојте да му вадите од контекст само еден изречен збор и да правите нешто што не било на теренот.

Второ, да ве потсетам само за една работа. Нашиот кандидат 1998 година вас три пати ве победи на избори и точно е дека мандатот ви беше верификуван на суд.

Второ, ви нудат еден ваков дуел да направиме јас и вие што викате дека и во мојата изборна единица имало неправилности. Ви викав уште денес да се кандидираме јас и вие во која сакате единица во Охрид, со тоа што вие да водите кампања јас да седам во Скопје.

Трето, би сакал да ве запрашам, тоа што ве прашував завчера, чии се овие куршуми во ова возило овде. Чии се. Веројатно вака се пукани кога возеле. Меѓутоа немој да мислите дека партизираната полиција ќе ги заврши работите до крај и немој да замислите ако не ги заврши сега дека ова дело ќе застаре. Ќе го тераме до крај. И она што Карангелески рече, ако не излеземе денеска од овој Парламент со некои заклучоци и со казнување на виновниците, ќе го тераме додека сме живи. Народот во Охрид мора да сфати дека, ќе му ја вратиме сигурноста да живее во тој град, а не дека пиштолџии, револвераши од вториот до третиот и незнам до кој круг ќе ја тераат работата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, вие говорите повикувајќи се на дуели, повикувајте се, излезете надвор, расправајте се. Говорете за она што е предмет на расправа.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Предмет на расправа е пукањето во автомобилот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не сакам да коментирам.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

За што да зборувам сега, да испеам песна овде?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор госпоѓа Илинка Митрева.

Затоа што приоѓаме при крај на работното време процедурални прашања нема.

Има збор господинот Тилески.

**МИТКО ТИЛЕСКИ:**

Јас да дозволам лично, да правам циркус во овој Парламент и на демагогиите на господинот Илоски, би кажал дека народот одлучи 1998 година, изборна единица 47 требаше да добие и да стане пратеник. Народот одлучи, ако требаше господинот мој противкандидат ќе добиеше, не доби и тоа е вистината. За вашиот избор во изборната единица 49 во Дебарце, во таканаречената селска средина има сеуште нереализирани по судовите кривични пријави и други записници, каде што се гледа како стоеше работата и како се гласало. Немојте да ми кажувате, а дека јас и вие ќе сме оделе таму да се прегласувало, такви работи немојте пред јавноста на Македонија да расплачувате со такви сцени. Двобој ќе правиме, незнам што ќе правиме. Тоа што го рекол Бранко Црвенковски го рече пред сите и пред Охрид. Тогаш се створи наелектризирана атмосфера за таа војна и Охрид не смее да падне. Вас Охрид ви беше толку битен, нормално за секоја партија Охрид е битен како град, но ние не сакавме и никогаш нема да сакаме да паднат жртви и крв за еден градоначалник да добие во Охрид. Тоа да ви е јасно, тоа и понатаму ќе биде така. 1998 година знам како беше и како трчавте вие во третиот круг заедно со уште други пратеници што сега седат во Собрание, во населбите каде што имаше прегласување и како тоа го правевте. Но сето тоа јас го заборавив и продолживме понатаму во Парламентот како ништо да не се случило. Немојте да се враќате назад, 1998 година вашиот против кандидат што беше, не сакам да му го споменам името, бидејќи го ценам, бидејќи правел ова и она, ние сме правеле вака. Ние бевме тогаш опозиција и најчесно и најпоштено добивме и немојте со демагогии да ни кажувате сега.

Нема повеќе да се јавам, кој сака друг нека се јави, нема да правам циркус од овој Парламент, да се тресат глупости овде.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Жарко, Илинка е пред вас.

Има збор госпоѓа Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Ви благодарам господине потпретседателе.

Јас се извинувам што како не охриѓанка се мешам во една анимирана дискусија, меѓу двајца охридски пратеници, меѓутоа за право ми даваат две работи.

Прво, и јас имам некое охридско потекло, а второ, сакам да кажувам вистини пред јавноста. Звучи во најмала рака цинично кога господинот Тилевски зборува за пораки од Европската Унија или за пораки до Европската Унија, во контекстот на локалните избори во Охрид. Сакам да го потсетам дека токму во периодот на изборите, вклучувајќи го и денот на гласањето, недела во Охрид се одржуваше конференција под покровителство на Европската Унија. Конференција со наслов, замислете колку експертски колку значаен - усогласување на експертизите за Југоисточна Европа. Додека на едниот крај од Охрид се случуваше оваа конференција...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се извинувам, ве молам колеги за внимание.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Додека на едниот крај се случуваше оваа конференција на која поздрави и господинот Борис Трајковски, а на која беше и господинот Бодо Хомбак незнам дали беа случајни туристи, или чудни туристи, но беа таму. Значи, додека на едната страна од Охрид се случуваше ова на другата страна од Охрид се случуваше изборен хорор. Изборен хорор, во кој што главни протагонисти беа мафијаши и криминалци. Немојте да мислите дека присутните на оваа конференција од Југоисточна Европа, вклучувајќи ги и имињата што ги споменав не беа запознаени со она што таму се случува. Кои се пораките што вие како владеачка партија и како дел од Естаблишментот и ги упатувате на Европската унија. Дека има демократија, дека имаме ред, дека функционираат институции на државата, дека луѓето се почитуваат, дека се избираат кандидати по нивните квалитети, а не поради силата на оние што ги поддржуваат. Ве молам, затоа друг пат кога во говор или во пишан текст ќе се решите да ја споменувате Европската унија прво размислете за ова што се случуваше во Охрид. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јавува Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Јас би сакал да реплицирам на господинот Илоски само во еден сегмент од неговата реплика или дискусија, како да ја наречам, извади една теза, која не е точна и е многу погрешна дека наводно секаде онаму каде што Коалицијата за промени имала кандидат за градоначалник од Демократска алтернатива изборите биле мирни, а секаде каде што бил кандидат за градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ таму било хаос и немир. Притоа, споменувајќи ги градовите Велес и Битола, меѓу другото и Прилеп.

Сакам само на господинот Илоски да му го вратам сеќавањето, можеби незнае, кандидатот од Коалицијата за промени во Прилеп беше од ВМРО-ДПМНЕ. И, таму, апсолутно изборите поминаа во најфер и најдемократски начин. Таа теза што сака да ја пласира господинот Илоски, навистина не држи место. Меѓутоа, ќе му свртам внимание на господинот Илоски, па и на господата од СДСМ. Иако, изборите во Прилеп поминаа нормално во првиот круг, во една страшно фер атмосфера, кандидатот, односно сега градоначалникот во Прилеп, господинот Пиргановски кој е од СДСМ, на денот на конституирањето, поточно на денот кога влегуваше во Собранието да ја прими својата должност, влезе со 50 активисти или рекетари, како сакате наречете ги, така што нашите членови на совет немаа место каде да седнат во салата, дури и не им ослободуваа.

Би го прашал господинот Илоски од кого дотичниот господин се плашеше што носеше толкаво обезбедување, со оглед на тоа што изборите во Прилеп поминаа во најфер атмосфера.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Илоски бара реплика.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас му благодарам на господинот Караџоски вака што ме потсети и се извинувам за тој пропуст што го направив дека и Прилеп беше кандидат од Демократска алтернатива и уште еднаш му благодарам, што и мене и нам на пратеничката група СДСМ, на која ни се обраќаше, а воедно и на целокупната македонска јавност и потврди, онаму каде што имаше фер и демократски избори, се знае кој победи. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во ред, кога се напаѓа некој, нормално е, другата страна да се брани. Во случајов реплика, одговор и како сака може да сфати господинот Илоски. Добро е што господинот Карангелески го пофаливте за неговото излагање дека отвори колку -

толку врата за некоја светлина, која ќе ги отвори сите овие проблеми, но јас неговото излагање го сфатив како личен негов став, може и да ме демантира, можеби и не, тоа е апсолутно негово право. Но, незнам дали е став на политичката партија на ДА.

Она што, незнам пратениците колку ве следеа нафрливте две интересни работи, дека Макиавели е мало дете, што во превод значи, според неговата теорија, "целта ги оправдува средствата". Ако некој практикуваше такви работи по оваа теорија, тоа бевте вие господине Илоски, почнувајќи од 1994, 1996 и 1998 година. Дали треба со име и презиме да ви ги набројувам луѓето од ВМРО -ДПМНЕ, кои ги атакувавте вие, т.е. вашите платеници, рекетари, активисти, како сакате крстете ги. Можеме да полемизираме и околу таа работа. Фала богу, имаме живи сведоци што вие работевте. Главниот протагонист во моментот ви го нема, кој ја наметна праксата на рекетари во Македонија, не седи моментално во клупиве, а кој вие добро го познавате, не би го именувал. Ќе го именувам, секако, доколку биде тука и отворено ќе проговориме кој буквално го воведе практикувањето на рекетари во спроведување на изборите во Република Македонија. Така што, макавелизмот е ваша одлика, која вие сеопфатно ја практикувавте. Од таа работа не можете да избегате, без разлика колку да се правдате со охридскиот случај или со било што друго, што се случувало во минатото и што ќе се случува во иднина. Недај Боже да се случува, но тоа останува во доменот на политичките партии да се договориме во 2002 година такви работи да не се случуваат. Но, за тоа е потребна добра волја и на ВМРО -ДПМНЕ и на СДСМ, како најголеми политички партии во државата.

Едно тешко обвинување кое не може да помине без да се одговори, буквално не обвинивте дека политичката партија ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата за промени се фашисти, со тоа што Мајк Камф ни го припишувате нам, а автор на тоа дело е Адолф Хитлер, водач на националсоцијалистите. Дали господине Илоски во мене гледате фашист или овде во пратениците на ВМРО-ДПМНЕ? Човек, со кого, барем, еднаш дневно пиете заеднички кафе, т.е. со мене.

Мислам, прво, не доликува, затоа што надвор од оваа говорница, надвор од овие клупи разговараме нај другарски, нај пријателски за сите проблеми во државата и она што значи проблем на самиот Парламент. Така што, ве молам во иднина, внимавајте што зборувате.

Обвинувањето дека ВМРО-ДПМНЕ практицира фашизам, апсолутно не држи. Според тоа, барам овде пред македонскиот аудиториум и на пратениците ВМРО-ДПМНЕ јавно да се извините. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа пратеници, со оглед на договорот дека ќе работиме до 18 часот, времето истече и ве молам притиснете едно од копчињата на системот за гласање, за да ја утврдиме присутноста на пратениците во салата.

Со седницата ќе продолжиме утре во 11 часот.

(Реакција на пратениците седницата да започне во 12 часот).

Реков седницата ќе започне во 11 часот, бидејќи налог од претседателот на Собранието е седницата да започне во 11 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,05 часот).